# УНИВЕРЗИТЕТ
# „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
## АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ



**Димитар Лазо Крстески**


# АНАЛИЗА НА СТОПАНСКИТЕ ДВОРОВИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРОСТОРНИТЕ ПРОМЕНИ ВО СЕЛАТА НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА

**Докторски труд**


**Скопје, 2026**

УНИВЕРЗИТЕТ
„СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

Димитар Лазо Крстески

# АНАЛИЗА НА СТОПАНСКИТЕ ДВОРОВИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРОСТОРНИТЕ ПРОМЕНИ ВО СЕЛАТА НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА

Докторски труд

Скопје, 2026

Докторанд:
ДИМИТАР ЛАЗО КРСТЕСКИ

Тема:
АНАЛИЗА НА СТОПАНСКИТЕ ДВОРОВИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРОСТОРНИТЕ ПРОМЕНИ ВО СЕЛАТА НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА

Ментор:
проф. д-р АЛЕКСАНДАР РАДЕВСКИ
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Архитектонски факултет

Комисија за одбрана:
проф. д-р ГОРАН МИЦКОВСКИ (претседател)
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Архитектонски факултет

проф. д-р АЛЕКСАНДАР РАДЕВСКИ (ментор)
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Архитектонски факултет

проф. д-р МИТКО ХАЏИ ПУЉА (член)
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Архитектонски факултет

проф. д-р ЕЛИЗАБЕТА КАСАПОВА (член)
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Архитектонски факултет

проф. д-р ДИМИТАР ПАПАСТЕРЕВСКИ (член)
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Архитектонски факултет

Научна област:
АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ

Датум на одбрана:
21.5.2026 година

Димитар Лазо Крстески

# АНАЛИЗА НА СТОПАНСКИТЕ ДВОРОВИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРОСТОРНИТЕ ПРОМЕНИ ВО СЕЛАТА НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА

## АПСТРАКТ

Овој докторски труд ја истражува трансформацијата на стопанските дворови и нивното влијание врз просторните промени во селата на Скопска Црна Гора. Во трудот стопанскиот двор не се чита како периферен остаток од традиционалното стопанство, туку како клучен морфогенетски елемент преку кој микроскалата на парцелата, куќата и дворната организација се прелева во макроскалата на селската матрица. Во таа смисла, стопанскиот двор е поставен како посредник меѓу домувањето и работата на домаќинството, од една страна, и морфологијата на селото, неговите јадра, уличната мрежа и просторната еволуција, од друга страна.

Истражувањето произлегува од проблемот што руралните просторни промени најчесто се толкуваат преку општи наративи за ширење, напуштање, фрагментација или спонтана градба, без доволно прецизно објаснување на внатрешните просторни правила што ги произведуваат овие процеси. Затоа, во трудот се развива концептот „дворна матрица“ како објаснувачка и аналитичка рамка, односно како систем на повторливи просторни правила што ги опфаќа границите, пристапите, внатрешните патеки, функционалните зони и релациите меѓу куќата и стопанските објекти. Основната хипотеза е дека токму трансформацијата на оваа дворна матрица директно влијае врз морфолошката структура на селото и врз неговата просторна еволуција.

Методолошки, трудот е конципиран како компаративна студија на случај врз селата Кучевиште, Горњане и Бродец. Применета е мултискаларна морфолошко-типолошка анализа, комбинирана со индикаторски пристап што ја операционализира трансформацијата преку морфогенетска секвенца: индикатор → механизам → морфолошки исход. На ниво на стопански двор се следат промените во односот изградено – неизградено, распоредот и статусот на стопанските објекти, начинот на пристап, парцеларната сегментација и односот двор – улица. На ниво на селска матрица се читаат нивните акумулирани ефекти врз континуитетот на ткивото, јакнењето или слабеењето на јадрата и врз модусите на раст.

Во трудот се изведува типологија на стопанските дворови врз основа на нивната просторна организација и се идентификуваат доминантните трансформациски механизми: компресија и згуснување, редукција и пренамена на стопанските објекти, парцеларна сегментација, промени на пристапите и реартикулација на односот двор – улица. За да се обезбеди споредливост меѓу селата, а притоа да не се изгуби нивната специфичност, применет е двоен клуч за читање: „тип на рурална средина“ и „тип на ширење“. Преку оваа рамка, Кучевиште е интерпретирано како полицентрична рурална средина со компактен тип на ширење, Горњане како компактна рурална средина со дифузен тип на ширење, а Бродец како дифузна рурална средина со полицентричен тип на ширење.

Научниот придонес на трудот е троен. На теориско ниво, стопанскиот двор се редефинира како генеративен механизам на руралната морфологија, а „дворната матрица“ се воспоставува како објаснувачки модел за читање на просторните промени. На методолошко ниво, се развива репликативен аналитички протокол што ги поврзува типологијата, индикаторите, механизмите и исходите во дисциплиниран компаративен модел. На емпириско ниво, се нуди компаративна дијагноза на трите села како различни, но споредливи профили на просторна еволуција во рамките на Скопска Црна Гора.

Во завршниот дел резултатите се преведуваат во просторно-планерски импликации, односно основен пакет мерки за трите села, профилирани мерки според специфичниот морфолошки карактер на Кучевиште, Горњане и Бродец, како и минимален сет индикатори за мониторинг на мерките. На тој начин, трудот не останува на ниво на дескрипција, туку воспоставува применлива основа за морфолошки информирано, инфраструктурно рационално и социјално одржливо управување со руралниот развој.

**Клучни зборови:** стопански двор, дворна матрица, рурална морфологија, просторни промени, селска матрица, просторно-планерски мерки, рурален развој

Dimitar Lazo Krsteski

# ANALYSIS OF THE AGRICULTURAL YARDS AND THEIR INFLUENCE ON SPATIAL CHANGES IN THE VILLAGES OF SKOPSKA CRNA GORA

## ABSTRACT

This doctoral dissertation investigates the transformation of agricultural yards and their influence on spatial changes in the villages of Skopska Crna Gora. In the dissertation, the agricultural yard is not read as a peripheral remnant of traditional farming, but as a key morphogenetic element through which the micro-scale of the plot, the house, and the yard organization extends into the macro-scale of the village matrix. In this sense, the agricultural yard is positioned as a mediator between the living and working of the household, on the one hand, and the morphology of the village, its cores, the street network, and spatial evolution, on the other.

The research arises from the problem that rural spatial changes are most often interpreted through general narratives of expansion, abandonment, fragmentation, or spontaneous construction, without a sufficiently precise explanation of the internal spatial rules that produce these processes. Therefore, the dissertation develops the concept of the "yard matrix" as an explanatory and analytical framework, that is, as a system of repetitive spatial rules encompassing boundaries, accesses, internal paths, functional zones, and the relations between the house and the agricultural buildings. The basic hypothesis is that the transformation of this yard matrix directly affects the morphological structure of the village and its spatial evolution.

Methodologically, the dissertation is conceived as a comparative case study of the villages of Kuceviste, Gornjane, and Brodec. A multiscalar morphological-typological analysis is applied, combined with an indicator-based approach that operationalizes transformation through a morphogenetic sequence: indicator → mechanism → morphological outcome. At the level of the agricultural yard, the study follows changes in the built-unbuilt ratio, the arrangement and status of the agricultural buildings, the mode of access, plot segmentation, and the yard-street relationship. At the level of the village matrix, it reads their accumulated effects on the continuity of the fabric, the strengthening or weakening of the cores, and the modes of growth.

The dissertation develops a typology of agricultural yards on the basis of their spatial organization and identifies the dominant transformation mechanisms: compression and densification, reduction and repurposing of agricultural buildings, plot segmentation, changes in access, and rearticulation of the yard-street interface. In order to ensure comparability among the villages without losing their specificity, a dual key is applied: "type of rural environment" and "type of expansion". Through this framework, Kuceviste is interpreted as a polycentric rural environment with a compact type of expansion, Gornjane as a compact rural environment with a diffuse type of expansion, and Brodec as a diffuse rural environment with a polycentric type of expansion.

The scientific contribution of the dissertation is threefold. At the theoretical level, the agricultural yard is redefined as a generative mechanism of rural morphology, and the "yard matrix" is established as an explanatory model for reading spatial changes. At the methodological level, a replicable analytical protocol is developed that connects typology, indicators, mechanisms, and outcomes into a disciplined comparative model. At the empirical level, the dissertation offers a comparative diagnosis of the three villages as different but comparable profiles of spatial evolution within Skopska Crna Gora.

In the concluding part, the results are translated into spatial-planning implications, ie a basic package of measures for the three villages, profiled measures according to the specific morphological character of Kuceviste, Gornjane, and Brodec, as well as a minimal set of indicators for monitoring the measures. In this way, the dissertation does not remain at the level of description, but establishes an applicable basis for morphologically informed, infrastructurally rational, and socially sustainable management of rural development.

**Key words:** agricultural yard, yard matrix, rural morphology, spatial changes, village matrix, spatial-planning measures, rural development.

**БЛАГОДАРНОСТ**

Најпрво, би сакал да му изразам голема благодарност на мојот ментор проф. д-р Александар Радевски за неговата несебична поддршка и разбирање при изработката на овој труд. Неговите професионални и пријателски совети ми помогнаа подобро да ја разберам проблематиката што ја истражував и да го изработам докторскиот труд на посакуваното ниво.

Потоа им благодарам на сите професори и асистенти на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, за соработката и меѓусебната помош за целиот период на докторските студии.

И на крај, најголема благодарност им изразувам на мојата сопруга Тања и на сите роднини и пријатели што беа вклучени во целиот процес и кои со своето разбирање и мотивација придонесоа за успешното завршување на докторскиот труд.

Неизмерно сум му благодарен на нашиот Господ Исус Христос што ме благослови со добро здравје и смирение и што ме водеше цело време низ процесот додека го создавав ова дело.

„Изјавувам дека докторскиот труд го изработив самостојно, дека уредно ги цитирам сите користени извори и литература и дека трудот не е користен во рамките на други универзитетски студии или за стекнување друго звање.“

„Изјавувам дека електронската верзија на докторскиот труд е идентична со отпечатениот докторски труд.“

Потпис на докторандот:
Димитар Лазо Крстески, с.р.

**СОДРЖИНА**


ВОВЕД ........ 10

1. ПРЕГЛЕД НА НАУЧНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ЗА РУРАЛНАТА АРХИТЕКТУРА – МАКЕДОНСКИ И КОМПАРАТИВЕН КОНТЕКСТ ........ 21

1.1. Македонски истражувачки корпус ........ 21

1.1.1. Истражувања за руралната архитектура во Македонија во периодот 1945 – 1991 година (СФР Југославија) ........ 22

1.1.2. Истражувања за руралната архитектура во Македонија во периодот 1991 – 2026 година (постсоцијалистички период) ........ 27

1.2. Компаративни истражувања за руралната архитектура во некои од земјите на поранешната држава СФР Југославија ........ 29

1.2.1. Србија ........ 29

1.2.2. Словенија ........ 35

1.3. Компаративни истражувања за руралната архитектура во некои од европските земји ........ 36

1.3.1. Рурална морфологија и аграрна структура ........ 36

1.3.2. Стопанскиот двор како носител на трансформација ........ 39

1.3.3. Пејзажна промена и историска слоевитост ........ 40

1.4. Синтеза на клучните аналитички линии од литературата ........ 42

1.4.1. Од селската куќа кон стопанскиот двор ........ 42

1.4.2. Од документација кон типологија ........ 43

1.4.3. Од парцела кон селска матрица ........ 44

1.4.4. Од наследена форма кон трансформација и развој ........ 44

1.5. Идентификување на научни празнини и позиционирање на истражувањето ........ 46

1.5.1. Недостиг од современа емпириска база за стопанските дворови ........ 46

1.5.2. Недостиг од системска морфолошко-типолошка операционализација ........ 46

1.5.3. Недостиг од модел што ја поврзува парцелата со селската матрица ........ 47

1.5.4. Недостиг од превод на анализата во просторно-планерски мерки ........ 47

1.5.5. Позиционирање на истражувањето ........ 47

2. ТЕОРЕТСКО-МЕТОДОЛОШКА РАМКА ........ 49

2.1. Стопанскиот двор како аналитичка единица ........ 49

2.2. Дворната матрица како објаснувачка рамка ........ 55

2.3. Типологијата како аналитички јазик ........ 58

2.4. Рурална морфологија ........ 61

2.5. Истражувачки дизајн: компаративна студија на случај ........ 64

2.6. Методолошки протокол ........ 69

2.6.1. Единици на анализа ........ 70

2.6.2. Матрица на читање ........ 70

2.6.3. Извори на податоци ........ 71

2.6.4. Аналитички постапки: од стопански двор кон селска матрица ........ 72

2.6.5. Дополнителен документарен и нормативно-плански корпус во истражувањето ........ 73

2.7. Операционализација на главната хипотеза ... 74
2.7.1. Дефинирање на клучните поими ... 74
2.7.2. Морфогенетска секвенца ... 75
2.7.3. Индикатори за трансформација на стопанските дворови ... 75
2.7.4. Двоен клуч на просторни промени ... 76
2.8. Валидација, ограничувања и преносливост на пристапот ... 77
3. ТИПОЛОГИЈА НА СТОПАНСКИТЕ ДВОРОВИ И НИВНА ТРАНСФОРМАЦИЈА ... 79
3.1. Природногеографски карактеристики на Скопска Црна Гора ... 80
3.2. Општ опис за селата на Скопска Црна Гора ... 83
3.3. Критериуми за избор на студиите на случај ... 86
3.4. Кучевиште ... 88
3.4.1. Историја и развој на селото ... 90
3.4.2. Морфолошка структура на селото ... 91
3.4.3. Анализа на селото според факторите на одржливост ... 91
3.4.4. Типологија на стопанските дворови ... 109
3.5. Горњане ... 116
3.5.1. Историја и развој на селото ... 118
3.5.2. Морфолошка структура на селото ... 118
3.5.3. Анализа на селото според факторите на одржливост ... 119
3.5.4. Типологија на стопанските дворови ... 131
3.6. Бродец ... 136
3.6.1. Историја и развој на селото ... 138
3.6.2. Морфолошка структура на селото ... 138
3.6.3. Анализа на селото според факторите на одржливост ... 139
3.6.4. Типологија на стопанските дворови ... 151
3.7. Компаративна типолошка синтеза на стопанските дворови и модели на трансформација ... 156
4. ВЛИЈАНИЈАТА НА СТОПАНСКИТЕ ДВОРОВИ ВРЗ ПРОСТОРНИТЕ ПРОМЕНИ ВО СЕЛАТА ... 158
4.1. Стопанскиот двор како клучен морфогенетски елемент на селската матрица ... 158
4.2. Дворната матрица како објаснувачка рамка и аналитички јазик ... 159
4.3. Трансформациски механизми и морфогенетска секвенца ... 160
4.4. Кучевиште ... 164
4.4.1. Тип на рурална средина: полицентрична ... 165
4.4.2. Тип на урбано ширење: компактно ... 165
4.4.3. Доминантни трансформациски механизми и просторни исходи ... 166
4.5. Горњане ... 169
4.5.1. Тип на рурална средина: компактна ... 170
4.5.2. Тип на урбано ширење: дифузно ... 170
4.5.3. Доминантни трансформациски механизми и просторни исходи ... 171
4.6. Бродец ... 174
4.6.1. Тип на рурална средина: дифузна ... 175

4.6.2. Тип на урбано ширење: полицентрично ... 175
4.6.3. Доминантни трансформациски механизми и просторни исходи ... 176
4.7. Компаративна синтеза на профилите на просторна еволуција ... 179
5. ДИСКУСИЈА ... 181
5.1. Дискусија на резултатите – од индикатор до просторна еволуција ... 181
5.2. Поширок просторен контекст на студиите на случај ... 182
5.3. Концептот „дворна матрица“ како објаснувачка рамка ... 183
5.4. Двојниот клуч како инструмент за споредливост ... 183
5.5. Научни придонеси ... 184
5.6. Услови на важност и граници на генерализација ... 185
5.7. Трансферибилност – од сличност на форми кон сличност на правила ... 186
5.8. Премин кон импликации – од анализа кон мерки ... 186
6. ПРОСТОРНО-ПЛАНЕРСКИ ИМПЛИКАЦИИ И МЕРКИ ... 188
6.1. Основен пакет мерки за трите села ... 188
6.1.1. Стабилност на парцелите преку контрола на фрагментација и пристапи ... 189
6.1.2. Односот двор – улица како посредник меѓу приватното и колективното ... 189
6.1.3. Згуснување и адаптивна повторна употреба како примарна стратегија ... 190
6.1.4. Граница на раст и морфолошко насочување на експанзијата ... 190
6.2. Кучевиште (полицентрична рурална средина со компактно ширење) ... 191
6.2.1. Микројадра како точки на проект ... 191
6.2.2. Контролирана компресија и зачувување на дворната логика ... 191
6.3. Горњане (компактна рурална средина со дифузно ширење) ... 192
6.3.1. Насочување на развојот кон внатрешна консолидација ... 192
6.3.2. Парцеларна дисциплина на раб ... 192
6.4. Бродец (дифузна рурална средина со полицентрично ширење) ... 193
6.4.1. Кластери како легитимен модел на раст ... 193
6.4.2. Пренамени што ја задржуваат дворната логика ... 193
6.5. Мониторинг на мерките ... 194
ЗАКЛУЧОК ... 195
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ... 199

## ВОВЕД

Обемот на архитектонско-урбанистичките истражувања за македонските села е значително помал во споредба со истражувањата за македонските градови. Ваквата диспропорција е условена од повисокиот урбанистички потенцијал и од поинтензивните процеси на урбана трансформација во градските подрачја, за разлика од руралните средини, коишто немаат доволно економски можности да го следат таквиот архитектонско-урбанистички развој.

### Актуелност на темата

Во македонската архитектонско-урбанистичка традиција вниманието долго време било доминантно насочено кон градот, додека селото останувало во втор план, почесто третирано како наследена средина отколку како активен просторен систем којшто и денес се менува. Токму затоа актуелноста на оваа тема не произлегува од ретроспективен интерес за старата рурална архитектура, туку од потребата современите рурални трансформации да се прочитаат со истата аналитичка прецизност со која обично се читаат и урбаните промени. Во современи услови, селата не се статични и затворени целини, туку претставуваат динамични простори изложени на демографски, економски и просторни притисоци што директно се впишуваат во морфолошката матрица на селската населба, во организацијата на домаќинството и во односот меѓу селото и неговиот атар.

Овој проблем е особено видлив во македонски контекст. Индустријализацијата и силната ориентација кон архитектонско-урбанистичкиот развој на градовите по Втората светска војна, особено во периодот 1945 – 1991 година (СФР Југославија), придонеле за стагнација и за постепена девастација на дел од руралните средини, а континуираната миграција од селата кон градовите, недоволното инвестирање во инфраструктурата и ограниченото осовременување на локалното стопанство дополнително ја продлабочиле разликата меѓу урбаните и руралните подрачја. Но денешната состојба не може повеќе да се објаснува само преку општите категории на опаѓање или напуштање. Таа бара попрецизно читање на начините на кои промените во домаќинството, производството и секојдневната просторна практика постепено ја реорганизираат самата форма на селото.

Современата европска научна дебата дополнително ја потврдува важноста на ваквиот пристап. Поновите истражувања за руралните промени во Европа покажуваат дека прашањата на континуитет, трансформација, двигатели на промена и регионални разлики денес се централни, а не периферни теми во читањето на руралниот простор. Истовремено, руралните средини во Европа се препознаваат како средини со силна историска наслоеност и сложени транзиции, што значи дека нивното толкување не може да остане на ниво на едноставен опис на форми, туку мора да ги поврзе историските слоеви, просторните правила и современите преобразби. Во таа смисла, селото денес не треба да се разбира како остаток надвор од современоста, туку како еден од нејзините најчувствителни простори.

За селата на Скопска Црна Гора ова прашање добива уште појасна тежина. Нивните просторни промени не се резултат само на локална еволуција на поединечната парцела на стопанскиот двор, туку и на поширокото гравитациско поле на градот Скопје, на инфраструктурната достапност, на регионалната положба и на селективното привлекување или празнење на одделни активности. Со други зборови, руралноста на овие села не може да се чита изолирано од градот Скопје, туку како состојба што

постојано се преговара меѓу наследената рурална организација и новите системи на мобилност, домување и користење на земјиштето. Токму во овој пресек меѓу локалното и регионалното, Скопска Црна Гора претставува особено релевантна истражувачка лабораторија. Во таков контекст, стопанскиот двор се издвојува како најпрецизна влезна точка за читање на руралната трансформација. Тој не е само придружен простор околу куќата, ниту само наследен артефакт од аграрното минато. Напротив, стопанскиот двор во просторната организација е истовремено архитектонски и урбанистички проблем. Архитектонски, затоа што ја организира релацијата меѓу куќата, стопанските објекти, дворот, патеките и секојдневните практики на домување и работа. Урбанистички, затоа што токму преку него се оформуваат селската текстура, границите меѓу јавното и приватното, улиците и јадрата. Кога се менува стопанскиот двор, не се менува само една парцела, туку се менува и пошироката просторна логика на селото.

Тука се наоѓа и суштинската актуелност на темата. Просторните промени во селата најчесто се именуваат преку општи поими, како што се ширење, деаграризација, фрагментација или напуштање, но таквите поими сами по себе не објаснуваат како промената навистина се случува. Во ова истражување појдовната претпоставка е дека токму преку трансформацијата на стопанскиот двор (доградба, пренамена, редукција на економските содржини, изменет однос меѓу изградено – неизградено и променет однос двор – улица) стануваат видливи механизмите преку кои селската матрица се реорганизира (згуснува, периферизира или распрснува). Оттука, стопанскиот двор не е само еден елемент во селото, туку чувствителен морфогенетски посредник преку кој макропромените добиваат материјална форма. Дополнителна причина за актуелноста на темата е и состојбата на самата истражувачка област. Македонската научна традиција обезбедила значајна документациска и типолошка база за селската куќа и за руралната архитектура, а за Скопска Црна Гора постојат вредни описи и снимки на традиционалните стопански дворови. Сепак, во постсоцијалистичкиот период настанува јасен дисконтинуитет во систематските истражувања и недостиг од современа емпириска база преку која би можеле дисциплинирано да се следат тековните преобразби. Токму поради тоа, денес е неопходно повторно теренско снимање, аналитичко моделирање и компаративно читање на промените, за да стане видливо не само што исчезнува од традиционалниот модел туку и што ново се воспоставува како правило во современиот рурален простор.

Може да се каже дека актуелноста на оваа дисертација е двојна. Од една страна, таа е научна, затоа што се обидува да ја помести анализата од општ опис на руралната промена кон објаснување на нејзините внатрешни просторни механизми. Од друга страна, таа е и практична, затоа што без такво читање е невозможно да се развијат прецизни архитектонско-урбанистички и просторно-планерски насоки за селата што денес се наоѓаат меѓу наследената аграрна логика и новите облици на рурален живот. Во таа смисла, стопанскиот двор овде не се појавува како споредна тема во руралната архитектура, туку како многу важен елемент преку кој може да се разберат минатото, сегашноста и можните идни насоки на просторната еволуција на селата во Скопска Црна Гора.

## Истражувачки проблем и научна празнина

Прегледот на досегашните истражувања покажува дека во македонската научна традиција постои значајна документациска и типолошка база за селската куќа и за руралната архитектура воопшто. Теренските снимања, етнолошките описи и историските прегледи создаваат стабилна референтна рамка за традиционалниот модел

на селското домување. Но таа рамка е нерамномерна бидејќи најголемиот дел од истражувањата остануваат фокусирани на селската куќа како основна единица, додека стопанскиот двор најчесто се појавува како придружен опис, ситуациски прилог или дел од амбиентот, а не како посебен аналитички предмет. Постсоцијалистичкиот период дополнително ја продлабочува оваа состојба, затоа што континуитетот на систематските теренски истражувања е ослабен токму во времето кога руралните средини влегуваат во нов циклус на трансформации. Од сето ова може да се забележи дека постојат неколку значајни научни празнини.

Првата и суштинска научна празнина е тоа дека во македонскиот контекст недостига јасно разработена архитектонско-урбанистичка анализа на стопанскиот двор како автономна просторна единица со сопствени организациски правила. Иако стопанскиот двор во традиционалната рурална средина очигледно ги обединува домувањето, работата, движењето, границите и односот кон улицата, тој ретко е третиран како носител на просторна логика. Наместо тоа, најчесто е подреден на куќата или се чита исклучиво како остаток од аграрната програма. На тој начин останува недоразвиено токму она ниво на анализа што е клучно за ова истражување, односно стопанскиот двор како место каде што се формираат внатрешната организација на парцелата и релацијата меѓу приватното и колективното, но и селската текстура во поширока смисла.

Втората празнина се однесува на самиот карактер на досегашните толкувања на руралните промени. Промените во селата најчесто се опишуваат преку општи категории, како што се депопулација, стагнација, напуштање, ширење, фрагментација или спонтана градба. Таквите описи се важни, но не се доволни. Тие најчесто регистрираат што се случува, но не покажуваат преку кои внатрешни просторни правила настануваат тие промени. Во таа смисла, недостига објаснувачки модел што ќе ја поврзе трансформацијата на стопанскиот двор со пошироките морфолошки исходи на ниво на село. Не е доволно само да се констатира дека селото се згуснува, се периферизира или се распрснува, туку е потребно да се покаже преку кои промени на парцелата, функционалното зонирање, пристапите, границите и односот двор – улица овие процеси стануваат просторна реалност. Токму тука се отвора просторот за истражување на оваа дисертација.

Третата празнина е методолошка. Во домашниот научноистражувачки корпус недостига репликативен аналитички пристап што ќе овозможи стопанските дворови да не се третираат само како збир од поединечни случаи, туку како споредливи просторни типови и трансформациски профили. Постојат корисни документации и описни класификации, а компаративните истражувања од поширокиот југословенски и европски контекст покажуваат дека стопанските дворови можат да се анализираат преку функционални зони, морфолошки варијанти, однос кон теренот и логиката на организација. Но во македонски услови недостига систем во кој типологијата нема да биде само каталог на форми, туку аналитичка алатка преку која ќе може да се читаат подлабоките морфолошки логики на селската трансформација. Со други зборови, недостига јазик што ќе овозможи стопанскиот двор да се споредува, а не само да се опишува.

Токму во тој јаз од неколку значајни научни празнини се позиционира ова истражување. Неговиот истражувачки проблем не е само да утврди какви стопански дворови постојат во селата на Скопска Црна Гора, туку да објасни како нивните трансформации се прелеваат во пошироки морфолошки промени на селото. Тоа значи дека клучното прашање не гласи само како е организиран стопанскиот двор, туку како

неговата организација (редукција, пренамена, сегментација или реконфигурација) влијае врз селската матрица (јадрата, уличната мрежа и модусите на ширење). На тој начин, проблемот на истражувањето се поставува како премин од опис на руралната промена кон објаснување на нејзините генеративни механизми. Стопанскиот двор овде не е третиран како спореден рурален елемент, туку како главен извор преку кој селото може да се чита како динамичен морфолошки систем. Основната насока на оваа дисертација е да развие рамка во која стопанскиот двор ќе се анализира како морфогенетски посредник меѓу микроскалата на парцелата и макроскалата на селото, односно како единица преку која ќе можат дисциплинирано да се читаат и да се споредуваат просторните промени во различни рурални контексти.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување во овој докторски труд не е селото во општа смисла, ниту селската куќа сфатена како издвоен објект, туку стопанскиот двор и неговите трансформации како просторна единица преку која најјасно се чита односот меѓу домувањето, работата и морфолошката структура на руралната средина. Во рамките на ова истражување, стопанскиот двор се разбира како сложена организациска целина што ја обединува куќата за домување, стопанските објекти, дворниот простор, пристапите, внатрешните патеки, границите и начините на нивната секојдневна употреба. Неговата важност не е само функционална, туку е и морфолошка, односно преку стопанскиот двор селото ја артикулира релацијата меѓу приватното и колективното, меѓу домувањето и работата, меѓу парцелата и пошироката селска матрица. Во таа смисла, трудот не го третира стопанскиот двор како спореден остаток на традиционалното стопанство, туку како клучен посредник меѓу микроскалата и макроскалата на руралниот простор. На микроскалата, тој ја организира внатрешната логика на парцелата (положбата на куќата, распоредот на стопанските објекти, односот меѓу изградено и неизградено и начинот на пристап и движење). На макроскалата, неговата трансформација се прелева во пошироки морфолошки последици (згуснување или распуштање на ткивото, јакнење или слабеење на јадрата, стабилизација или нарушување на уличниот фронт и промена на модусите на ширење на селото). Токму преку ова посредување се отвора и централната поимна алатка на трудот „дворната матрица“, која претставува систем на повторливи просторни правила преку кои стопанскиот двор ја структурира руралната целина.

Вака поставениот предмет на истражување се надоврзува и на пошироко архитектонско читање на просторот како однос меѓу дел и целина. Како што во урбаната морфологија градот не се разбира како хомоген тоталитет, туку како склоп од различни и релациски поврзани фрагменти, така и селото овде не се чита како недиференцирана рурална маса, туку како структурна композиција од стопански дворови, улична мрежа, јадра и преодни простори. Овој пристап е важен затоа што овозможува стопанскиот двор да се анализира во неговиот реален контекст, односно како дел што ја објаснува целината што содржи сопствена организациска логика.

Просторниот опфат на истражувањето е Скопска Црна Гора. Изборот на ова подрачје не произлегува само од неговата локална препознатливост, туку и од фактот што станува збор за регион каде што се вкрстуваат различни рурални траектории. Тие траектории претставуваат историски наслоени селски структури, различни природногеографски зададености, променети стопански услови и влијанија од пошироко гравитациско поле на Скопје. Поради тоа, Скопска Црна Гора претставува особено погодна истражувачка рамка за следење на тоа како руралните промени се случуваат не само како локална еволуција на една парцела туку и како дел од пошироки регионални притисоци и

просторни релации. Во рамките на овој просторен опфат емпирискиот фокус е насочен кон трите студии на случај коишто не се избрани како случаен збир на села, туку како аналитички профили што овозможуваат да се испита истиот истражувачки модел во различни, но споредливи морфолошки и развојни контексти. Со нивното вклучување, трудот создава можност да ја следи варијабилноста на трансформациите во стопанските дворови, но и да утврди дали преку различни локални состојби може да се препознаат повторливи механизми и профили на просторна еволуција. Токму затоа, овие три села претставуваат јадро на компаративниот дел од истражувањето.

Аналитичкиот фокус на трудот е мултискаларен. Првото ниво е самиот стопански двор каде што се читаат неговата структура, функционална организација, типолошки состав и трансформациски траги. Второто ниво е парцелата, како рамка во која се артикулира односот меѓу куќата, стопанските објекти и отворениот простор. Третото ниво е односот двор – улица, каде што стануваат видливи релациите меѓу приватното и колективното, пристапите и јавниот фронт на селото. Четвртото ниво е селската матрица, односно поширокиот морфолошки склоп составен од ткиво, јадра и улична мрежа. Со тоа, предметот на истражувањето се движи од внатрешната организација на стопанскиот двор кон неговите акумулирани последици врз морфологијата на селото. Во таа рамка, аналитичкиот фокус не е насочен кон општ дескриптивен опис на селата, ниту, пак, кон демографска или економска анализа сама за себе. Овие димензии се земаат предвид само таму каде што помагаат да се објасни просторната промена. Примарниот интерес на трудот останува архитектонско-урбанистички, односно како се преобразува организацијата на стопанските дворови, кои механизми ја водат таа трансформација и како тие механизми се пренесуваат во пошироката селска морфологија. На тој начин, предметот на истражувањето не е само затекната состојба, туку и самиот процес на премин од една просторна логика кон друга.

Па така, предметот на овој докторски труд може прецизно да се дефинира како анализа на стопанскиот двор и неговата трансформација како морфогенетски посредник меѓу парцелата и селото, со компаративен фокус кон три села на Скопска Црна Гора и со аналитички интерес насочен кон релацијата парцела – улица – селска матрица. Со ова, истражувањето ја поставува својата основна рамка што треба да покаже дека руралната промена не може доволно убедливо да се објасни ако стопанскиот двор се третира како споредна категорија, туку само ако се чита како структурен носител на просторната еволуција на селото.

**Цели на истражувањето**

Општата цел на докторскиот труд е да развие објаснувачки и репликативен аналитички модел преку кој ќе се покаже како трансформацијата на стопанските дворови влијае врз просторната еволуција на селата во Скопска Црна Гора. Тоа значи дека трудот има задача да ја помести анализата од ниво на постојна состојба кон ниво на генеративна логика, односно не само да покаже какви дворови постојат и како изгледаат туку и да објасни преку кои просторни правила и трансформациски механизми тие учествуваат во создавањето на пошироката селска матрица. Во таа смисла, клучна намера на истражувањето е стопанскиот двор да се утврди како аналитички автономна, но морфолошки посредувачка единица, способна да ја поврзе микроскалата на парцелата со макроскалата на селото.

Поконкретно, трудот има неколку меѓусебно зависни задачи:

- да се дефинира поимот „дворна матрица“ како систем на повторливи просторни правила преку кои се организираат куќата, стопанските објекти, отворениот простор, пристапите и движењето во парцелата;
- да се изведе типологија на стопанските дворови, но не како каталог на форми, туку како аналитичка систематизација на организациски модели;
- да се идентификуваат доминантните трансформациски механизми (компресија, згуснување, редукција, пренамена, парцеларна сегментација и реартикулација на односот двор – улица) и да се покаже како тие се акумулираат во пошироки морфолошки исходи;
- да се операционализираат механизмите преку јасен индикаторски сет за анализата да не остане на ниво на опис, туку да премине во дисциплиниран доказен модел;
- да се воспостави споредливоста меѓу селата преку двојниот клуч „тип на рурална средина“ и „тип на ширење“;
- да се изведат применливи просторно-планерски импликации и мерки што произлегуваат од наодите.

## Хипотеза и истражувачки прашања

Истражувањето се заснова врз главната хипотеза дека стопанскиот двор претставува клучен морфогенетски елемент на руралната средина и дека неговата трансформација директно влијае врз морфолошката структура на селото и врз неговата просторна еволуција. Со други зборови, промените во организацијата на стопанскиот двор не остануваат затворени во рамките на една парцела. Кога се менува односот изградено – неизградено, положбата и функцијата на стопанските објекти, пристапите, границите и односот двор – улица, тие промени постепено се прелеваат во пошироката селска структура. Така се создаваат конкретни морфолошки исходи, како што се згуснување или периферизација, стабилизирање или распуштање на ткивото, јакнење или слабеење на микројадрата и различни модуси на ширење на селото. Хипотезата не тврди само дека стопанскиот двор е важен дел од руралниот простор, туку дека токму преку него руралната промена станува морфолошки читлива.

Работната претпоставка што ја конкретизира оваа хипотеза е дека меѓу микропромената и макроисходот може да се воспостави јасна морфогенетска секвенца:

**индикатор → механизам → морфолошки исход**

Трансформацијата на стопанскиот двор не се третира како случаен или исклучиво локален процес, туку како појава што може систематски да се следи и да се споредува. Разликите меѓу селата не ја укинуваат оваа хипотеза, туку, напротив, тие ѝ даваат аналитичка сила, затоа што покажуваат дека истиот истражувачки апарат може да открие различни профили на просторна еволуција зависно од морфолошкиот контекст на селото. Токму затоа, хипотезата не е поставена како универзална формула за сите рурални средини, туку како проверлива рамка за разбирање на односот меѓу дворната трансформација и селската матрица.

Во согласност со хипотезата, трудот се води од следниве истражувачки прашања:

1. Кои просторни правила ја сочинуваат „дворната матрица“ и како тие правила ја дефинираат типологијата на стопанските дворови во селата на Скопска Црна Гора?

2. Кои трансформациски механизми се доминантни во стопанските дворови и како тие се манифестираат на ниво на парцела преку организација на објектите, пристапите и односот двор – улица?
3. На кој начин микротрансформациите на стопанскиот двор се акумулираат во макропромени на селската матрица, особено во однос на континуитетот на ткивото, организацијата на јадрата и модусите на ширење?
4. Како трите студии на случај можат да се читаат и да се споредуваат преку двојниот клуч „тип на рурална средина“ и „тип на ширење“?
5. Кои индикатори овозможуваат репликативно следење на трансформацијата и проверка на морфогенетската секвенца: индикатор → механизам → морфолошки исход?
6. Какви просторно-планерски мерки можат да се изведат од оваа анализа за да се насочат руралните трансформации кон морфолошки читливи, инфраструктурно рационални и социјално одржливи исходи?

Вака поставените истражувачки прашања се насочени кон основните амбиции на дисертацијата: да ја објасни руралната промена преку стопанскиот двор, да изгради јасна логика на споредливост меѓу различни села и да воспостави премин од морфолошка анализа кон применливо знаење. На тој начин е формирана истражувачката оска околу која понатаму логично ќе се развиваат теориската рамка, методолошкиот апарат, емпириската анализа и планерските импликации на трудот.

**Методологија на истражувањето**

По дефинирањето на проблемот, предметот, целите и хипотезата, следниот неопходен чекор е јасно да се постави методолошката логика на истражувањето. Во оваа дисертација методологијата не се разбира како технички прилог одвоен од истражувачката теза, туку како мост меѓу теориската поставка и емпириската проверка. Нејзината основна задача е да обезбеди конзистентно читање на стопанскиот двор како морфогенетски елемент, споредливост меѓу избраните села и јасен доказен пат од микроскалата на парцелата до макроскалата на селската матрица.

Во таа смисла, истражувањето е поставено како компаративна студија на случај врз три села на Скопска Црна Гора. Изборот на овој пристап овозможува истиот аналитички апарат да се тестира во различни морфолошки и развојни контексти, без да се изгуби специфичноста на секое село. Со тоа трудот избегнува две чести слабости на руралните анализи:

- прво, редукција на трансформацијата на општи наративи, како што се ширење, опаѓање или напуштање без внатрешна просторна логика и
- второ, премин од опис кон заклучок без експлицитно покажан механизам на промена.

Методолошката ориентација е мултискаларна и триангулациска. Мултискаларноста значи дека стопанскиот двор не се чита како изолирана архитектонска сцена, туку како организациски систем што ја структурира парцелата, го обликува односот двор – улица и посредува кон пошироката селска матрица. Триангулацијата од друга страна подразбира дека заклучоците не се темелат врз единечен извор, туку врз конвергенција на различни видови податоци, како што се теренска документација, дијахрони траги, визуелни и картографски извори и информативни разговори со локални актери. На тој начин се обезбедува поголема аналитичка сигурност и се намалува ризикот од случајна или недоволно потврдена интерпретација.

Клучната операција на истражувањето е операционализацијата на основните поими. Концептот „дворна матрица“ овде не останува на ниво на општ опис, туку се преведува во аналитички јазик составен од јасно воочливи и споредливи индикатори. Тие се распоредени во неколку меѓусебно поврзани групи:

- просторни индикатори – го следат односот изградено – неизградено, бројот и положбата на стопанските објекти и промените на пристапите;
- функционални индикатори – ја читаат редукцијата, интеграцијата или пренамената на стопанските објекти и функционалните зони;
- релациски индикатори – го следат односот двор – улица, поврзаноста со јадрото и појавата на микројадра;
- хронолошки индикатори – ги препознаваат фазите на градењето, периодите на напуштање и хибридните состојби на просторот.

Токму преку оваа операционализација се воспоставува централната морфогенетска секвенца на трудот: индикатор → механизам → морфолошки исход. Тоа значи дека ниту една просторна промена не се третира само како затекната појава. Напротив, секој релевантен индикатор на ниво на стопански двор треба да биде поврзан со конкретен трансформациски механизам, а потоа и со читлив морфолошки исход на ниво на село. На овој начин анализата се дисциплинира, па така наместо да се тврди дека селото едноставно се згуснува, се периферизира или се фрагментира, трудот покажува преку кои промени на организацијата на стопанските дворови тие процеси навистина се случуваат.

Компаративната валидност се обезбедува преку унифицирана матрица на читање на трите студии на случај и преку двојниот клуч за класификација:

- „тип на рурална средина“ (морфолошка состојба) и
- „тип на ширење“ (модус на современа трансформација).

Методолошката ориентација на овој докторски труд може да се сумира како обид да се воспостави репликативен аналитички протокол што ги поврзува единиците на анализа, индикаторите, механизмите и морфолошките исходи во еден јасен и проверлив систем. Таа, од една страна, треба да обезбеди научна строгост во читањето на руралната трансформација, а од друга страна, да овозможи резултатите од анализата подоцна да се преведат во применливи просторно-планерски импликации. Може да се каже дека методологијата не е само средство за опис, туку инструмент за објаснување, споредување и насочување на просторната еволуција на селата во Скопска Црна Гора.

**Научен придонес и применлива вредност**

Научната оправданост на овој докторскиот труд не произлегува само од тоа што обработува тема којашто е недоволно систематизирана во домашната архитектонско-урбанистичка литература, туку, пред сè, од тоа што ја менува самата точка на влез во читањето на руралната трансформација. Наместо селото да се опишува преку општи категории, како што се депопулација, стагнација или фрагментација, трудот го поставува стопанскиот двор како примарна аналитичка единица преку која стануваат видливи внатрешните механизми на просторната промена. Во таа смисла, дисертацијата не додава само нов емпириски материјал, туку предлага и нов начин на објаснување на руралната морфологија во кој микропромените на парцелата се поврзуваат со макроисходите на селската матрица.

Научниот придонес на трудот се артикулира на три нивоа:

1. Теорискиот придонес се состои во редефинирањето на стопанскиот двор од придружен елемент на традиционалната селска куќа во генеративен механизам на морфологијата на селото. Со воведувањето на поимот „дворна матрица", трудот воспоставува објаснувачка рамка што овозможува руралниот простор да се чита преку систем на правила, а не само преку каталог на форми. На тој начин, односите меѓу куќата, стопанските објекти, пристапите, внатрешните патеки и отворениот простор се разбираат како активна структура што посредува меѓу домувањето, работата и колективната просторна организација на селото. Вредноста на овој придонес е во тоа што руралната морфологија станува концептуално појасна и аналитички подисциплинирана, па така, наместо да се опишуваат само последиците, се именуваат правилата што ги произведуваат тие последици;
2. Методолошкиот придонес се состои во развојот на репликативен аналитички протокол што ги поврзува типологијата, индикаторите, трансформациските механизми и морфолошките исходи во еден споредлив систем. Трудот не останува на нивото на описна типологизација, туку ја операционализира главната хипотеза преку морфогенетска секвенца: индикатор → механизам → морфолошки исход. Со тоа, трансформацијата на стопанските дворови се прави видлива, споредлива и проверлива. Дополнително, двојниот клуч „тип на рурална средина" и „тип на ширење" овозможува компаративната анализа да не ја губи својата локалната специфичност и не дозволува селата да се третираат како целосно неповрзани случаи. На тој начин, дисертацијата изведува метод што има потенцијал да се применува и во други рурални контексти, под услов индикаторите да бидат внимателно калибрирани;
3. Емпирискиот придонес се состои во систематската компаративна дијагноза на просторните трансформации во селата на Скопска Црна Гора. Преку анализата на трите студии на случај трудот покажува дека различните начини на трансформација на стопанските дворови не произведуваат случајни или хаотични просторни ефекти, туку препознатливи профили на просторна еволуција. Во сите три случаи, стопанскиот двор се потврдува како почетна единица на промена, додека селската матрица се јавува како акумулиран резултат на тие микротрансформации. Со тоа, трудот создава современа емпириска база којашто недостасуваше во македонскиот контекст и ја надминува празнината меѓу старите документации за традиционалната рурална архитектура и потребата од современо читање на тековните промени.

Применливата вредност на овој труд произлегува од фактот што резултатите не остануваат затворени во аналитичката рамка, односно тие се интерпретираат и се преведуваат во просторно-планерски импликации и мерки. Дисертацијата покажува дека дворната матрица може да претставува важен инструмент преку кој може рано да се препознаат ризиците од фрагментација, периферизација, губење на јадрата и нарушување на односот меѓу приватното и колективното. Ова овозможува од научен увид да се премине кон правила и мерки што дејствуваат на три поврзани нивоа: стопански двор, улица и селска матрица. Токму затоа, трудот има директна вредност за архитектонско-урбанистичко планирање, за локална самоуправа, за заштита и ревитализација на руралното наследство, како и за идни развојни стратегии што треба да ги усогласат домувањето, стопанските функции, инфраструктурата и морфолошката читливост на селата.

Особено значајно е и тоа што трудот ја покажува границата на постојниот институционален дискурс. Урбанистичко-планската и нормативната документација го препознава стопанскиот двор како програмска и регулативна единица, но не ја

разработува доволно неговата морфогенетска улога. Оваа дисертација токму тука прави исчекор и покажува дека преку трансформацијата на стопанскиот двор можат да се објаснат процесите на згуснување, периферно ширење, реконфигурација на парцелата и преобликување на селската матрица. Со тоа трудот го дополнува постојното знаење и го прави попрецизно употребливо во средини каде што руралниот развој се движи меѓу наследената аграрна логика и новите облици на домување и работа.

Научниот придонес и применливата вредност на оваа дисертација се неразделни. Нејзиниот теориски резултат е посилна објаснувачка рамка за руралната морфологија. Методолошкиот резултат претставува споредлив и репликативен аналитички протокол. Емпирискиот резултат е дијагноза на различни профили на просторна еволуција во Скопска Црна Гора. Конечно, практичниот резултат е основа за морфолошки информирано, инфраструктурно рационално и социјално одржливо насочување на руралниот развој. Овој докторски труд треба да се разбере како научна студија за стопанските дворови, која прави обид да се воспостави нов јазик за читање, споредување и управување со просторните промени во селата.

**Структура на трудот**

Овој докторски труд е структуриран во шест меѓусебно поврзани поглавја, коишто започнуваат со вовед, а завршуваат со заклучок. Поглавјата се поставени така што аргументацијата се движи од воведната рамка, преку прегледот на знаењето и изградбата на теоретско-методолошката рамка, кон емпириска проверка и интерпретација, дискусија и применливи просторно-планерски мерки, за на крај да заврши со заклучок. Таквата композиција претставува логика на целиот доказен тек на дисертацијата, односно преку поставување на проблемот, се оди кон развој на објаснувачки модел, па потоа и до негово тестирање и преведување во практични насоки за рурален развој.

Воведот ја воспоставува влезната рамка на истражувањето. Во него се разработуваат актуелноста на темата, истражувачкиот проблем и научната празнина, предметот на истражување, целите, хипотезата и истражувачките прашања, методологијата, научниот придонес и применливата вредност.

Првото поглавје е посветено на прегледот на научните истражувања за руралната архитектура во Македонија, со дополнителен компаративен увид во поширокиот југословенски и европски контекст. Неговата улога е да прикаже што досега е напишано и да покаже каде се границите на постојното знаење, односно каде недостига системска анализа на стопанскиот двор како просторна и морфогенетска единица. На тој начин, второто поглавје ја поставува дисциплинарната основа од која логично произлегува потребата од ова истражување.

Второто поглавје ја гради теориско-методолошката рамка на дисертацијата. Тука се разработуваат поимот стопански двор, концептот на дворната матрица, типологијата како аналитичка рамка, руралната морфологија и одржливата урбанизација, а потоа се поставуваат истражувачкиот дизајн, методолошкиот протокол и операционализацијата на главната хипотеза. Со тоа, третото поглавје го воспоставува аналитичкиот јазик на трудот и го подготвува преминот од теориско ниво кон емпириска проверка.

Третото поглавје претставува емпириско-типолошко јадро на дисертацијата. Во него се образложуваат критериумите за избор на студиите на случај, а понатаму следува поединечната анализа на трите села коишто се студии на случај. Во секое од овие села се

читаат историјата, морфолошката структура, факторите на одржливост и типологијата на стопанските дворови. Поглавјето завршува со компаративна типолошка синтеза и со тоа се создава споредлива база врз која понатаму можат да се интерпретираат трансформациските механизми.

Четвртото поглавје ја разработува врската меѓу стопанскиот двор и просторните промени во селата. Овде стопанскиот двор се чита како клучен морфогенетски елемент на селската матрица. Се дефинира дворната матрица како концептуалната рамка за читање на руралните трансформации. Се анализираат типовите стопански дворови и нивните трансформациски механизми. Според тоа, трите села се интерпретираат преку двојниот клуч „тип на рурална средина“ и „тип на ширење“. На крај е направена и компаративна синтеза на профилите на просторна еволуција. Со тоа, петтото поглавје го претставува аналитичкото јадро во кое микротрансформациите се поврзуваат со макроморфолошките исходи.

Петтото поглавје има интерпретативно-валидациска функција. Во него резултатите од претходните поглавја се дискутираат низ поширок просторен контекст и се проверуваат преку концептот дворна матрица и преку двојниот клуч за споредливост. Тука се формулираат и научните придонеси на трудот, како и условите на важност, границите на генерализација и можностите за трансферибилност на предложениот пристап во други рурални контексти. На тој начин, петтото поглавје ја затвора интерпретативната логика на истражувањето и го отвора патот кон применливи просторно-планерски импликации и мерки.

Шестото поглавје ги преведува добиените сознанија во просторно-планерски импликации и мерки. Тоа е замислено како поглавје со јасна архитектонско-урбанистичка логика, односно најнапред се поставува основен пакет мерки за трите села, а потоа се развиваат профилирани мерки за секое село одделно според нивниот морфолошки карактер и модус на просторна еволуција. Завршниот дел од ова поглавје е посветен на мониторингот на мерките, со што целината добива и практичен, проверлив и операционален карактер. Токму затоа, ова поглавје претставува најдиректен премин од анализа кон насочување на идниот развој.

На крајот следува заклучокот на дисертацијата. Во него се синтетизираат главните резултати, се даваат експлицитни одговори на истражувачките прашања, се потврдува или се прецизира главната хипотеза и се сумираат теориските, методолошките, емпириските и применливите придонеси на трудот. Заклучокот претставува и функционира како завршен синтезен хоризонт на целото истражување, во кој стопанскиот двор конечно се утврдува како значаен елемент за читање на просторната еволуција на селата во Скопска Црна Гора.

# 1. ПРЕГЛЕД НА НАУЧНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ЗА РУРАЛНАТА АРХИТЕКТУРА – МАКЕДОНСКИ И КОМПАРАТИВЕН КОНТЕКСТ

Прегледот на досегашните научни и стручни истражувања за руралната архитектура во Македонија претставува неопходна основа за натамошната разработка на овој докторски труд. Во ова поглавје се систематизираат истражувањата поврзани со руралната архитектура, а главниот фокус е ставен на стопанскиот двор како просторна и организациско-функционална единица што посредува меѓу домаќинството и морфолошката структура на селото.

Целта на прегледот има неколку функции:

- да го утврди историскиот придонес на домашниот научноистражувачки корпус;
- да ги издвои применливите методолошки постапки за типолошка и морфолошка анализа;
- да ги идентификува празнините во знаењето што ја оправдуваат поставката на истражувањето.

Поради нерамномерниот континуитет на истражувачката продукција и ограничениот број директни научноистражувачки студии за стопанските дворови на Скопска Црна Гора, прегледот е поставен во поширока рамка.

Најнапред се разгледуваат истражувањата за руралната архитектура во Македонија, структурирани во две основни временски целини:

- 1945 – 1991 година (СФР Југославија)
- 1991 – 2026 година (постсоцијалистички период)

Како дополнување на малиот број научни истражувања во Македонија, анализата се проширува и кон компаративни истражувања од поранешниот југословенски простор особено од Србија и Словенија, како и кон избрани европски истражувања релевантни за разбирањето на руралната трансформација. Вклучувањето на овој поширок корпус овозможува не само споредбена типолошка и морфолошка перспектива туку и извлекување на методолошки модели за интерпретација на трансформациите и за формулирање на соодветни развојни насоки.

## 1.1. Македонски истражувачки корпус

Македонскиот научноистражувачки корпус за руралната архитектура претставува клучна почетна основа за оваа дисертација, но неговата вредност не лежи во тоа што веќе понудил целосен аналитички модел за стопанскиот двор, туку во тоа што оставил документациска, типолошка и интерпретативна подлога врз која може да се изгради таков модел. Во најголем дел од домашната литература истражувачкиот интерес е насочен кон селската куќа, локалните градителски традиции и карактеристичните облици на домување, додека стопанскиот двор најчесто се појавува како придружна целина на куќата, како дел од организацијата на парцелата или како поширок амбиентален контекст на селото. Сепак, токму во тие истражувања се содржани највалните појдовни линии за оваа дисертација, како што се врската меѓу куќата и дворот, улогата на теренот, организацијата на отворените и затворените простори и можноста селото да се чита како морфолошка целина.

Домашниот научноистражувачки корпус тука се третира во прва линија како историски преглед на автори и публикации, но и како документациска и типолошка

основа за натамошна морфолошка интерпретација. Покрај тоа што обезбедува запис за исчезнувачки или веќе трансформирани просторни модели, овозможува и да се реконструираат аналитичките линии преку кои стопанскиот двор постепено станува читлив како посебна просторна целина. Македонскиот истражувачки корпус во таа смисла е многу важен затоа што ја отвора темата и ја подготвува за прецизна современа операционализација.

### 1.1.1. Истражувања за руралната архитектура во Македонија во периодот 1945 – 1991 година (СФР Југославија)

По Втората светска војна во 1945 година, СР Македонија станува дел од СФР Југославија и ќе биде во нејзините граници сè до 1991 година. Периодот од 1945 до 1991 година претставува најинтензивна етапа во формирањето на македонскиот истражувачки корпус за руралната архитектура. Во 1949 година е основан Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во чии рамки бил и Техничкиот факултет со два оддела: архитектонски и градежен. Најпрво во рамките на Техничкиот факултет, а особено подоцна во 1955 година, со формирањето на Архитектонско-градежниот факултет во Скопје се создава истражувачка средина во која руралната архитектура станува предмет на систематско теренско снимање, техничка документација и стручно толкување. Работата на дел од професорите на Архитектонско-градежниот факултет од Одделот за архитектура: Сотир Томоски, Крум Томовски, Радомир Вољинец и други има трајно значење, затоа што создава основен архив на македонските селски куќи, стопански дворови и амбиентални целини, во момент кога голем дел од тие форми веќе се изложени на пропаѓање, преправки или исчезнување.

Во овој корпус проф. Сотир Томоски има основоположничка улога. Неговите теренски истражувања и компаративни согледувања за македонската народна архитектура ја поставуваат селската куќа како централна единица на анализа и преку неа ја отвораат поширокaта проблематика на руралното домување (Томоски, 1960). Кај него стопанскиот двор сè уште не е издвоен како самостоен аналитички предмет, туку се чита индиректно, преку програмската и просторната организација на куќата и преку односот меѓу станбените и стопанските функции. За галичката куќа, проф. Сотир Томоски вели дека ги собира под еден покрив стопанските и станбените одделенија како неопходен услов за одбрана од грабеж и полесно стопанисување во зимно време. На јужната страна во приземјето бил тремот, односно шталата за стока, а зад него обично биле два кледа, наполно вкопани за чување продукти. Над тремот и кледовите била куќата којашто ја заземала речиси целата површина. Ваквиот пристап е методолошки значаен и, всушност, ја воспоставува почетната типолошка граматика на руралното домување, без која подоцнежното издвојување на стопанскиот двор не би било возможно.

Со истражувањата за руралната архитектура продолжува да се занимава и проф. Крум Томовски, кој изработува две студии, кои се издадени како одделен отпечаток на годишниот зборник на Архитектонско-градежниот факултет. Во неговите истражувања се препознава поместување од исклучиво анализирање на селската куќа кон распознавање на стопанскиот двор и неговите релации со конфигурацијата на теренот и типот на селото. Во првата студијата за Долно Водно, стопанскиот двор не се појавува само како простор околу куќата, туку како јасно организирана целина во која конфигурацијата на теренот, пристапите и распоредот на објектите ја обликуваат внатрешната композиција на парцелата (Томовски, 1968). Тука топографијата се чита како клучна независна променлива што непосредно влијае врз големината, формата и просторната организација на стопанскиот двор.




Сл. 3 — Ситуација на стопанскиот двор „А“ Сл. 4 — Пресек низ стопанскиот двор 1 — 1
Сл. 5 — Пресек низ стопанскиот двор 2 — 2

Сл. 1: Стопански двор од село Долно Водно
Извор: Томовски, К. (1968). Село Долно Водно. *Годишен зборник на Архитектонско-градежниот факултет – Одделен отпечаток*, 35–45.

Во втората студијата за Преспа, проф. Крум Томовски оди чекор понатаму и стопанскиот двор го третира како композиција составена од куќа, придружни стопански објекти и отворен дворен простор, што овозможува споредба меѓу различни локални варијанти и создава основа за типолошко систематизирање (Томовски, 1972). Според проф. Крум Томовски, оваа архитектура дотогаш не била воопшто проучувана кај нас и била сосем непозната. Тој посочува дека проф. Бранислав Којиќ од Архитектонскиот факултет во Белград во книгата „Сеоска архитектура и руризам“, издадена во Белград од 1958 година, објавува основа и перспективна скица од една дводелна куќа и една плевна од селото Коњско, а проф. Јован Круниќ од Архитектонскиот факултет во Загреб во статијата „Неке наше старе конструкције и њихове форме“ издадена во Загреб во 1951 година, објавува архитектонска снимка на една фасада на куќа од селото Стење. Разгледани и анализирани се неколку карактеристични примери на просторна организација на стопанските дворови од селата Претор, Сливница, Долно Дупени, Асамати, Царев Двор, Курбиново и Брајчино. Токму тука во македонскиот контекст, за првпат појасно се насетува можноста стопанскиот двор да се чита како посебна морфолошка целина, а не само како секундарна заднина на селската куќа. Вредноста на овој пристап е во можноста за типологизација на композициите на стопанските дворови и нивна споредба меѓу различните локални варијанти, што е применливо како методска основа за систематизирање на типовите на стопански дворови на Скопска Црна Гора.




Сл. 2: Стопански двор во село Претор
Извор: Томовски, К. (1972а). Народната архитектура во Преспа. *Годишен зборник на Архитектонско-градежниот факултет – Одделен отпечаток*, 47–84.

Значењето на овој период не е само во теренската документација, туку и во постепеното отворање на прашањето за заштита и ревитализација на руралната архитектура. Материјалите од симпозиумот „Старата селска архитектура – заштита и ревитализација" го прошируваат хоризонтот на истражувањето од опис и снимање кон валоризација, заштита и активна употреба на руралното наследство (Томовски, 1972). Во тој дискурс, вреднувањето веќе не се однесува само на поединечната куќа, туку и на стопанските дворови, амбиенталните целини и силуетата на селото. Истакната е и неопходноста од ревитализација на одделни села преку развојот на туризмот, терцијарните дејности и развојот на автохтоните стопански гранки и отворање нови погони, како единствен можен начин да се заштити богатото архитектонско наследство во еден амбиент што ќе служи не само за одмор туку и за живот и работа. Ова е важно, затоа што во македонската научна традиција првпат појасно се поставува прашањето за функционалната трансформација на руралниот простор, а со тоа и за променливиот статус на стопанскиот двор.

Паралелно со оваа линија, студијата за Битуше на проф. Радомир Вољинец ја потврдува доминацијата на селската куќа во домашниот научноистражувачки корпус (Волињец, 1972). Иако неговото истражување е важно за разбирање на локалните градителски логики, климатската адаптација и материјалната артикулација на руралната архитектура, тој истовремено покажува дека стопанскиот двор сè уште не е концептуално издвоен како интегративна рамка на секојдневниот живот и работата во селата. Токму оваа нерамнотежа (богато знаење за куќата, но ограничено аналитичко знаење за стопанскиот двор) ќе остане една од главните карактеристики на домашниот корпус.

Особено значење за оваа дисертација има делото за Скопска Црна Гора на проф. Јован Трифуноски, кој е еден од најпознатите македонски антрополози и географи. Ова негово дело е збир на двегодишни антропогеографски проучувања направени во 12 села на Скопска Црна Гора. Иако не станува збор за архитектонска студија во потесна смисла, неговата антропогеографска монографија претставува фундаментална регионална основа врз која може да се надгради секое натамошно морфолошко и архитектонско читање на селата во ова подрачје. Во неа систематски се обработени природната средина, историскиот развој, населбите, населението и стопанските активности, односно оние фактори што ја формираат пошироката логика на руралниот простор и ја објаснуваат внатрешната поврзаност меѓу природните услови, начинот на населување и економската организација на селото (Трифуноски, 1971). За ова истражување тоа е особено важно, бидејќи овозможува трансформациите на стопанските дворови да не се читаат изолирано, само како промени на парцела или како локални интервенции во рамките на едно домаќинство, туку како просторен израз на пошироки демографски, економски и организациски процеси во рамките на Скопска Црна Гора. Со други зборови, трудот на Трифуноски обезбедува контекстуална и интерпретативна рамка преку која стопанскиот двор може да се разбере како дел од поширок регионален систем, во кој промените во стопанството, населението и селската структура директно се одразуваат врз морфологијата на селото и врз начинот на организирање на руралниот простор во целина.




Сл. 3: Карта со селата на Скопска Црна Гора
Извор: Трифуноски, Ј. Ф. (1971). *Скопска Црна Гора: Природна средина, прошлост, насеља, становништво и привреда: (са скицама, фотографијама и картом) = Skopska Crna Gora: Anthropogeographische Forschungen*. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

Оттука, периодот од 1945 до 1991 година може да се оцени како фаза на интензивна документациска акумулација и првична типолошка артикулација на руралната архитектура во Македонија. Во овој период се создава богата архива на селски куќи, локални градителски форми и одделни примери на стопански дворови, се отвора прашањето за односот меѓу теренот, парцелата и просторната организација и се поставува основа за валоризација на руралното наследство. Но и покрај овие придонеси, стопанскиот двор сè уште не е целосно развиен како самостојна аналитичка и морфолошка единица што директно го посредува односот меѓу домаќинството и селската матрица.

### 1.1.2. Истражувања за руралната архитектура во Македонија во периодот 1991 – 2026 година (постсоцијалистички период)

Со распадот на поранешната држава СФР Југославија и осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година, се забележува јасен дисконтинуитет во систематските истражувања за руралната архитектура. Во споредба со претходниот период, се намалува обемот на теренско документирање и институционално организирано истражување, а руралната архитектура повеќе не ја задржува истата видливост во академската продукција. Оваа промена е важна, затоа што токму во периодот кога македонските села влегуваат во интензивни демографски, економски и просторни трансформации, недостасува соодветна современа емпириска база што би ги регистрирала и би ги објаснила тие промени.

Во такви услови, делото на проф. Петар Муличкоски има значење на синтетички потсетник за македонската селска куќа и селските населби во поширокиот корпус на македонската архитектура и урбанизам (Муличкоски, 2000). Кај него, селската куќа е препознаена како изворен модел со длабок историски континуитет, а селската населба како специфична просторна форма што не може да се сведе само на периферија на урбаното. Иако овој придонес не води кон посебна аналитичка разработка на стопанскиот двор, тој е важен затоа што ја одржува свеста за руралното како легитимно истражувачко поле.

Најзначајна фигура во поновиот македонски корпус е архитектот Петар Намичев. Во книгата „Македонската селска куќа“ (заснована врз неговата докторска дисертација со наслов „Типологија и етнологија на македонската селска куќа од XIX и почетокот на XX век“), се консолидира типолошкото знаење за селската куќа во Македонија и се потврдува нејзината архитектонска, етнолошка и културно-историска вредност (Намичев, 2009). Македонската селска куќа во голем степен ја одржала својата локална градителска форма независно од влијанијата на градската куќа, која во XIX и на почетокот на XX век претставува трансфер на влијанија од европските стилски групи. Покрај востановените карактеристични типови куќи, меѓу кои доминираат приземни куќи, куќи на кат, братски куќи и куќи кули, кои се развивале во рамките на одредени општествено-економски услови и во одреден етнокултурен контекст, истакнато место им припаѓа и на народните градители и на нивните сфаќања за архитектурата. Овој труд е важен за дисертацијата затоа што воспоставува стабилна референтна рамка за традиционалниот модел на домување, но и затоа што покажува дека поновиот домашен интерес сè уште претежно се задржува на куќата, додека стопанскиот двор останува делумно обработен.

Особено важна за оваа дисертација е публикацијата на архитектот Петар Намичев и Екатерина Намичева за традиционалната архитектура во Скопска Црна Гора (Намичев & Намичева, 2018). Нејзината посебна вредност е во тоа што обезбедува регионално конкретна документациска линија за просторот што е предмет на ова истражување. Покрај описот на куќите, во неа се дадени и податоци за стопанските дворови: оградување со камени ѕидови, поставеност на куќата во задниот дел од дворното место, бавча пред куќата, како и присуство на амбар, фурна, кош, кочина, воловарник, кокошарник и плевна. Овој материјал не е доволен за современа морфолошка операционализација, но е исклучително значаен како регионална референтна линија преку која може да се следи траекторијата од традиционална структура кон понови трансформации во селата на Скопска Црна Гора.




Сл. 4: Ситуација на селски двор, Железник
Извор: Намичев, П. (2009). *Селската куќа во Македонија: Типологија и етнологија на македонската селска куќа од XIX и почетокот на XX век*. Министерство за култура на Р Македонија – Управа за заштита на културното наследство.

Покрај архитектонските извори, во поновиот период се појавуваат и етнографски записи коишто имаат помошна улога за контекстуализирање на руралниот простор. Особено се значајни белешките за Скопска Црна Гора и селото Љубанци, во кои живеењето, сточарството, секојдневниот труд и природното опкружување се појавуваат како делови на една интегрална животна целина (Halpern & Kerevski-Halpern, 2004). Иако таквите записи немаат архитектонска прецизност, тие се важни затоа што потврдуваат дека куќата и дворот не функционираат изолирано, туку како еден заеднички просторен систем. Ваквите етнографски согледувања се важни за историското и културното контекстуализирање на стопанскиот двор како составен дел од руралната морфолошка структура во поширокиот простор на Скопска Црна Гора.

Следствено, поновиот македонски корпус има двоен карактер. Од една страна, тој консолидира типолошко знаење за селската куќа и нуди значајни регионални прилози, особено за Скопска Црна Гора. Од друга страна, токму во овој период не се развива современа емпириска и аналитичка база за стопанските дворови, односно нивните типови, пренамени, фази на трансформација и врска со пошироката морфолошка структура на селото. Со тоа, поновиот домашен корпус има статус на темел, а не на довршен модел. Тој овозможува да се реконструира традиционалната основа на руралното домување, да се препознаат регионалните специфики на Скопска Црна Гора и да се утврди документациска и типолошка линија на континуитет. Но истовремено покажува дека стопанскиот двор сè уште не е разработен како современа аналитичка единица што системски ја поврзува парцелата со морфолошката структура на селото. Токму затоа, по разгледувањето на домашниот корпус, станува нужно вклучувањето на компаративните искуства од поширокиот поранешен југословенски простор каде што оваа проблематика е разработена со поизразен методолошки и планерски интерес.

## 1.2. Компаративни истражувања за руралната архитектура во некои од земјите на поранешната држава СФР Југославија

Во услови кога македонскиот научноистражувачки корпус обезбедува значајна документациска и типолошка основа, но не развива доволно јасна современа аналитичка рамка за стопанскиот двор, особено значајни стануваат компаративните искуства од поширокиот поранешен југословенски простор. Покрај СР Македонија, во состав на поранешната држава СФР Југославија беа уште пет републики (СР Србија, СР Хрватска, СР Словенија, СР Босна и Херцеговина и СР Црна Гора) и две покраини (САП Војводина и САП Косово).

Релевантноста на овие истражувања произлегува од:

- заедничката општествено-политичка рамка во СФР Југославија (учебници, плански и конзерваторски модели);
- типолошка споредливост на проблемите (распад на аграрниот модел, урбанизација на селото, инфраструктурни притисоци и потреба од реконструкција и современа организација на стопанските дворови).

Од поширокиот југословенски простор, за оваа дисертација најрелевантни се искуствата од Србија и Словенија. Србија е важна поради поразвиената систематизација на селската архитектура, појасното третирање на стопанскиот двор како организациска и планерска целина и континуитетот на интересот за реконструкција и развој на селата. Словенија е важна поради посилната теориска и критичка рефлексија за руралната архитектура, руризмот и односот меѓу заштитата, современата интервенција и просторниот идентитет. Компаративниот корпус од поранешниот југословенски простор има улога да го надополни домашниот и да ја прошири аналитичката основа на истражувањето.

### 1.2.1. Србија

Во српскиот истражувачки корпус централно место зазема делото на Бранислав Којиќ, кој со книгата „Сеоска архитектура и руризам“ ја воспоставува една од најсистематските рамки за разбирање на руралната архитектура во поранешна Југославија (Којић, 1958). Неговата вредност е во широкиот територијален опфат и, пред сѐ, во тоа што селото го чита како сложен систем, а не како збир на изолирани селски куќи. Во таквата рамка, стопанскиот двор не се појавува како споредел простор околу куќата, туку како организациска целина во која се преклопуваат домувањето, чувањето и одгледувањето добиток, производството на земјоделски производи и односот кон обработливото земјиште. Токму затоа Којиќ е особено важен за оваа дисертација, бидејќи отвора можност стопанскиот двор да се третира како аналитичка единица меѓу куќата, селската населбата и атарот, односно како посредник меѓу домаќинството и пошироката просторна структура на селото.

Во Македонија Којиќ го документира постоењето на чифлизи, кои биле мали затворени населби изградени на имотите на земјопоседниците. Според него, другите села што не биле чифлизи се села од збиен тип, кои се формирале спонтано и имале неправилен облик. Куќите во чифлизите биле приземни и се состоеле од „куќа“ и „пондила“ со трем. Куќите во повисоките предели имале приземје и кат, со тоа што на приземјето била сместена стајата со подрум и остава, а на катот биле станбените простории. Во стопанските дворови покрај куќата обично имало и кош за пченка и плевна за сено, но понекогаш поради опасност од пожар во планинските села во кои

селаните имале повеќе стока, плевните биле групирани надвор од селото. Со ова истражување Којиќ ги истакнува типовите селски населби, специфичностите на селската куќа и организацијата на стопанските дворови во Македонија. Таквото истражување е методолошки значајно, бидејќи ги опфаќа сите елементи на руралната архитектура во рамките на едно село.

Дополнително значајно кај Којиќ е и тоа што организацијата на стопанскиот двор ја разгледува преку функционална поделба на површините и нивно групирање во зони, со што создава критериумска подлога за споредба и рационализација (Којић, 1958). Со тоа, српскиот корпус рано излегува од чисто документацискиот опис и се движи кон прашањето за внатрешната логика на стопанскиот двор. За ова истражување, ваквиот пристап е важен бидејќи го зајакнува аргументот дека стопанскиот двор не треба да се опишува само како состав од куќа и придружни објекти, туку како просторен систем со сопствена организациска граматика.




Сл. 5: Типови стопански дворови според формата и функционалните зони
Извор: Којић, Б. (1958). *Сеоска архитектура и руризам: Теорија и елементи*. Грађевинска књига. (авторски превод)

Во истиот корпус, делото на Александар Дероко има поинаква, но комплементарна улога. Неговата анализа на народната архитектура во Македонија ја потврдува типолошката и културно-историската важност на селската куќа, но истовремено покажува дека и во посистематските југословенски прегледи стопанскиот двор честопати останува во сенка на куќата како главен предмет на толкување (Дероко, 1974). Во неговото истражување доминантно се третира селската куќа со нејзината типологија и просторна организација, а функциите од стопанскиот двор се појавуваат како придружен простор во куќата. Со ова се добива уште појасна слика за историскиот развој на типологијата на македонската селска куќа и за нејзината автентичност во културно-историскиот контекст.

Значајно место во истражувањата за руралните средини на просторот на поранешна Југославија имаат Бранислав Којиќ и Ѓорѓе Симоновиќ, кои селските населби ги анализираат како просторни системи формирани преку односот меѓу домувањето, стопанството и организацијата на земјиштето. Особено значајно за ова истражување е нивното согледување на селската структура како динамичен просторен модел што постепено се трансформира под влијание на економските и социјалните промени, при што стопанскиот двор претставува една од клучните единици на таа трансформација (Kojić & Simonović, 1975).

По распадот на СФР Југославија, во Србија не се прекинува континуитетот на интересот за руралната архитектура, туку, напротив, тој продолжува во насока на посистемско разгледување на уредувањето на селските територии, селските населби и стопанските дворови како составен дел од пошироката урбанистичко-архитектонска проблематика.

Во таа линија, особено значајни се трудовите на Ѓорѓе Симоновиќ и Милорад Рибар, бидејќи тие го поместуваат тежиштето од претежно историско-типолошки опис кон развој на современи и применливи принципи за проектирање нови и реконструкција на постојни стопански дворови (Симоновић & Рибар, 1993). Наместо стопанскиот двор да биде третиран само како традиционален придружен елемент на селската куќа, во нивните истражувања тој се разгледува како јасно организирана просторна и функционална целина во која мора да се усогласат станбениот, економскиот и градинарскиот дел со отворените работни површини, релацијата кон селската улица, системот на пристапи и поставеноста на објектите во однос на конфигурацијата на теренот. Особено е важен нивниот пристап кон функционалното зонирање на стопанскиот двор, диспозицијата на објектите според топографските услови, разграничувањето и поврзувањето на пешачкиот и колскиот пристап, како и рационализацијата на стопанските активности во услови на променети економски и животни потреби во селото. Со тоа, тие воспоставуваат јасна критериумска и планерска рамка во која стопанскиот двор повеќе не е само предмет на документација, туку и предмет на вреднување, преобликување и насочување. Токму оваа рамка е особено важна за оваа дисертација, бидејќи покажува дека типолошкото знаење за руралните структури може да се преведе во аналитички и проектантски насоки за современо уредување, а воедно отвора можност стопанскиот двор да се чита како просторна единица преку која се посредува меѓу потребите на домаќинството, организацијата на стопанството и пошироката морфолошка структура на селото. Во методолошка смисла, овој пристап е драгоцен затоа што овозможува трансформацијата на стопанските дворови да не остане само на ниво на опис на поединечни случаи, туку да се согледува преку споредливи просторни параметри и преку насоки што можат да послужат како основа за интерпретација и планирање на руралниот развој.




Сл. 6: Организација на стопанските дворови во однос на топографијата
Извор: Симоновић, Ђ., & Рибар, М. (1993). *Уређење сеоских територија и насеља* (2. прерађено и допуњено издање). ИБИ – инжењеринг и пројектовање. (авторски превод)

Уште поексплицитно, Милорад Рибар ја отвора можноста за критичка евалуација на стопанските дворови преку споредба меѓу различни локални варијанти и врз основа на однапред утврдени принципи (Ribar, 1995). Тука вредноста не е само во описот, туку во воспоставувањето постапка преку која стопанските дворови можат да се споредуваат, да се оценуваат и да се поврзуваат со пошироки урбанистички и развојни потреби на селото. За ова истражување, ова е значајно бидејќи покажува дека стопанскиот двор може да биде и дијагностичка единица што служи не само за читање на традиционалната структура туку и за препознавање на современите проблеми и потенцијали на руралниот простор.




Сл. 7: Шематски приказ на функционалните зони за сите типови стопански дворови
Извор: Ribar, M. (1995). *Seosko stanovanje centralne Srbije*. Arhitektonski fakultet Univerziteta u Beogradu.
(авторски превод)

Во пошироката развојна линија на српскиот корпус се вклучуваат и истражувањата на Бранко Турншек, кој селото го чита во контекст на одржлив развој и преку анализа на постојната состојба на стопанските дворови извлекува заклучоци за идните развојни можности на руралната средина (Turnšek, 2007). Иако неговиот пристап не е примарно морфолошки, туку пошироко развоен, тој е важен за оваа дисертација затоа што покажува дека анализата на стопанскиот двор не мора да заврши на типолошко или документациско ниво, туку може да стане основа за пошироки планерски и развојни интерпретации.




Сл. 8: Ситуации од стопанските дворови и слики од околината во Горна Студена
Извор: Turnšek, B. (2007). Gornja Studena village in the context of sustainable development. *Facta Universitatis: Architecture and Civil Engineering, 5*(2), 125–140. (авторски превод)

Оттука, српскиот корпус е особено релевантен за ова истражување од три причини. Прво, тој нуди поразвиена систематизација на селото и стопанскиот двор како организациска целина. Второ, отвора критериумска рамка за функционално зонирање, реконструкција и споредба на стопанските дворови. Трето, покажува како анализата на руралната архитектура може да се поврзе со развојните и планерските прашања на селото. Но истовремено, и покрај овие предности, српскиот корпус во најголем дел останува насочен кон рационална организација, типолошка класификација и принципи на реконструкција, а поретко развива интегриран морфогенетски модел што системски би го поврзал стопанскиот двор со селската матрица како целина. Токму во таа празнина се позиционира и оваа дисертација.

### 1.2.2. Словенија

За разлика од српскиот корпус, словенечкото искуство е особено значајно поради неговата поизразена теориска и критичка димензија. Во таа смисла, посебно место има Душан Грабријан, чие истражување на македонската куќа ја поставува во поширок типолошки и културно-историски контекст меѓу ориенталната и европската традиција (Грабријан, 1986). Иако неговиот фокус не е директно насочен кон стопанскиот двор, туку кон куќата и кон нејзината просторна логика, вредноста на овој придонес за оваа дисертација е важна од две причини. Прво, тој ја афирмира македонската традиционална архитектура како активен архитектонски корпус, а не како периферен или фолклорен остаток. Второ, покажува дека просторното организирање на домувањето во Македонија може да се чита како дел од пошироки типолошки и цивилизациски процеси. Со тоа се зајакнува поширокаta културна и теориска рамка во која и стопанскиот двор може да се анализира како носител на локална просторна рационалност.

Многу подиректно за темата на ова истражување е делото „Rurizem in ruralna arhitektura" од Петер Габријелчич и Аленка Фикфак, бидејќи во него руралната архитектура не се третира само како наследена форма што треба да се документира или да се заштити, туку како поле на современи конфликти, потреби и трансформации (Gabrijelčič & Fikfak, 2001). Нивната основна теза е особено важна, односно дека во руралните средини голем дел од проблемите не произлегуваат само од неконтролираната градба, туку и од ригидната политика на заштита што ги третира традиционалните форми како недопирливи и не ја признава легитимноста на современите просторни потреби. Во таков контекст, новите структури што се појавуваат во руралната морфологија честопати се оценуваат исклучиво како нарушување во просторот, без да се развие аналитички апарат што ќе овозможи да се разликуваат деструктивните од потенцијално интеграбилните трансформации.

Токму тука словенечкото искуство е значајно за оваа дисертација. Тоа покажува дека руралниот простор не смее да се чита само како предмет на документација или заштита, туку и како подрачје на активна промена во кое е потребен нов вредносен апарат. Ваквиот увид е особено релевантен за македонскиот контекст, каде што современите интервенции во селата многу често се сведуваат на неартикулирана девастација или на носталгична претстава за зачувување на автентичната форма. Меѓу тие две крајности, словенечката литература отвора трета можност, а тоа е трансформацијата да се чита аналитички, критички и проектантски преку нејзиниот однос со локалниот просторен идентитет.

Словенечкиот корпус е важен и затоа што ја поместува дискусијата од опис на руралната архитектура кон активно управување со руралните промени. Неговата вредност за оваа дисертација не е во тоа што нуди директен оперативен модел за анализа на стопанскиот двор, туку во тоа што овозможува да се разбере поширокиот проблем на руралната трансформација:

- како да се читаат новите структури;
- како да се избегне ригидната фосилизација на наследените форми;
- како да се воспостави покритичен однос меѓу заштитата, современата употреба и развојот.

Оттука, компаративните искуства од поранешниот југословенски простор не нудат директно готов модел што може директно да се примени врз селата во Скопска Црна Гора. Нивната вистинска вредност е во тоа што нудат две различни, но комплементарни линии на знаење. Српскиот корпус обезбедува посилна организациска, типолошка и планерска рамка за читање и реконструкција на стопанскиот двор, додека словенечкиот корпус обезбедува посилна теориска и критичка рамка за читање на руралната трансформација, руризмот и односот меѓу заштитата и промената. Заедно, тие го надополнуваат домашниот истражувачки корпус и ја подготвуваат основата за поширокото европско позиционирање на проблемот што следува во наредната секција.

## 1.3. Компаративни истражувања за руралната архитектура во некои од европските земји

Во поширокиот европски научноистражувачки корпус, за оваа дисертација не е пресудно да се состави исцрпен панорамски преглед на сите национални традиции на истражување на руралната архитектура. Поважно е да се издвојат оние истражувачки линии што директно ја поддржуваат централната теза за стопанскиот двор како просторен посредник меѓу домаќинството, земјишната организација и селската матрица.

Европската литература тука не се третира како енциклопедиски каталог, туку како селективно избрана аналитичка подлога. Нејзината вредност е во тоа што овозможува проблемот да се чита на три меѓусебно поврзани нивоа:

- како прашање на рурална морфологија и аграрна структура;
- како прашање на стопанскиот двор како носител на трансформација;
- како прашање на пејзажна промена и историска слоевитост.

Европскиот корпус тука не е воведен за да го замени домашниот и поранешнојугословенскиот контекст. Неговата улога е да ја прошири аналитичката перспектива на истражувањето. Додека македонската литература обезбедува документациска и типолошка основа, а српските и словенечките искуства нудат организациски, планерски и критички увиди, пошироката европска литература овозможува проблемот да се позиционира во пошироката дебата за врската меѓу селото, земјиштето, стопанството, пејзажот и современата трансформација. Токму затоа, во оваа секција се следи аналитичка поделба по истражувачки линии, а не национална поделба по земји.

### 1.3.1. Рурална морфологија и аграрна структура

Една од најважните европски истражувачки линии релевантни за оваа дисертација е онаа што руралниот простор го чита како интегриран систем на населување, обработка на земјиштето и стопанството. Во таа насока, италијанската литература дава значајни појдовни точки. Во делото „Ruralistica, urbanistica rurale“, Амос Едало (Amos Edallo) го третира руралниот простор како поврзана целина во која архитектурата, селото и земјоделското стопанство не можат да се разделат без загуба на аналитичката смисла (Edallo, 1946). Овој пристап е важен за оваа дисертација затоа што ја зајакнува претпоставката дека стопанскиот двор не треба да се разбира само како отворен простор околу куќата, туку како оперативно ниво на кое се пресретнуваат домувањето, стопанството и организацијата на парцелата.




Сл. 9: Стопански двор во рурална средина

Извор: Edallo, A. (1946). *Ruralistica, urbanistica rurale, con particolare riferimento alla Valle Padana: Il paese rurale, l'azienda rurale, la casa rurale, in funzione dell'organizzazione agricola attuale e futura*. Ulrico Hoepli. (авторски превод)

Историската длабочина на оваа линија особено се зацврстува кај Емилио Серени (Emilio Sereni), кој аграрниот пејзаж го разбира како историски производ на долготрајни односи меѓу земјиштето, стопанството и општествената организација (Sereni, 1961). Вредноста на ваквиот пристап за оваа дисертација е во тоа што овозможува трансформациите на стопанските дворови да се читаат како материјален израз на пошироки историски промени во аграрната организација, во моделите на стопанството и во социјалната структура на руралниот простор.

Особено значајна за оваа дисертација е студијата на Робертс и Вратмел (Roberts & Wrathmell), бидејќи во неа селото се третира како просторен систем во кој формата на населувањето е неразделна од организацијата на земјиштето и историските режими на користење (Roberts & Wrathmell, 2002). Нивниот концепт на „аграрна структура“ е методолошки важен затоа што покажува дека односот меѓу селото и земјиштето не е спореден контекст, туку централна објаснувачка рамка за руралната морфологија. Дополнително, нивното инсистирање дека регионалните разлики не можат да се сведат на едноставен физички детерминизам е особено продуктивно за ова истражување.

Теренот, земјишниот потенцијал и природните услови поставуваат реални рамки, но тие не произведуваат автоматски исти просторни исходи. Таквите рамки секогаш се преведуваат низ историски, културни и организациски правила. Во таа преводна зона, стопанскиот двор се појавува како клучна посредничка алка меѓу микроскалата на домаќинството и макроскалата на селската матрица.




Сл. 10: Аграрна структура

Извор: Roberts, B. K., & Wrathmell, S. (2002). *Region and place: A study of English rural settlement*. English Heritage. (авторски превод)

Оваа европска истражувачка линија е релевантна за дисертацијата поради тоа што овозможува селото да се разбере како аграрно-морфолошки систем, а стопанскиот двор како негово аналитичко јадро на микрониво. Нејзиниот придонес е во тоа што отвора јасна логика на поврзување меѓу парцелата, домаќинство, производство, земјиштето и пошироката морфолошка структура. Со тоа се зајакнува теориската основа за третирање на стопанскиот двор како морфогенетски елемент, а не како придружен или секундарен простор.

### 1.3.2. Стопанскиот двор како носител на трансформација

Втората европска истражувачка линија што е непосредно релевантна за оваа дисертација се однесува на трудовите коишто стопанскиот двор го приближуваат и го разбираат како носител на историска трансформација и локална просторна препознатливост. Во таа смисла, особено важна е студијата на Лејк и Едвартс (Lake & Edwards), во која се покажува дека трансформацијата на стопанските дворови е тесно поврзана со промените во аграрната економија и производствениот режим (Lake & Edwards, 2008). Нивниот придонес е значаен затоа што стопанскиот двор го третираат како просторен комплекс чии размери, распоред и функционална сложеност се менуваат заедно со промените во производствената логика.

Овој увид е суштински важен за оваа дисертација затоа што ја поддржува основната претпоставка дека трансформацијата на стопанскиот двор не е само прашање на внатрешна пренамена на поединечни објекти. Трансформацијата на стопанскиот двор е процес што посредува меѓу економските промени и морфолошките промени на селото. Кога се менуваат производствените режими, не се менуваат само функциите на објектите, туку и односите меѓу куќата, стопанските објекти, отворениот дворен простор, пристапите и границите. Со други зборови, дворната организација станува еден од најчитливите индикатори на пошироката рурална трансформација.

Еднакво важен е и вториот аспект на нивниот пристап, односно нагласувањето дека најголемата закана за историските стопански дворови покрај нивното исчезнување претставува и нечувствителната конверзија што не произлегува од разбирање на нивниот плански карактер, внатрешна логика и просторна чувствителност (Lake & Edwards, 2008). Ова е особено релевантно за македонскиот контекст, каде што трансформациите на руралниот простор често се толкуваат само како деградација или се прифаќаат без аналитичка процена на нивните морфолошки последици. Европската литература тука покажува дека стопанскиот двор треба да се разбере и како објект на заштита или пренамена, но и како структурирачки просторен механизам чија логика мора да се разбере пред да се интервенира.

Во таа насока, значајна е и нивната теза за локалната просторна препознатливост. Според овој пристап, карактерот на руралниот простор не произлегува само од поединечни стилски или материјални особини на одделни градби, туку од начинот на кој типот на стопанскиот двор, распоредот на објектите, материјалите, деталите и односот кон пејзажот се поврзуваат во една препознатлива локална целина (Lake & Edwards, 2008). За оваа дисертација, ваквиот увид е особено продуктивен бидејќи овозможува стопанскиот двор истовремено да се разбира како функционална целина, како носител на морфолошка стабилност и како елемент на локалниот просторен идентитет.




Сл. 11: Паралелен план на стопански двор
Извор: Lake, J., & Edwards, B. (2008). *Historic farmsteads and landscapes in Jersey: Their character and local distinctiveness* (Historic Building Study No. 2). Jersey Heritage; States of Jersey Planning and Environment Department. (авторски превод)

Оваа истражувачка линија е од непосредна важност за дисертацијата бидејќи го зајакнува читањето на стопанскиот двор како историски променлив, но структурно значаен просторен склоп. Таа покажува дека стопанскиот двор не е само последица на руралниот начин на живот. Всушност, тој е главен активен посредник преку кој промените во стопанството, домувањето и секојдневните практики добиваат просторна форма. Токму затоа, анализата на стопанскиот двор овде не е само опис на објекти, туку таа станува средство за читање на пошироките трансформации на селото.

### 1.3.3. Пејзажна промена и историска слоевитост

Третата европска истражувачка линија релевантна за оваа дисертација се однесува на литературата што руралниот простор го разбира како историски наслоен и динамичен пејзаж, а не како статична заднина на земјоделското производство. Во оваа насока, книгата „European Rural Landscapes: Persistence and Change in a Globalising Environment“ е важна затоа што ја поставува руралната средина во рамка на истрајност и промена, нагласувајќи дека европските рурални пејзажи истовремено носат долготрајни историски слоеви и се изложени на современи просторни притисоци (Palang et al., 2004). За оваа дисертација, ваквата перспектива е значајна затоа што овозможува селата во Скопска Црна Гора да се читаат како дел од поширока европска група рурални предели во кои историската структура и современата трансформација постојано се вкрстуваат.

Особено релевантна за ова истражување е литературата што се занимава со руралните пејзажи на Централна и на Источна Европа. Паланг и сор. (Palang et al.) (2006) покажуваат дека овие предели се одликуваат со силна историска слоевитост и со специфични транзиции, поради што не можат да се толкуваат само преку западноевропски модели на развој и вреднување. Овој увид е важен за дисертацијата затоа што овозможува Скопска Црна Гора да се позиционира во поширок источноевропски контекст на историски густи, но недоволно интерпретирани рурални структури. На тој начин локалната студија на случај добива поширока европска читливост.

Во поновите прегледи на литературата за пејзажни промени во Европа, дополнително се зацврстува ставот дека прашањата на континуитет, трансформација, двигатели на промена и регионални разлики се централни, а не периферни во современата научна дебата. Гарсија-Мартин и сор. (García-Martín et al.) (2021) покажуваат дека истражувањето на промената на пејзажот денес претставува методолошки комплексно поле во кое се вкрстуваат различни типови податоци, различни размери на анализа и различни интерпретативни пристапи. Овој увид е важен за оваа дисертација затоа што ја легитимира потребата од тоа трансформацијата на стопанските дворови да се чита како аналитички проблем што бара поврзување на морфолошка, историска и контекстуална анализа.

Во оваа современа европска рамка спаѓа и поновата архитектонска дебата според која руралниот простор не треба да се гледа исклучиво како наследство. Руралните проблеми претставуваат жива тема на современо архитектонско и територијално размислување. Во таа смисла, Пранди (Prandi) (2022) е важен затоа што отвора простор руралната архитектура, освен во историографскиот и конзерваторскиот дискурс, да се позиционира и во актуелната архитектонска дебата за нови контексти и нови читања на руралното. Тоа е важно за оваа дисертација бидејќи потврдува дека руралниот простор, покрај неопходноста од документација и заштита, претставува и поле на современа интерпретација, преиспитување и просторна артикулација.

Истовремено, поновата англиска и британска историографија покажува дека руралниот простор денес не може да се сведе само на аграрно-економска анализа или на формален опис на населената структура. Бригс (Briggs) (2023) укажува дека современата рурална историја се развива како широко интердисциплинарно поле што ги поврзува економската, социјалната и просторната анализа, додека Бурхарт (Burchardt) (2024) покажува дека современата пејзажна историографија оперира низ материјално-еколошки, културни и феноменолошки линии на читање. За оваа дисертација, ваквите согледувања се значајни затоа што потврдуваат дека руралните средини на Скопска Црна Гора не треба да се третираат само како физички организирана структура. Тие, меѓу другото, претставуваат историски и социјално сложен простор во кој се пресретнуваат материјалната форма, локалната култура и секојдневните практики.

Поширокиот европски корпус не нуди готов модел што може механички да се пренесе врз селата на Скопска Црна Гора. Но неговата суштинска вредност е во тоа што овозможува различно позиционирање на проблемот:

- селото како аграрно-морфолошки систем;
- стопанскиот двор како просторен посредник;
- руралниот пејзаж како историски слоевита и динамична целина.

Токму на пресекот на овие три линии може појасно да се види што домашната литература веќе обезбедува, а што сѐ уште недостига.

## 1.4. Синтеза на клучните аналитички линии од литературата

По разгледувањето на македонскиот истражувачки корпус, компаративните искуства од поранешниот југословенски простор и пошироките европски истражувачки линии, станува јасно дека вредноста на литературата е во поединечните податоци што ги обезбедува, но и во аналитичките насоки што ги отвора. Иако корпусот е дисциплински хетероген (архитектонски, етнолошки, антропогеографски, историографски и планерски), во него можат да се издвојат неколку јасни поместувања што се особено значајни за оваа дисертација. Тие поместувања не формираат готов и затворен теориски модел, но јасно покажуваат дека истражувањето на руралната архитектура постепено се движи од поединечен објект кон просторен систем, од опис кон аналитичка операционализација и од валоризација на наследената форма кон читање на трансформацијата како активен просторен процес. Токму затоа, наместо литературата да се сфати како збир на одделни прилози, овде таа се синтетизира во четири клучни аналитички линии што директно го оправдуваат предметот и методолошката ориентација на дисертацијата.

### 1.4.1. Од селската куќа кон стопанскиот двор

Првата јасна аналитичка линија што се појавува во литературата е поместувањето од селската куќа како централен предмет на рурално-архитектонското истражување кон стопанскиот двор како поширока организациска и морфолошка целина. Во македонскиот корпус, од истражувањата на Томоски, Томовски и Вољинец, па сè до поновите синтези на Муличкоски и Намичев, доминантен предмет на анализа е селската куќа и нејзината конструкција, просторна организација, материјалност, типолошки развој и културно-историска вредност. Во таквата традиција стопанскиот двор најчесто се појавува како придружна рамка на куќата, како простор на секојдневниот живот или како дел од организацијата на парцелата, но поретко како самостоен аналитички проблем.

Сепак, токму во тие истражувања се наоѓа и првичната основа за натамошно поместување кон стопанскиот двор. Кај Томовски, особено во анализите на Долно Водно и Преспа, стопанскиот двор престанува да се третира како заднина на куќата и станува читлива целина составена од куќа, стопански објекти, пристапи, отворени површини и односи кон теренот (Томовски, 1968; Томовски, 1972). Кај Намичев, особено во регионалната документација за Скопска Црна Гора, се појавува јасна свест дека типичниот состав на стопанскиот двор (куќа, бавча, амбар, фурна, кош, кочина, плевна, воловарник, кокошарник), претставува стабилизирана организациска шема, а не случајна акумулација на објекти (Намичев & Намичева, 2018). Со други зборови, иако селската куќа останува во преден план, литературата постепено открива дека нејзината вистинска читливост во руралните средини зависи од пошироката структура во која таа е вградена.

Компаративниот корпус дополнително го зајакнува ова поместување. Кај Којиќ, стопанскиот двор добива појасен статус како организациска целина што ги поврзува домувањето, стопанството и релацијата со земјиштето (Којић, 1958). Кај Лејк и Едвардс (Lake & Edwards), стопанскиот двор веќе почнува да се чита и како носител на историска трансформација, преку кој стануваат видливи промените во аграрната економија, производствениот режим и локалниот просторен идентитет (Lake & Edwards, 2008). Со тоа, стопанскиот двор се преместува од периферијата кон центарот на рурално-морфолошката анализа.

Па така, преминот од селската куќа кон стопанскиот двор не значи напуштање на куќата како истражувачка тема, туку нејзино вградување во поширока просторна логика. Куќата останува клучна компонента на руралното домување, но стопанскиот двор станува примарна аналитичка единица преку која може да се чита врската меѓу домувањето, производството и селото како морфолошка целина. Токму ова поместување ја отвора основата за дисертацијата да го постави стопанскиот двор како носител на просторна генеза и трансформација.

### 1.4.2. Од документација кон типологија

Втората клучна аналитичка линија е преминот од документација кон типологија. Македонскиот корпус има особено висока вредност како документациска основа, бидејќи содржи голем број теренски снимања, ситуации, технички цртежи, фотодокументација, описи на објекти, белешки за материјали, конструкција и амбиентални својства. Без оваа основа, денешното истражување би било лишено од можноста да ја реконструира традиционалната структура на руралното домување и нејзините регионални варијанти. Меѓутоа, документацијата сама по себе не е доволна. Таа обезбедува архив, но не секогаш обезбедува аналитички апарат преку кој просторните модели можат да станат споредливи, мерливи и објасниви.

Во домашната литература типолошката разработка е најконзистентно развиена на ниво на селската куќа. Типовите се дефинираат според катност, конструкција, внатрешна организација, регионална припадност или културно-историски контекст. Кај стопанскиот двор, типологијата најчесто останува имплицитна или фрагментарна. Наспроти тоа, во српскиот корпус, а особено кај Којиќ, Симоновиќ и Рибар, типолошката свест е појасно врзана за организацијата на стопанскиот двор, функционалното зонирање, диспозицијата на објектите и односот кон теренот (Којић, 1958; Симоновић & Рибар, 1993; Ribar, 1995). Во пошироката европска литература, на пример, кај Лејк и Едвардс (Lake & Edwards), типот се користи и како аналитички инструмент за читање на историските слоеви, трансформациите и степенот на зачуваност на стопанските дворови (Lake & Edwards, 2008).

Литературата покажува дека типологијата не треба да се сфати како каталог на форми, туку на неа треба да се гледа како на аналитичка алатка. Типот на стопанскиот двор не се определува само според надворешен изглед или според бројот на придружни објекти на куќата. Типот на стопанскиот двор го одредуваат различните релации меѓу куќата, стопанските објекти, отворениот простор, границите, пристапите, внатрешните патеки, функционалните зони и односот кон улицата и теренот. Само такво типолошко разбирање овозможува стопанскиот двор да стане споредлива и операционализирана единица во рамките на едно село, меѓу различни села и низ различни фази на трансформација. Затоа, синтезата на литературата јасно упатува дека следниот неопходен чекор не е ново документирање само по себе, туку преведување на постојната документациска база во типолошки јазик што ќе може да се користи за морфолошка анализа. Токму во оваа точка се формира преминот од опис кон објаснување, односно типологијата станува средство преку кое просторот престанува да биде само регистриран и почнува да се доживува како структуриран, споредуван и интерпретиран систем на повторливи правила.

### 1.4.3. Од парцела кон селска матрица

Третата аналитичка линија се однесува на преминот од анализа на парцелата и стопанскиот двор кон разбирање на селото како поширока морфолошка матрица. Во значаен дел од литературата, стопанскиот двор се појавува како локална просторна единица, а селото како поширок историски, демографски или географски контекст. Но најважните истражувачки линии јасно покажуваат дека овие две нивоа не треба да се третираат раздвоено. Руралната морфологија не е сума на поединечни куќи и дворови, ниту, пак, селото е апстрактна целина што може да се разбере без внатрешните механизми на неговото формирање.

Токму тука европската литература има особена тежина. Едало (Edallo) го третира руралниот простор како интегриран систем на село, стопанство и живеалиште (Edallo, 1946); Серени (Sereni) го чита аграрниот пејзаж како историски производ на односи меѓу земјиштето, стопанството и општествената организација (Sereni, 1961); Робертс и Вратмел (Roberts & Wrathmell) јасно покажуваат дека селото не е изолиран кластер на куќи, туку просторен систем во кој формата на населувањето е неразделна од организацијата на земјиштето и од историските режими на користење (Roberts & Wrathmell, 2002). Во македонски контекст, Трифуноски обезбедува исклучително важен регионален скелет за вакво читање, бидејќи ги поврзува природната средина, историјата, населбите, населението и стопанството во рамките на Скопска Црна Гора (Трифуноски, 1971).

Од таа перспектива, стопанскиот двор се појавува како посредничка алка меѓу микроскалата и макроскалата. Во него се концентрираат релациите меѓу куќата и стопанските објекти, функционалната организацијата на парцелата и односот кон обработливото земјиште. Промената на стопанскиот двор затоа не останува затворена на ниво на парцела. Таа се прелева во промени на континуитетот на селското ткиво, во модусот на раст, во стабилноста на локалните јадра, во пристапите и во односот меѓу изграденото и неизграденото. Со други зборови, стопанскиот двор е точката во која микропромените почнуваат да произведуваат макроморфолошки исходи.

Иако литературата дава силни појдовни точки за такво мултискаларно читање, таа ретко нуди интегриран модел што системски ќе покаже како точно трансформациите на стопанскиот двор влијаат врз селската матрица. Во домашниот корпус оваа врска е насетена, во српскиот и словенечкиот корпус е делумно разјаснета, а во поширокатa европска литература е концептуално засилена. Но и натаму недостига јасен аналитички мост меѓу парцелата, дворната организација, улицата, ткивото, јадрата и целината на селото. Токму во таа празнина се отвора просторот за концептуализација на „дворната матрица" како објаснувачка рамка што ќе ја поврзе трансформацијата на стопанскиот двор со морфолошката еволуција на селото.

### 1.4.4. Од наследена форма кон трансформација и развој

Четвртата аналитичка линија се однесува на преминот од наследена форма кон трансформација и развој. Во голем дел од постарата литература, руралната архитектура се третира првенствено како наследство што треба да се документира, да се валоризира и да се заштити. Ваквиот пристап има трајна вредност, бидејќи без него многу просторни модели би останале непознати или неповратно изгубени. Но современите рурални средини повеќе не можат да се сфатат само како конзерваторски проблем. Тие се подрачја на демографска промена, на распаѓање или пренамена на аграрните функции,

на нови форми на мобилност, на нови врски со градот и на нови просторни очекувања на домаќинствата.

Во таа насока, дел од компаративната литература прави важен чекор напред. Симпозиумот за старата селска архитектура мошне рано ја отвора темата на ревитализацијата како активна, а не фосилизирачка заштита (Томовски, 1972). Српскиот корпус, особено кај Симоновиќ, Рибар и Турншек, ја поврзува анализата на стопанскиот двор со реконструкција, современа организација и развојни насоки (Симоновић & Рибар, 1993; Ribar, 1995; Turnšek, 2007). Словенечката линија, преку Габријелчич и Фикфак (Gabrijelčič и Fikfak), уште поексплицитно покажува дека ригидната политика на заштита не може сама по себе да одговори на современите просторни потреби и дека новите структури во руралниот простор не смеат однапред да се интерпретираат само како нарушување (Gabrijelčič & Fikfak, 2001). Поширокaта европска литература за пејзажна промена и историска слоевитост дополнително потврдува дека континуитетот и трансформацијата мора да се читаат заедно, а не одвоено (Palang et al., 2004; Palang et al., 2006; García-Martín et al., 2021).

За стопанскиот двор, ова има особено важно значење. Редукцијата или исчезнувањето на стопанските објекти, нивната пренамена, компресијата на отворениот простор, сегментацијата на парцелите, промената на пристапите или трансформацијата на односот двор – улица не се само знаци на губење на традицијата, туку тие се конкретни индикатори на нов начин на функционирање на селото. Некои од овие промени се деструктивни и ја слабеат морфолошката читливост, а други можат да бидат адаптивни и да ја задржат или дури и да ја реартикулираат локалната просторна логика. Затоа, современото истражување не смее да се задоволи ниту со носталгична одбрана на наследената форма ниту со некритичко прифаќање на секоја нова интервенција.

Литературата јасно упатува на потребата од нов аналитички апарат што ќе овозможи трансформацијата да се разбира, да се вреднува и да се преведува во насоки за развој. Во оваа смисла, руралната архитектура не е само материјален остаток од минатото, туку динамична структура што мора да се анализира во однос на своите актуелни и идни просторни функции. Токму затоа, преминот од наследена форма кон трансформација и развој претставува една од најважните синтезни лекции од литературата и ја отвора можноста анализата на стопанските дворови да стане основа за просторно-планерски импликации, а не само за историска реконструкција.

Синтетички гледано, литературата се движи низ четири клучни аналитички поместувања:

- од селската куќа кон стопанскиот двор;
- од документација кон типологија;
- од парцела кон селска матрица;
- од наследена форма кон трансформација и развој.

Овие линии ја обезбедуваат суштинската подлога на ова истражување, но во македонскиот контекст остануваат распрснати меѓу повеќе дисциплини и без единствен оперативен модел што ќе ги поврзе во кохерентна методолошка рамка. Поради тоа, во следната секција се формулира научната празнина и се позиционира оваа дисертација како обид за интегрирање на тие линии во една современа морфолошко-типолошка и просторно-планерска рамка.

## 1.5. Идентификување на научни празнини и позиционирање на истражувањето

Прегледот на македонскиот истражувачки корпус, компаративните искуства од поранешниот југословенски простор и пошироките европски истражувачки линии покажува дека руралната архитектура е значајно документирана, типолошки читана и историски контекстуализирана, но сè уште не е интегрирана во единствен оперативен модел што стопанскиот двор ќе го третира како морфогенетски посредник меѓу парцелата и селската матрица. Во македонскиот контекст, знаењето останува концентрирано претежно околу селската куќа и традиционалните градителски елементи, додека стопанскиот двор најчесто се појавува како придружна, описна или амбиентална рамка. Од друга страна, компаративната и европската литература отвора важни аналитички линии (организација на дворот, врска меѓу населувањето и земјиштето, трансформација на руралниот простор и критичко читање на современата промена), но тие линии остануваат распрснати и само делумно преведени во македонски услови. Токму од оваа состојба произлегува научната празнина што ја адресира оваа дисертација.

### 1.5.1. Недостиг од современа емпириска база за стопанските дворови

Првата јасна празнина е емпириска. Домашната литература обезбедува важни историски, документациски и регионални записи, но најголемиот дел од тие записи се однесуваат на традиционални состојби, на теренски снимања од средината на XX век или на понови прилози со ограничен обем и селективен опфат (Томовски, 1968; Томовски, 1972; Намичев & Намичева, 2018). Генералниот впечаток е дека недостига современа и систематизирана база за стопанските дворови во македонските села, особено во поглед на нивната актуелна состојба, типови, фази на трансформација и нови форми на користење.

Овој недостиг е особено чувствителен во просторот на Скопска Црна Гора. Иако постојат значајни регионални индиции за традиционалната организација на куќата и стопанскиот двор, како и антропогеографски и етнографски податоци за поширокиот просторен и стопански контекст, не постои современа споредлива база што би овозможила системско следење на трансформациите низ повеќе села, низ повеќе размери и низ повеќе фази на развој (Трифуноски, 1971; Намичев & Намичева, 2018; Halpern & Kerevski-Halpern, 2004). Без таква база, анализата на руралната промена останува фрагментарна и претежно описна.

### 1.5.2. Недостиг од системска морфолошко-типолошка операционализација

Втората празнина е методолошка. И покрај тоа што домашниот корпус ја документира селската куќа, локалните градителски логики и во одделни случаи просторната организација на стопанскиот двор, сепак тој ретко е операционализиран како посебна аналитичка единица. Најчесто се појавува како прилог кон куќата, како дел од парцелата или како описен амбиентален контекст, без јасно определени параметри на читање, без издвоени единици на анализа и без индикатори што би овозможиле споредливост меѓу различни локални контексти и меѓу различни фази на трансформација.

Наспроти тоа, компаративните корпуси покажуваат дека стопанскиот двор може да се чита низ функционално зонирање, диспозиција на објектите, пристапи, однос кон теренот, морфолошка организација и типолошка структура (Којић, 1958; Симоновић & Рибар, 1993; Ribar, 1995; Lake & Edwards, 2008). Во македонски услови, токму ваква

системска морфолошко-типолошка операционализација сè уште недостига. Поради тоа, стопанскиот двор останува недоволно читлив како просторна единица со сопствена внатрешна логика и со мерливо влијание врз пошироката структура на селото.

### 1.5.3. Недостиг од модел што ја поврзува парцелата со селската матрица

Третата празнина е објаснувачка и мултискаларна. Постојната литература нуди важни согледувања за врската меѓу селото, земјиштето, стопанството и пејзажот (Трифуноски, 1971; Edallo, 1946; Sereni, 1961; Roberts & Wrathmell, 2002), а дел од поновите европски истражувања покажуваат и како стопанскиот двор се трансформира заедно со промените во аграрната економија и локалниот просторен идентитет (Lake & Edwards, 2008). Сепак, меѓу овие аналитички линии и македонскиот емпириски контекст останува отворено клучното прашање, односно на кој начин микротрансформациите на ниво на парцела се акумулираат во макроисходи на ниво на селска матрица.

Со други зборови, недостига модел што јасно ќе ја поврзе секвенцата (парцела – дворна организација – улица – ткиво – јадро – село) и ќе покаже како редукцијата на стопанските функции, промената на пристапите, сегментацијата на парцелите или трансформацијата на односот двор – улица произведуваат различни морфолошки траектории. Во домашната литература оваа врска е насетена, во компаративната литература е делумно артикулирана, а во поширокaта европска литература е концептуално засилена. Но интегриран објаснувачки модел што системски ќе ја поврзе микроскалата на парцелата со макроскалата на селската матрица во македонски услови сè уште недостига.

### 1.5.4. Недостиг од превод на анализата во просторно-планерски мерки

Четвртата празнина е апликативна. Компаративната литература јасно покажува дека анализата на руралната архитектура и на стопанските дворови може да се преведе во принципи за реконструкција, критичка евалуација и насоки за натамошен развој (Симоновић & Рибар, 1993; Ribar, 1995; Turnšek, 2007; Gabrijelčič & Fikfak, 2001). Меѓутоа, во македонскиот контекст сè уште недостига систем на просторно-планерски мерки што произлегуваат директно од анализата на реалната состојба на стопанските дворови.

Постојат пошироки развојни, инфраструктурни и институционални рамки за руралниот простор, но тие во најголем дел не се засноваат врз прецизно морфолошко читање на дворот како основна просторна единица на селската трансформација. Со тоа, недостигаат јасни критериуми преку кои би се оценувале поединечните трансформации, нивната адаптивност и нивните последици врз селското ткиво, јадрата, модусите на раст и односот меѓу приватниот и колективниот простор. Па така, анализата често останува на ниво на опис, валоризација или општа развојна препорака, без да се претвори во operaбилен инструмент за управување со руралната промена.

### 1.5.5. Позиционирање на истражувањето

Токму во пресекот на овие четири празнини се позиционира оваа дисертација. Нејзината задача не е само да ги надополни постојните сознанија со нов материјал туку и да интегрира повеќе распрснати линии на знаење во единствена објаснувачка рамка. Затоа, истражувањето го поставува стопанскиот двор како примарна аналитичка единица, ја концептуализира „дворната матрица“ како систем на повторливи просторни

правила, ја операционализира трансформацијата преку типологија и морфогенетска секвенца (индикатор → механизам → морфолошки исход) и ја проверува предложената рамка низ компаративна студија на случај во три села на Скопска Црна Гора.

На тој начин, дисертацијата има цел истовремено да произведе современа емпириска база, морфолошко-типолошки протокол, модел за поврзување на микро- и макроскалата и основа за просторно-планерски мерки. Нејзиниот научен фокус не е само во регистрирањето на промените, туку во објаснувањето на внатрешните просторни правила преку кои тие промени се генерираат, се акумулираат и стануваат читливи на ниво на селото како целина.

Следствено, следната глава не претставува само општ теориски преглед, туку клучна оперативна рамка на истражувањето. Во неа се разработуваат поимот стопански двор, концептот на дворна матрица, типологијата како аналитички јазик, руралната морфологија и селската матрица, истражувачкиот дизајн и методолошкиот протокол преку кои научната празнина формулирана во оваа секција се претвора во проверлива истражувачка постапка.

# 2. ТЕОРЕТСКО-МЕТОДОЛОШКА РАМКА

По разгледувањето на досегашните научни и стручни истражувања за руралната архитектура во Македонија и во поширокиот компаративен контекст, се наметнува потребата од јасна теоретско-методолошка рамка преку која стопанскиот двор ќе престане да се разбира како изолиран придружен елемент на селската куќа и ќе почне да се согледува како клучна просторна единица во која се вкрстуваат домувањето, стопанството, движењето, организацијата на парцелата и односот кон улицата и селската матрица. Во таа смисла, ова поглавје ја воспоставува поимната и аналитичката основа на трудот и го означува преминот од преглед на литературата кон систематско истражување на руралната трансформација.

Суштината на истражувачкиот пристап е насочен од стопанскиот двор кон селската матрица, а промените не се разгледуваат само на ниво на поединечен стопански двор, туку како процеси што постепено се акумулираат и стануваат видливи во пошироката морфолошка структура на селото. Со тоа теоретско-методолошката рамка има двојна функција:

- да ги дефинира клучните поими и аналитичкиот јазик;
- да ги преведува во истражувачки протокол преку кој стопанските дворови, нивните трансформации и нивните пошироки просторни импликации можат дисциплинирано да се следат, да се споредуваат и да се интерпретираат.

Токму затоа ова поглавје претставува оперативно јадро на дисертацијата. Во него се разработуваат аналитичкиот статус на стопанскиот двор, концептот „дворна матрица“, типологијата како јазик на споредливост, руралната морфологија, истражувачкиот дизајн, методолошкиот протокол, операционализацијата на хипотезата и условите на валидација. Практично, се создава систем преку кој подоцна емпириската анализа на стопанските дворови ќе може да се чита како компаративно заснована морфогенетска секвенца што треба да помогне во разбирањето на просторната еволуција на селата во Скопска Црна Гора.

## 2.1. Стопанскиот двор како аналитичка единица

Во рамките на оваа дисертација, првиот услов за методолошка јасност е прецизно да се дефинира што точно претставува стопанскиот двор и зошто тој се третира како примарна аналитичка единица. Без такво определување, натамошната типологија, индикаторската операционализација и читањето на просторните промени би останале нестабилни. Затоа, во ова истражување стопанскиот двор се третира како сложена просторна и организациско-функционална единица во која се испреплетуваат домувањето, стопанството, движењето, границите и односот кон пошироката селска структура.

Едно од најраните и најсистематски формулирани определувања на стопанскиот двор во регионалниот корпус се среќава кај Бранислав Којиќ, кој селото го разбира како хиерархиски сложена целина составена од: огниште, куќа, стопански двор, населба и атар (Којић, 1958). Во таква рамка, стопанскиот двор не е само отворен простор поврзан со куќата, туку следно повисоко ниво во структурата на селото како површинска, организациска и функционална целина во која се распоредуваат различните активности на селското домаќинство. Овој увид е суштински важен за дисертацијата, затоа што овозможува стопанскиот двор да се издвои како просторен склоп со сопствена логика на составување и функционирање.




Сл. 12: Архитектонско-руристички организам на селото
Извор: Којић, Б. (1958). *Сеоска архитектура и руризам: Теорија и елементи*. Грађевинска књига.
(авторски превод)

Позиционирањето на стопанскиот двор како аналитичка единица е важно и поради тоа што токму на ова ниво најјасно може да се следи преминот од микроскалата кон макроскалата. Во стопанскиот двор се организираат најнепосредните односи меѓу куќата, стопанските објекти, отворениот простор, пристапите и границите, но истовремено преку тие односи дворната организација воспоставува релација со улицата, со соседните парцели, со моделот на населување и со поширoката аграрна и морфолошка логика на селото. Токму затоа, во оваа дисертација стопанскиот двор се разгледува како посредничка единица, бидејќи е доволно мал за да биде детално анализиран, но и доволно структурно значаен за преку него да станат видливи пошироките просторни промени во селската матрица.

Во ова истражување стопанскиот двор се дефинира како парцеларно втемелена (но не се изедначува целосно со парцелата) просторна единица што ги обединува куќата за домување, стопанските објекти, отворените површини, влезовите, внатрешните патеки, границите и функционалните зони. Значи, неговиот поим не се сведува ниту на самата куќа, ниту на катастарската парцела, ниту, пак, на една апстрактна околина на живеалиштето. Парцелата е имотна рамка, куќата е клучен, но не и единствен елемент, а стопанскиот двор е реалната просторна конфигурација преку која домаќинството го организира својот секојдневен живот, работата и односот кон поширокиот селски простор.

Во неговиот поимен опфат влегуваат: куќата како станбено јадро, објектите за чување и одгледување добиток, градбите за складирање, сушење, преработка и чување на земјоделски производи, бавчата и градината, работниот дворен простор и другите отворени површини, оградите, пристапите и внатрешните движења. Притоа, не е неопходно сите овие елементи да бидат присутни во секој конкретен пример во иста мера или во иста композиција. Она што е методолошки важно не е апсолутниот број на елементи, туку односот меѓу нив, односно начинот на кој тие формираат структурирана целина.

Во регионалниот контекст на Скопска Црна Гора, ова определување е дополнително поддржано од документациските записи за традиционалните стопански дворови, каде што куќата често е поставена во задниот дел од дворното место, пред неа се развива бавча или отворен работен простор, а во должина на границите или во посебни зони се распоредуваат амбарот, фурната, кошот, кочината, плевната, воловарникот, кокошарникот и сродните стопански елементи (Намичев, 2018). Ова не значи дека постои една фиксна и непроменлива идеална форма на стопанскиот двор, туку дека во локалната традиција може да се препознае доволно стабилен организациски образец што овозможува стопанскиот двор да се разбере како историски препознатлива и аналитички конзистентна целина.

Во стопанскиот двор најчесто може да се препознаат три основни, меѓусебно поврзани зони: станбена, економска и градинарска. Овие зони треба да се сфатат како доминантни функционално-просторни концентрации, а не строго геометриски или секогаш физички одвоени појаси. Станбената зона ја артикулира куќата и нејзиниот непосреден користен простор, економската зона ги собира објектите и отворените површини што посредуваат меѓу движењето и секојдневната употреба и се поврзани со стопанството и работата, а градинарската зона ја претставува површината што е наменета за обработката на земјиштето. Во некои стопански дворови овие зони се јасно разграничени, во други тие се преклопуваат, а во трети се компресирани во тесен и многу

интензивно користен простор. Токму таа варијабилност не ја укинува нивната аналитичка вредност, туку напротив, ја прави важна за типолошко читање.

Топографијата и односот кон теренот се исто така пресудни за разбирањето на организацијата на стопанските дворови. Како што покажуваат истражувањата на Томовски за Долно Водно и Преспа, конфигурацијата на теренот непосредно влијае врз големината, формата, пристапите и вертикалната поставеност на објектите во дворот (Томовски, 1968; Томовски, 1972). Во подрачја со наклон, стопанскиот двор неретко се развива на повеќе нивоа, со скали, рампи, пресеци и терасирани површини. Во порамни услови композицијата почесто се организира хоризонтално, со појасно одделени функционални сегменти. Искуствата на Симоновиќ и Рибар дополнително покажуваат дека организацијата на стопанскиот двор во однос на улицата, наклонот и работните текови не е случајна, туку е суштински дел од неговата функционална рационалност (Симоновић & Рибар, 1993; Ribar, 1995). Во нивниот пристап стопанскиот двор се разгледува преку функционалното зонирање, диспозицијата на објектите, пристапите и рационализацијата на производствените активности. За овој труд тоа е од исклучителна важност, бидејќи стопанскиот двор не се третира како живописен остаток на традицијата, туку како уреден систем во кој просторот директно посредува меѓу домувањето и работата.




Сл. 13: Хиерархиска оддалеченост на објектите
Извор: Симоновић, Ђ., & Рибар, М. (1993). *Уређење сеоских територија и насеља* (2. прерађено и допуњено издање). ИБИ – инжењеринг и пројектовање. (авторски превод)

Но просторната организација на стопанскиот двор не завршува на ниво на внатрешната композиција. Како што покажуваат Робертс и Вратмел (Roberts & Wrathmell), руралниот простор не може да се разгледува одвоено од аграрната структура и од начините на поврзување меѓу населувањето и земјиштето (Roberts & Wrathmell, 2002). Во таа перспектива, стопанскиот двор се јавува како клучна посредничка алка во која се пресекуваат домувањето, организацијата на работата, користењето на земјиштето

и правилата на секојдневниот пристап. Лејк и Едвардс (Lake & Edwards) дополнително покажуваат дека карактерот на стопанскиот двор треба да се разбере и преку неговата вкупна планска организација, позицијата на куќата, пристапите, односот меѓу отворените и затворените делови и степенот на промена низ времето (Lake & Edwards, 2008; Lake & Edwards, 2016). Оттука, анализата на стопанскиот двор во ова истражување не се сведува на планска ситуација на парцела, туку се однесува на читање на една просторна граматика.




Сл. 14: Различни примери на стопански дворови
Извор: Lake, J., & Edwards, B. (2016). *Historic farmsteads: A manual for recording*. Historic England.
(авторски превод)

Иако традиционалната литература често го претставува стопанскиот двор како стабилизирана или наследена форма, за потребите на ова истражување е важно тој да се разбере како историски променлива просторна структура. Неговата морфолошка вредност не лежи во тоа што останува непроменет, туку во тоа што во неговата

трансформација стануваат читливи подлабоките промени во начинот на живеење, организацијата на домаќинствата, аграрниот систем и односот меѓу селото и пошироката економска средина. Морфолошката анализа на стопанскиот двор во ова истражување се заснова и врз претпоставката дека просторната форма е посредувана од подлабоки социјални правила, колективни норми и облици на домашна организација коишто се впишуваат во самата структура на селото (Obrebski, 2002).

Низ еден подолг временски период, стопанскиот двор се развива како целина во која домувањето и стопанството се тесно поврзани. Но со промените во аграрната економија, со модернизацијата, со намалувањето на сточарството, со миграциите, со стареењето на населението и со промената на структурата на домаќинството, оваа внатрешна рамнотежа почнува да се нарушува. Дел од објектите ја губат првичната функција, други се адаптираат, трети исчезнуваат, а отворениот дворен простор се компресира, се сегментира или се пренаменува. Понекогаш стопанскиот двор станува претежно резиденцијален, понекогаш добива мешан начин на употреба, а понекогаш се претвора во хибридна просторна структура во која традиционалните и новите функции коегзистираат без целосно јасна граница.

Во македонски контекст, овие промени не можат да се разгледуваат само како резултат на природна еволуција на селото. Поствоениот период, аграрната реформа, промените во сопственичките и во производствените односи, индустријализацијата и натамошниот постсоцијалистички пресврт значително влијаат врз селскиот развој, а преку тоа и врз внатрешната организација на стопанскиот двор (Ачкоска, 1997). За селата на Скопска Црна Гора, антропогеографската рамка на Трифуноски е особено важна затоа што овозможува промените на стопанските дворови да се разберат како просторен израз на подлабоки демографски и стопански поместувања, а не само како поединечни интервенции на ниво на парцела (Трифуноски, 1971).

Истовремено, во пошироката европска литература се нагласува дека најголемата вредност на историските стопански дворови е во нивната автентичност како системи што можат да се следат низ степени на промена. Лејк и Едвардс (Lake & Edwards) покажуваат дека стопанските дворови можат да се анализираат според нивната планска форма, функција, позиција на куќата и степенот на трансформација, при што се разликуваат состојби на зачуваност, делумна загуба, редукција на стопанските функции или целосно исчезнување на првичната организација (Lake & Edwards, 2016). Овој пристап е исклучително важен за дисертацијата, бидејќи овозможува стопанскиот двор да не се чита бинарно (како зачуван или како уништен). Тој треба да се сфати како историски подвижен склоп во кој различни елементи можат да задржат, да изменат или да изгубат дел од првобитната просторна логика.

Стопанските дворови се поделени според големината, односно според површината на обработливата земја или бројот на добитокот што се одгледува, во четири групи:

- џуџести стопански дворови
- мали стопански дворови
- средни стопански дворови
- големи стопански дворови

Џуџестите стопански дворови располагаат со површина од 0,5 до 2,0 хектари обработлива земја и, по правило, претставуваат индивидуални стопански дворови. Тие може да имаат најразлични форми зависно од локалните услови. Во рамките на овие дворови, објектите за производство (стаи, кокошарници и сл.) обично се градат

затворени или полузатворени и најчесто се поврзани со станбениот објект. Тие меѓу себе по правило треба да се одвоени со противпожарен ѕид (Радевски и Павловски, 2023).

Бидејќи најголемиот дел од стопанските дворови во селата спаѓаат во категоријата џуџести, односно индивидуални стопански дворови, за добивање појасна слика ќе бидат направени две поткатегории:

- мал индивидуален стопански двор – до 1000 $m^2$
- голем индивидуален стопански двор – над 1000 $m^2$

Во теориска смисла, стопанскиот двор во оваа дисертација се разбира како просторна единица со двоен статус. Од една страна, тој е материјален и употребен склоп, кој претставува место за домување, работа, чување добиток, обработка на земјиште, движење и секојдневна репродукција на домаќинството. Од друга страна, тој е аналитичка единица преку која можат да се реконструираат подлабоки просторни правила, како што се односот меѓу приватното и колективното, начините на внатрешната организација, степенот на затвореност или отвореност, логиката на пристапот и типот на поврзувањето со селската матрица. Токму затоа, тој е почетната и незаменлива точка на целото истражување.

## 2.2. Дворната матрица како објаснувачка рамка

Откако стопанскиот двор е дефиниран како аналитичка единица, следниот неопходен чекор е да се развие поимот преку кој таа единица станува објаснувачки продуктивна. Во оваа дисертација тој поим е „дворната матрица“. Нејзината функција е двојна. Прво, таа овозможува стопанскиот двор да не се разгледува како проста парцела со збир од објекти, ниту како пасивен остаток од традиционалното стопанство, туку како релациски систем во кој домувањето, стопанството, движењето, границите и секојдневните практики се организираат според препознатливи просторни правила. Второ, таа овозможува микроскалата на парцелата да се поврзе со макроскалата на селската матрица, односно промените на ниво на парцела да се објаснат како дел од поширока морфолошка еволуција на селото.

Дворната матрица не е дополнителен термин, ниту метафоричен опис на стопанскиот двор. Таа претставува централна објаснувачка рамка на истражувањето. Нејзината потреба произлегува од јасно воочлива методолошка празнина, односно тоа што постојната литература или го третира стопанскиот двор како придружен простор на куќата или ја опишува руралната трансформација преку општи процеси без прецизен просторен механизам. Наспроти тоа, дворната матрица овде се воведува како концепт преку кој се реконструираат внатрешните правила што ја посредуваат врската меѓу домаќинството, парцелата, улицата, селското ткиво и пошироката аграрна структура. Како и секоја матрица, така и таа не го исцртува однапред секој поединечен исход. Преку неа се поставуваат условите и релациите со кои одделните варијанти се појавуваат како препознатливи. Во таа смисла, дворната матрица е подлабока од видливата форма на стопанскиот двор и пофлексибилна од типолошки каталог бидејќи таа не опишува едно идеално решение, туку релациска логика што дозволува варијанти, адаптации и поместувања.

Повторливоста на дворната матрица не треба да се разбира како буквална повторливост на иста композиција, иста форма или ист број објекти. Повторливоста е релациска, а не графичка.

Дворната матрица се изразува преку стабилноста на неколку основни односи:

- каде се поставува куќата во однос на улицата и парцелата;
- каде се распоредуваат стопанските објекти;
- како функционираат влезовите и внатрешните патеки;
- како се воспоставува границата меѓу станбениот, стопанскиот и градинарскиот дел;
- како дворот комуницира со улицата, соседството и обработливото земјиште.

Затоа, два стопански двора можат видливо да се разликуваат по големина и форма, а сепак да припаѓаат на иста матрична логика.

За аналитички потреби, основните компоненти на дворната матрица можат да се групираат во три меѓусебно поврзани нивоа:

1. конститутивни;
2. организациски;
3. посредувачко-адаптивни.

Конститутивните компоненти се оние без кои стопанскиот двор не може да се артикулира како просторна целина: системот на граници, системот на влезови и поставеноста на куќата. Границите (ѕидови, огради, оградни линии или природни рабови), освен за разграничување на парцелата, ја дефинираат и автономијата на дворот и начинот на кој тој се отвора или се затвора кон соседството и улицата. Влезот, како примарна точка на премин, претставува фронт што го организира односот меѓу јавниот и приватниот домен. Позицијата на куќата ја воспоставува основната композициона оска на стопанскиот двор, односно дали станбениот објект го формира фронтот кон улицата, дали е повлечен во задниот дел, дали е странично поставен или дејствува како посредник меѓу влезот и другите функции.

Организациските компоненти се однесуваат на внатрешната логика на стопанскиот двор. Во нив спаѓаат: внатрешната циркулација, функционалното зонирање, релацијата меѓу изграденото и неизграденото и диспозицијата на стопанските објекти. Внатрешната циркулација ги означува патеките на секојдневното движење што ги опфаќаат релациите од влезот до куќата, од куќата до стопанските објекти, од дворот до обработливото земјиште на парцелата. Функционалното зонирање се однесува на организацијата на станбениот, стопанскиот и градинарскиот дел. Овие зони не мора да бидат строго раздвоени, но секогаш воспоставуваат одреден сооднос, како што се блискост, одвоеност или преклопување. Токму тука стопанскиот двор се покажува како простор во кој домувањето и стопанството не се апсолутно одделени, туку се организирани во специфична меѓузависност.

Посредувачко-адаптивните компоненти ја поврзуваат внатрешната структура на стопанскиот двор со поширокиот просторен контекст. Во нив спаѓаат односот двор – улица, односот кон соседните парцели, адаптацијата кон теренот и врската со пошироката аграрна структура. Односот двор – улица е особено важен бидејќи претставува точка на пресек меѓу приватниот простор на домаќинството и колективниот простор на селото. Неговата читливост зависи од повеќе фактори, како што се степенот на визуелна отвореност, типот на оградата, присуството или отсуството на преддворен простор, ритамот на влезовите и односот на куќата кон уличната линија. Односот кон соседните парцели покажува дали стопанскиот двор функционира како затворена автономна единица, како дел од континуирана текстура или како карика во кластер од блиски стопански дворови и микројадра. Теренот дополнително ја модифицира дворната матрица. Па така, наклонот, висинските разлики и природните услови покрај тоа што ја

менуваат формата на стопанскиот двор, ги преуредуваат и пристапите, нивелирањето, позицијата на објектите и внатрешната хиерархија на просторот.

Токму затоа, дворната матрица има и временска димензија. Таа може да опстојува и кога поединечни елементи ќе се сменат, ќе исчезнат или ќе добијат нова намена. Дури и кога стопанскиот двор повеќе не функционира како полн аграрно-производен комплекс, неговата матрица често останува читлива во поставеноста на куќата, во линијата на оградите, во патеките на движење, во празнините што некогаш биле работни површини. Со други зборови, трансформацијата не мора да значи целосен раскин со матрицата. Таа може да значи нејзино редуцирање, компресирање, пренамена или делумно репрограмирање (Lake & Edwards, 2008; Lake & Edwards, 2016).

Од ова следува една важна методолошка разлика:

- парцелата претставува формално-имотна рамка;
- типот претставува аналитички именлива конфигурација;
- дворната матрица го означува генеративниот систем на нивните внатрешни релации;
- селската матрица е поширокиот морфолошки ефект од нивното акумулирање на ниво на село.

Ова разграничување е суштинско, бидејќи овозможува промената да се чита како процес што посредува кон уличниот фронт, ткивото, микројадрата и пошироката форма на селото, а не само како модификација на една парцела (Којиќ, 1958; Roberts & Wrathmell, 2002; Lake & Edwards, 2008; Lake & Edwards, 2016).

Дворната матрица станува навистина објаснувачки силна дури тогаш кога ќе се покаже дека нејзината промена произведува пошироки морфолошки последици. Во спротивно, таа би останала само описен инструмент за читање на парцелата. Во оваа дисертација нејзината вредност е токму во тоа што овозможува секојдневните, постепени и често незабележливи промени во стопанските дворови да се препознаат како носители на пошироки просторни ефекти. Селото не се трансформира само преку крупни плански интервенции или преку драматични настани. Тоа се трансформира и преку низа тивки, кумулативни и локално мотивирани препрограмирања на стопанските дворови.

Морфогенетскиот карактер на стопанскиот двор не значи дека секој поединечен стопански двор самостојно ја создава формата на селото. Тој значи дека селската форма е резултат на повторување, адаптација и наслојување на многу дворни матрици низ времето. Кога одреден вид трансформација станува честа појава (на пример, редукција на стопанските објекти и проширување на станбениот дел, или парцеларна сегментација и воведување нови пристапи), тогаш матричната промена престанува да биде приватен случај и почнува да дејствува како морфолошка сила. Во тој момент, стопанскиот двор станува носител на селската промена.

Со тоа, дворната матрица не е само матрица на внатрешна организација, туку матрица на просторна еволуција. Преку неа станува можно да се разбере како стопанскиот двор посредува меѓу индивидуалното домаќинство и колективната форма на селото, односно како мали промени се акумулираат во големи морфолошки поместувања и како руралната трансформација може да се чита не само преку исходите, туку и преку правилата што ги создаваат тие исходи. Токму затоа, концептот на дворна матрица е клучниот мост меѓу дефинирањето на предметот на истражувањето и неговата натамошна аналитичка операционализација.

## 2.3. Типологијата како аналитички јазик

Откако дворната матрица е поставена како објаснувачка рамка, следниот чекор е да се воспостави јазикот преку кој таа рамка станува видлива, именлива и споредлива. Во овој труд, тој јазик е типологијата. Тука типологијата не се користи за да произведе каталог на форми, ниту да издвојува идеални традиционални модели што би служеле како норма. Нејзината задача е од конкретните дворни состојби да извлече повторливи просторни логики. Затоа типологијата не е завршница на описот, туку почеток на објаснувањето.

Во оваа дисертација типот не се разбира како визуелна шема. Типот едноставно претставува правило на просторна организација. Два стопански двора можат да се разликуваат според димензии, функционалност и степен на зачуваност, а сепак да припаѓаат на ист тип ако се темелат врз иста организациска логика како сличен однос меѓу куќата и стопанските објекти, споредливи пристапи, слична структура на зонирање и сроден однос кон улицата. Во таа смисла, типот е аналитички код, а не каталог на форми. Ова е суштинско, затоа што руралниот простор речиси никогаш не нуди совршено идентични примери, па така она што е споредливо не е надворешната сличност, туку внатрешната организациска логика.

Типологијата овде има посредно место меѓу описот и објаснувањето. Самото теренско набљудување може да регистрира број на објекти, позиција на куќата, вид ограда, присуство или отсуство на градинарска зона, пренамена или некоја друга состојба на објектите. Но типологијата дури отпосле овозможува тие поединечни податоци да се организираат во читливи конфигурации. Токму преку неа станува можно да се препознае дали одреден стопански двор претставува интегрирана организациска целина, компресирана и редуцирана варијанта на поранешен тип, хибрид меѓу традиционална и современа логика или, пак, фрагментиран склоп во кој првичната дворна матрица е делумно нарушена. Затоа типологијата овде не е споредна техничка постапка. Типологијата претставува клучен аналитички инструмент што го прави возможен преминот од конкретен случај кон споредлив систем на случаи.

Во овој контекст особено е важно што типологијата не се гради изолирано од пошироката морфологија. Како што и во пошироката архитектонско-морфолошка дебата типот на домувањето не произлегува од поединечен објект, туку од неговата релација со текстурата и пошироката просторна организација на селото, така и овде типот на стопанскиот двор не може да се дефинира надвор од неговиот однос со парцелата, улицата, соседните стопански дворови и селската матрица. Тоа значи дека типологијата во ова истражување не е автономна дисциплина во рамките на теоретско-методолошката глава, туку јазик преку кој се преведува односот дел – целина (од стопански двор како аналитичка единица кон селото како морфолошка целина).

Теориската оправданост на ваквиот пристап може да се потврди преку неколку важни линии. Кај Роси (Rossi), идејата за „артефакт“ упатува на тоа дека формата не се исцрпува со моменталната функција, туку носи историја, трајност и колективна меморија (Rossi, 1982). Во контекст на стопанскиот двор, тоа значи дека неговата типолошка читливост не исчезнува со промената на програмата, па дури и во случај кога плевната или амбарот ќе ја изгубат првичната функција, нивната просторна положба, релација со куќата и нивниот удел во композицијата продолжуваат да сведочат за една подлабока организациска логика.




Сл. 15: Типови домување со внатрешни дворови
Извор: Rossi, A. (1982). *The architecture of the city* (D. Ghirardo & J. Ockman, Trans.). MIT Press. (Original work published 1966) (авторски превод)

Кај Норберг-Шулц (Norberg-Schulz), категоријата „место“ овозможува да се разбере зошто некои трансформации произведуваат загуба на идентитет, но не поради стилска промена сама по себе, туку поради распад на релациите што му даваат смисла на просторот (Norberg-Schulz, 1971). Ако типот се разбере само како геометриска формула, тогаш секоја трансформација може да изгледа како едноставна замена на елементи. Но ако типот се разбере како организациска логика што го стабилизира местото, тогаш станува јасно дека одредени промени, како, на пример, целосно затворање на стопанскиот двор кон улицата, губење на работниот средишен простор или радикална пренамена на стопанските објекти, не го менуваат само изгледот, туку ја нарушуваат самата просторна смисла на стопанскиот двор.




Сл. 16: Организација на фарма
Извор: Norberg-Schulz, C. (1971). *Existence, space & architecture*. Praeger. (авторски превод)

Кај Рудофски (Rudofsky), вернакуларната архитектура се афирмира како рационален просторен одговор изграден од акумулирано искуство, а не од апстрактна проектна волја (Rudofsky, 1964). Ова е особено важно за разбирањето на стопанскиот двор како практичен и проверлив систем. Наместо да се тргнува од претпоставка дека традиционалниот двор е само фолклорен остаток, типолошкиот пристап покажува дека тој е резултат на селекција, рационализација и долговремено приспособување кон домувањето, работата, теренот, климата и социјалните односи. Во таа смисла, типот го регистрира знаењето што е вградено во самиот простор.




Сл. 17: Оградени простори
Извор: Rudofsky, B. (1964). *Architecture without architects*. The Museum of Modern Art. (авторски превод)

Кај Александер (Alexander), повторливите просторни односи се разбираат како обрасци што посредуваат меѓу формата и животните практики (Alexander et al., 1977). Во рамките на овој труд, ова овозможува зонирањето, пристапот, границите, релацијата меѓу куќата и стопанските објекти и соседските контакти да се разгледуваат како структурирани и повторливи односи, а не како случајни композиции. Овој аспект е многу важен затоа што ја поврзува типологијата со секојдневниот живот според кој типот е посредник меѓу формата и практиката.




Сл. 18: Оски на функции
Извор: Alexander, C., Ishikawa, S., Silverstein, M., Jacobson, M., Fiksdahl-King, I., & Angel, S. (1977). *A pattern language: Towns, buildings, construction.* Oxford University Press. (авторски превод)

На крајот, типологијата има и јасна методолошка функција во компаративната логика на трудот. Таа овозможува различни стопански дворови од различни села да се споредуваат низ исти аналитички категории, без притоа да се избрише нивната локална специфичност. Со тоа, типологијата, покрај тоа што служи да ги уедначи случаите, таа служи и да ги направи споредливи. Во овој труд тоа е клучно бидејќи преку неа дворната матрица станува видлива, историската променливост станува именлива, а трансформацијата станува аналитички следлива. Во овој труд типологијата претставува јазик преку кој стопанскиот двор се преведува од конкретен емпириски случај во аргументирана научна анализа.

## 2.4. Рурална морфологија

По дефинирањето на стопанскиот двор како аналитичка единица, на дворната матрица како објаснувачка рамка и на типологијата како аналитички јазик, следниот чекор е нивно поставување во поширокото поле на руралната морфологија. Во ова истражување руралната морфологија не претставува само попис на видливи форми. Таа се сфаќа како систем во кој домувањето, стопанството, земјиштето, топографијата, линиите на пристап и локалната историја дејствуваат заедно (Roberts & Wrathmell, 2002; Lake & Edwards, 2008).




Сл. 19: Модели на нуклеација, дисперзија и теренски системи
Извор: Roberts, B. K., & Wrathmell, S. (2002). *Region and place: A study of English rural settlement*. English Heritage. (авторски превод)

Руралната морфологија во овој труд се темели врз повеќескална логика:

1. Првото ниво е релацијата (парцела – куќа – стопански двор), каде што се формира примарната морфолошка клетка на селото. Токму тука стануваат видливи основните просторни правила: поставеноста на куќата, релацијата со стопанските објекти, поделбата на отворениот простор, системот на пристапи и патеките на секојдневното движење. Ако се занемари ова ниво, селската морфологија лесно се редуцира на карта од објекти, без разбирање на внатрешниот механизам што ги организира.
2. Второто ниво е релацијата (стопански двор – улица – фронт), каде што се артикулира односот меѓу приватниот и колективниот простор. Ова ниво е од особена важност, бидејќи токму на него поединечната организација на стопанскиот двор почнува да произведува ефект врз селската форма. Улицата не е само линија на комуникација, туку просторен регистар на селската читливост и преку неа се гледа како стопанските дворови се отвораат или се затвораат, дали куќата го формира фронтот или е повлечена, дали има континуитет во оградите и влезовите и дали се создава јасен однос меѓу индивидуалната парцела и колективниот простор на селото. Токму затоа, промените во односот двор – улица не остануваат на ниво на еден имот, туку стануваат морфолошки значајни.
3. Третото ниво се ткивото и микројадрата. Повторувањето или нарушувањето на дворните матрици произведува пошироки ефекти врз континуитетот на селската структура. Кога слични дворни правила се акумулираат во групи парцели, тие создаваат препознатливи фрагменти на ткиво или делови од селото со јасна морфолошка логика. Таму каде што неколку такви групирања добиваат и програмска тежина, се појавуваат микројадра, односно мали центри на концентрирано движење, социјални контакти или трансформациски притисок. Ако, пак, дворните матрици се распаѓаат преку парцеларна сегментација, затворање, нови пристапи и пренамени, тогаш ткивото станува понепостојано, пофрагментирано и помалку читливо.
4. Четвртото ниво е селската матрица како целина. Под овој поим овде не се мисли само на планската силуета на селото или на неговата мрежа од улици и парцели, туку на акумулираниот морфолошки ефект од многубројни дворни организации низ времето. Во селската матрица се впишуваат компактноста или дифузноста на ткивото, стабилноста или распаѓањето на јадрата, модусите на раст, степенот на периферизација и односот меѓу старото јадро и поновите екстензии. Во оваа логика, стопанскиот двор не е само последица на селската форма, туку е еден од механизмите преку кои таа форма се произведува и се менува.

Важен аспект на оваа рамка е тоа што руралната морфологија не може да се одвои од топографијата и од организацијата на земјиштето. Падините, висинските разлики, линиите на доловите, пристапот до вода, положбата на обработливите површини и односот кон шумите и пасиштата не се само контекст, туку се и конститутивни услови на руралната форма. Во Скопска Црна Гора тие влијанија се особено изразени.

Расчленетоста на теренот, ридско-планинскиот карактер и различните висински позиции директно влијаат врз распоредот на селата и врз релацијата меѓу населбата, стопанскиот двор и пошироиот предел. Токму затоа, една иста трансформација на стопанскиот двор нема нужно исто морфолошко значење во различни села или на различни положби.

Руралната морфологија истовремено има и историска димензија. Селската матрица претставува резултат на наслагани слоеви низ различни периоди на раст, адаптација, стагнација и пренамена. Историските јадра, дополнителните краци на раст, периферните згуснувања, напуштените или редуцирани делови од селото, ја формираат и ја

отсликуваат морфолошка слоевитост. Затоа секоја моментална состојба треба да се чита и како резултат на минати организациски правила. Во оваа перспектива, руралната морфологија овозможува да се поврзе историјата на домаќинствата и стопанството со просторно читливите форми на селото.

На ова место е важно да се нагласи и разликата меѓу руралната морфологија и чисто описните пристапи кон селската структура. Дескриптивниот пристап може да констатира дека некое село е збиено или разбиено, компактно или дифузно. Морфолошкиот пристап, за разлика од тоа, треба да покаже преку кои просторни односи, преку кои повторливи дворни логики и преку кои механизми на акумулација доаѓа до таква состојба. Со други зборови, руралната морфологија во овој труд не е крајна дијагноза на видливи форми, туку средство за објаснување на нивната генеза.

Во тој поглед, руралната морфологија претставува неопходен мост меѓу типологијата на стопанскиот двор и истражувачкиот дизајн на дисертацијата. Без неа стопанскиот двор би станал преголемо зумирање врз парцелата, а селото би станало прегруба просторна апстракција. Преку морфолошката рамка станува можно да се покаже како локалните организациски правила на стопанскиот двор се преведуваат во поширока селска структура, и обратно, како селската матрица го ограничува или го насочува натамошниот развој на стопанскиот двор. Затоа, руралната морфологија овде не е паралелен теориски слој. Нејзината улога е да биде клучен посредник во врската меѓу аналитичката единица и компаративната интерпретација.

Па така, селската матрица во овој труд треба да се разбере како динамична просторна целина чии морфолошки карактеристики се производ на кумулативни микротрансформации. Ова значи дека промени, како што се згуснување, периферизација, фрагментација или полицентрично групирање, не можат да се објаснат без следење на нивната микропросторна основа. Стопанскиот двор е почетната точка на ова читање, но руралната морфологија е рамката преку која неговата важност станува видлива на ниво на село. На тој начин се воспоставува и логичниот премин кон истражувачкиот дизајн. Откако станува јасно дека стопанскиот двор посредува кон селската матрица, тогаш може да се покаже преку кој компаративен и методолошки апарат тоа посредување ќе биде емпириски проверено.

### 2.5. Истражувачки дизајн: компаративна студија на случај

Истражувачкиот дизајн на оваа дисертација е поставен како компаративна студија на случај. Причината за ваквиот избор лежи во самата природа на истражувачкиот проблем, односно целта на трудот не е да произведе статистички просек за сите села во Македонија, ниту да понуди дескриптивен каталог на поединечни состојби. Целта на трудот е да идентификува структурни обрасци, типолошки варијанти и трансформациски механизми преку кои стопанскиот двор посредува меѓу микропросторната организација на парцелата и макроморфологијата на селото. Студијата на случај овде не е форма на илустрација, туку аналитички инструмент на споредливост.

Како регионална рамка на истражувањето е избрана Скопска Црна Гора. Овој избор произлегува од нејзината изразена природногеографска индивидуалност и од непосредната релација со Скопската Котлина и градот Скопје. Скопска Црна Гора се простира северно од Скопската Котлина и претставува ридско-планинска целина, чија расчленетост, висинска диференцијација и долинска структура непосредно имаат влијание врз просторната организација на селата и врз односот меѓу населбата,

стопанскиот двор и поширокиот предел. Истовремено, положбената отвореност кон Скопје овозможува во овој простор да се следат и природно условени, но и урбано индуцирани трансформации. Тоа ја прави Скопска Црна Гора погодна како контролирана истражувачка средина, која е доволно единствена за да овозможи споредливост, но и доволно диференцирана за да ги открие разликите во профилите на просторна еволуција.

Дополнителна методолошка предност на Скопска Црна Гора е тоа што таа не претставува хомогена населбинска група, туку внатрешно диференциран рурален систем. Во рамките на истиот регион се среќаваат различни големини на села на различни висински местоположби, различни функционални профили и различни облици на изграденост. Важен аспект на истражувачкиот дизајн е тоа што изборот на студиите на случај не се темели само на видливата разлика во големината или положбата на селата, туку и на можноста тие да се читаат преку заеднички аналитички апарат. За студиите на случај да не останат три одделни монографии, нивната споредба се води преку стабилни компаративни оски: положбена и територијална рамка, морфолошка состојба на селото, типолошка структура на дворовите, трансформациски механизми и морфолошки исходи. Со тоа се воспоставува дисциплинирана споредливост меѓу различни рурални контексти, но без да се изгуби регионалната заедничка основа.

Селата на Скопска Црна Гора, иако се дел од поширокиот систем на Скопската Котлина, претставуваат посебни рурални конфигурации во кои односот меѓу стопанскиот двор и селската матрица добива различни форми на артикулација. Компаративната анализа на трите студии на случај е поставена така што преку нивната различна надморска положба, различна пристапност и различна релација кон Скопје ги идентификува механизмите преку кои стопанскиот двор посредува меѓу микропросторната организација и поширокатa морфологија на селото (Панов, 1971).

Во рамките на истиот методолошки хоризонт, популацискиот развој на селата се разбира како процес што не произлегува само од внатрешната демографска динамика, туку и од просторните детерминанти на нивниот развој. Поради тоа, анализата не се ограничува на формален опис на селските структури. Анализата ги поврзува морфолошките својства на населбите со нивната микроположба, со висинската зоналност, со местото во мрежата на населби и со односот кон градското јадро. Во таква поставеност, стопанскиот двор се покажува како особено чувствителна аналитичка единица, преку која пошироките просторни и демографски процеси стануваат читливи на нивото на парцелата и на селското ткиво (Даскаловски, 1985; Даскаловски, 1993; Даскаловски, 1999).

Во дизајнот на истражувањето, важна е и неговата отвореност кон концептот за одржлив развој. Концептот на одржлив развој е опишан во Извештајот Брантленд од 1987 година како „развој што ги задоволува потребите на сегашноста без да ја загрози можноста на идните генерации да ги задоволат своите сопствени потреби“ (Brundtland Commission, 1987). Од Извештајот Брантленд, концептот за одржлив развој се развива пошироко од почетната меѓугенерациска рамка и почнува да се фокусира се повеќе на целта за „општествено инклузивен и еколошки одржлив економски раст“ (Sachs, 2015). Концептот за одржлив развој може да се замисли како три сфери или столба: животна средина, економија и општество. Оваа рамка од три сфери некои автори сметаат дека треба да се прошири со вклучување на четврта сфера, која ја опфаќа културата, институциите и управувањето, со што концептот на одржлив развој го редефинираат во четири сфери или столбови: општество-екологија, економија, политика и култура (James et al., 2015). Одрживото планирање на урбани и рурални средини вклучува различни

теоретски концепти што се користат да се разработат и да се применат стратегии и практики за развој којшто прави баланс меѓу економската, социјалната и економската димензија. Целите за одржлив развој или глобалните цели претставуваат збирка од 17 меѓусебно поврзани цели што се проектирани да бидат „план за постигнување подобра и поодржлива иднина за сите“. Целите за одржлив развој беа донесени во 2015 година на Генералното собрание на Обединетите нации и се планира да се остварат до 2030 година (United Nations, 2015).

Стопанските дворови сами по себе не се доволни за функционирање и за одржлив развој на селата. Турншек во своето истражување дефинира пет фактори на одржливост на селото: население, селски атар, услови за живот, инфраструктура и постојна состојба на домаќинствата и објектите (Turnšek, 2014).

Овие пет фактори на одржливост на селото ќе се користат како аналитички апарат за проверка на состојбата на стопанските дворови во селата на Скопска Црна Гора. Тие ги опфаќаат социјалните, еколошките, економските и просторните аспекти на руралниот живот и обезбедуваат рамка за процена на долгорочната одржливост и квалитетот на животот во руралните средини:

1. Населението – ја претставува демографската структура и е основниот индикатор за континуитетот и виталноста на руралните средини. Од архитектонско-урбанистички аспект, бројот и старосната структура на жителите директно влијае врз просторната динамика на стопанските дворови. Стабилната демографска структура на населението создава предуслов за одржлив рурален развој;
2. Селскиот атар – ја определува морфолошката рамка во која се одвиваат сите процеси на планирање и користење на земјиштето. Одржливото управување со атарот овозможува да се создаде баланс меѓу природното и изградените, со цел да се зачувува просторниот идентитет на селото;
3. Условите за живот – во архитектонско-урбанистичка смисла се одредуваат преку квалитетот на домувањето, како и застапеноста на содржини од образовен, здравствен и социјален карактер. Подобрувањето на условите за живот ја зајакнува социјалната кохезија и го стимулира здржувањето или враќањето на населението во селата;
4. Инфраструктурата – ги опфаќа сите инфраструктурни системи што ги користат жителите во секојдневниот живот. Одржливата инфраструктура принесува за рамномерен просторен развој и за создавање современи рурални заедници;
5. Постојната состојба на домаќинствата и објектите – ја претставува сликата на просторната организација изразена преку економската димензија и овозможува да се утврдат потенцијалите за ревитализација и воведување елементи на одржливост во идниот развоен модел. Домаќинствата и објектите коишто ги користат тие, всушност, ги претставуваат стопанските дворови коишто се и главен предмет на ова истражување.

Современите европски истражувања за просторно планирање и користење на земјиштето укажуваат дека урбанизацијата не е еднонасочен процес и не може да се чита само преку дихотомијата „раст – ширење“. Ова е релевантно и за руралните средини, затоа што трансформациите во селата често се резултат на процеси, како што перцепција на селото како викенд-резиденцијална алтернатива, функционално префрлање на стопанството, редукција на производните практики или пренамена на стопанските објекти. Денес политичкиот дискурс се фокусира на концептот на одржливост. Особено во Европа постои опиплива загриженост дека сегашните одлуки и практики за планирање

негативно влијаат врз идните генерации и го поткопуваат долгорочниот економски просперитет, социјалната кохезија и еколошката виталност (Hennig et al. 2015).

ESPON (European Spatial Planning Observation Network) е програма иницирана од Европската комисија и владите на земјите членки на Европската Унија во 1998 година. ESPON организира и финансира применети истражувања, анализи засновани врз специфични контексти и прибирање систематски податоци, интерактивни мапи, совети за политики и паневропска компаративна анализа, со што им помага на регионите, градовите и на националните влади да го подобрат квалитетот на нивното одлучување при спроведувањето и следењето на нивните политики и стратегии. Анализите на ESPON, исто така, ги опфаќаат прекуграничните, меѓурегионалните и транснационалните области, вклучувајќи ги земјите од ИПА (Инструмент за претпристапна помош), опфаќајќи ја и територијата на Македонија.

Согласно со истражувањата на програмата ESPON / SUPER – Одржлива урбанизација и практики за користење на земјиштето во европските региони (SUPER - Sustainable Urbanisation and Land Use Practices in European Regions), урбаната експанзија не се одвива еднакво во сите земји и периоди.




Сл. 20: Водич за евалуација на урбаната форма
Извор: ESPON EGTC. (2020a). *SUPER: Sustainable urbanisation and land use practices in European regions: Main report.* (авторски превод)

За да се напушти бинарниот свет на „нулта изграденото земјиште“ и „урбаното ширење“ избегнувајќи ги нормативните значења на овие два термина и праведност кон реалниот свет на просторното планирање, препознаени се три архитипски начини на урбанизација:

1. Компактна урбанизација – компактно изградени средини со висока густина и со зафаќање на ново земјиште блиску до нула, честопати се резултат на стратегии за урбано ограничување или географски ограничувања;
2. Полицентрична урбанизација – постоење на неколку кластери со средна густина, најчесто произлезени од политиките за просторен развој, како што се нови градови, паметен раст, нови урбанистички планови и др.;
3. Дифузна урбанизација – расфрлан урбан развој со ниска густина, како што се монофункционални предградија ориентирани кон автомобили, лентовиден и ексурбан развој, а честопати и нелегална градба.

Секако дека постојат и други начини на урбанизација, но во истражувањето заради аналитичка јасност, фокусот е на трите архитипски начини на урбанизација. Од истата причина, иако е јасно дека овие начини не се исклучуваат меѓусебно и можат да се комбинираат во практика, сепак во истражувањето се оценуваат одделно (ESPON, 2020b).




Сл. 21: Водич за евалуација на промените во урбаната форма
Извор: ESPON EGTC. (2020a). *SUPER: Sustainable urbanisation and land use practices in European regions: Main report.* (авторски превод)

Особено е важна рамката на ESPON/SUPER, која покажува дека компактните, полицентричните и дифузните просторни модели не се само урбани појави, туку инструменти за споредба на различни системи на просторна организација и развој. Во овој труд трите архитипски начини на урбанизација се користат внимателно и адаптирано, не како готови етикети, туку како втор аналитички клуч преку кој можат да се дефинираат различни профили на селска еволуција.

Во современите истражувања на просторот, дистинкцијата меѓу урбаното и руралното сè потешко може да се одржи како строга и едноставна бинарна поделба. Прирачникот *Applying the Degree of Urbanisation* ја поставува оваа проблематика во рамка на урбано-рурален континуум (European Commission et al., 2021).

Долорес Хајден (Dolores Hayden) укажува дека процесите на „ширење" не треба да се разбираат исклучиво како квантитативно ширење на изградената структура, туку како промена на морфолошките односи меѓу објектите, инфраструктурата, пристапите и отворениот простор (Hayden, 2004). Овој пристап е особено значаен за истражувањето на селата на Скопска Црна Гора, каде што промените во стопанските дворови покрај физичкото проширување, претставуваат и постепена реорганизација на односите меѓу дворот, улицата, пристапите и селската матрица.

Оттука, истражувачкиот дизајн има јасна внатрешна логика:

- се избира заедничка регионална рамка;
- во неа се селектираат различни морфолошки контексти;
- се обезбедува единствен аналитички апарат;
- се тестира дали може да препознаат различни профили на трансформација.

Токму во тоа лежи и неговата научна сила. Наместо да се бара апстрактна универзалност, дизајнот на компаративната студија на случај овозможува аргументирано тестирање на хипотезата во реални и меѓусебно споредливи средини.

## 2.6. Методолошки протокол

Во ова истражување методологијата не се поставува како технички додаток на теоретската рамка, туку како нејзина оперативна форма. Нејзината задача е да ги преведе концептите на стопанскиот двор, дворната матрица, типологијата и руралната морфологија во проверлива истражувачка постапка. Затоа методолошкиот протокол не служи само за прибирање податоци, туку за воспоставување јасна врска меѓу предметот на анализа, единиците на читање и начинот на кој микропромените на стопанскиот двор се доведуваат во релација со макроисходите на ниво на селото.

Основната цел на овој протокол е да избегне две чести слабости во анализите на руралниот простор. Првата е редукцијата на трансформацијата на општи наративи, како што се ширење, напуштање или урбанизација, без внатрешна просторна логика. Втората е преминот од дескрипција кон заклучок без јасно артикулиран механизам. Затоа, анализата е организирана така што секоја просторна констатација на ниво на стопански двор може да се поврзе со поширoки морфолошки промени преку стандардирана матрица на читање и низ последователен аналитички протокол. На тој начин, методологијата станува мост меѓу теорискиот модел и емпириските резултати, а не само помошна процедура на истражувањето.

### 2.6.1. Единици на анализа

Основната карактеристика на методологијата е нејзината мултискаларност. Единиците на анализа се поставени во последователна низа: стопански двор, парцела, однос двор – улица, селско ткиво, микројадра и селска матрица.

За да се обезбеди споредливост меѓу студиите на случај, сите единици на анализа се посебно дефинирани:

1. Стопанскиот двор – е првата и примарна единица на анализа што е третирана како организациско-функционална и морфолошка целина. На ова ниво се следат неговите граници, влезови, поставеноста на куќата, распоредот на стопанските објекти, отворените површини, внатрешните патеки и основните функционални зони;
2. Парцелата – е втората единица што се чита како организациска рамка во која се артикулира односот меѓу домувањето, стопанството, пристапите и дворната организација;
3. Односот двор – улица – е третата единица што го претставува просторот на непосреден контакт меѓу приватниот простор на дворот и колективниот простор на селото;
4. Селското ткиво – е четвртата единица што е сфатена како акумулација на соседни парцели, фронтови и локални секвенци на изграденост.
5. Микројадрата – се петтата единица и тие се читаат како локални концентрации на активности, пристапи, густина или функционална важност.
6. Селската матрица – е последната шеста единица во која се следи односот меѓу јадрото и периферијата, типот на руралната средина, модусот на ширење и пошироката морфолошка траекторија.

Овие единици не се третираат како раздвоени аналитички рамнини, туку како поврзани нивоа на читање. Стопанскиот двор е основната морфолошка клетка на анализата, но неговото значење се проверува само ако се следи како неговата организација влијае врз парцелата, фронтот, ткивото и селската матрица. Со тоа се избегнува и микроредукционизам и макроапстракција (ни дворот не се чита изолирано, ни селото како недиференцирана целина).

### 2.6.2. Матрица на читање

За да се обезбеди споредливост меѓу трите студии на случај, анализата се води преку единствена и стандардирана матрица на читање. Таа не е составена само како техничка табела за регистрација на состојби, туку како дисциплинирана логика на набљудување преку која секоја единица на анализа се чита низ ист сет прашања:

- Што е зачувано?
- Што е променето?
- Како е променето?
- Преку кои просторни релации и со какви пошироки последици?

Токму затоа матрицата е намерно истоветна за сите три села, со цел да се избегне секоја студија на случај да стане посебна приказна со различен аналитички јазик.

На ниво на стопански двор, матрицата на читање ги регистрира конститутивните и организациските својства: граници, пристапи, позиција на куќата, број и улога на стопанските објекти, односот меѓу изграденото и неизграденото, степенот на функционално зонирање и внатрешната циркулација. На ниво на парцела се читаат: формата, големината, степенот на сегментација, просторниот капацитет и начинот на кој

парцеларната логика ја поддржува или ја нарушува дворната матрица. На ниво на двор – улица, матрицата следи: вид влез, положба на портата, затвореност или отвореност кон улицата, јасност на фронтот и тип на контакт со соседството. На ниво на ткиво се читаат: континуитетот или прекините на изграденоста, режимот на густина, повторувањето на типовите и односот меѓу згуснување и дисперзија. На ниво на микројадра се следат: концентрацијата на активности, стабилноста или слабеењето на локалните јазли и нивната врска со дворните трансформации. На ниво на селото како целина, матрицата го сумира: односот меѓу типолошката структура на дворовите, морфолошките исходи и профилот на просторна еволуција.

Во рамките на овој протокол се интегрира и двојниот клуч за читање на просторната еволуција:

- тип на рурална средина (морфолошка состојба на матрицата) и
- тип на ширење (доминантен модус на современа трансформација).

Овој клуч не се применува како етикетирање, туку како аналитичка рамка што овозможува систематска споредливост на исходите и нивно поврзување со дворните механизми. На тој начин, категориите на урбанизацијата се вградуваат како инструмент за интерпретација и проверка, а не како надворешен описен слој.

### 2.6.3. Извори на податоци

Истражувањето комбинира примарни и секундарни извори на податоци, бидејќи само еден тип на доказ не е доволен за да се реконструираат и актуелната состојба и трансформациската логика на стопанските дворови:

1. Примарните извори се состојат од теренска документација: фотографска регистрација, селективно снимање дворови и објекти, евидентирање фронтови, порти, граници, стопански структури, адаптации, внатрешни патеки, просторни зони и релации меѓу куќата, стопанскиот дел и јавниот простор. На терен се прибираат и белешки за материјалност, конструктивна состојба, видливи траги на пренамена, напуштање, згуснување и доградување. Кога е применливо, се користат и полуструктурирани разговори и информативни контакти со жители и локални актери, со цел да се реконструираат редоследот, причините и употребната логика на промените;
2. Секундарните извори ги вклучуваат: релевантната литература, документациските извори за традиционалната архитектура и селската морфологија, историските и современите картографски извори, катастарските подлоги, административните информации и дијахроните визуелни извори. Особено значајни се катастарските подлоги, бидејќи овозможуваат прецизно читање на парцеларната структура и на односите меѓу станбените, стопанските и отворените сегменти во рамките на секоја парцела, еднакво важни се сериите сателитски снимки анализирани низ различни временски пресечни точки, бидејќи овозможуваат следење на згуснувањето, периферното ширење, фрагментацијата и промените на односот меѓу изграденото и неизграденото. Како дополнителен визуелен извор се користат и дронски снимки, преку кои појасно се читаат волуменските односи, организацијата на двор – улица и актуелниот степен на трансформација.

Методолошки, клучно е што овие извори не се третираат паралелно, туку триангулациски. Тоа значи дека заклучокот за некоја трансформација не се темели ниту само врз теренски впечаток, ниту само врз картографска индиција, ниту само врз кажување на соговорник, туку врз нивна конвергенција. Така се намалува ризикот од

погрешно читање на состојби што визуелно изгледаат јасни, но историски или функционално можат да значат нешто друго.

Следната важна компонента на методологијата е стратегијата за избор на примероци и споредливост. Бидејќи дисертацијата е конципирана како компаративна студија на случај, изборот на конкретни дворови во рамките на селата не се врши случајно, туку преку контролирана селекција. Примероците треба да ги покријат доминантните типолошки варијанти, различните степени на трансформација и различните морфолошки позиции во рамките на селото. Ова овозможува не само да се документира разновидноста, туку и да се провери дали исти механизми дејствуваат различно зависно од морфолошкиот контекст.

### 2.6.4. Аналитички постапки: од стопански двор кон селска матрица

Анализата се спроведува низ шест меѓусебно поврзани чекори, поставени така што постепено го преведуваат стопанскиот двор од емпириски видлива состојба во морфолошки објаснет исход. Овие чекори не се независни, туку формираат единствен аналитички тек.

**Чекор 1: Теренско снимање и документација на структурата на стопанските дворови.**

За секој избран стопански двор се евидентираат: граници, позиција на куќата, распоред и улога на стопанските објекти, внатрешни патеки, пристапи и релацијата со улицата. Овој чекор создава структурната карта на дворот како организациски систем, а не само како физичка ограда.

**Чекор 2: Типолошка класификација на стопанските дворови.**

Врз основа на матрицата на читање, дворовите се групираат според доминантната просторна логика, а не според површна формална сличност. Во оваа фаза типологијата станува аналитички јазик преку кој дворната матрица станува видлива, именлива и споредлива.

**Чекор 3: Дијахроно читање на трансформацијата на стопанските дворови.**

Типолошките состојби се проверуваат и се продлабочуваат преку споредба на актуелната теренска состојба со историски, картографски и визуелни траги. На тој начин се следи дали одреден стопански двор ја задржал основната матрица, дали претрпел редукција, хибридизација, сегментација или пренамена и во која насока се движела таа промена.

**Чекор 4: Морфолошки премин од стопански двор кон селска матрица.**

Во оваа фаза промената повеќе не се чита само на ниво на стопански двор. Се анализира како трансформациите на стопанските дворови влијаат врз односот двор – улица, врз континуитетот на ткивото, врз локалната густина, врз стабилноста или слабеењето на микројадрата и врз односот меѓу јадрото и периферијата.

**Чекор 5: Класификација на просторните промени на селската матрица.**

По извршената морфолошка и компаративна анализа, секое село се чита преку двојниот клуч „тип на рурална средина“ и „тип на ширење“. Овој клуч не служи за механичко етикетирање, туку за повисок степен на споредливост: овозможува, на пример, компактна рурална средина да се поврзе со дифузен модус на ширење, или полицентрична рурална средина со компактен модус на раст.

**Чекор 6: Компаративна синтеза и профили на просторна еволуција.** Во завршната фаза се интегрираат типолошката структура на стопанските дворови, доминантните трансформациски механизми и морфолошките исходи на ниво село. Така се формулира профил на просторна еволуција за секоја студија на случај, но и се создава основа за поширока компаративна дијагноза на Скопска Црна Гора.

Со тоа, аналитичките постапки не остануваат на ниво на регистрација на промени, туку водат кон експлицитен објаснувачки модел. Тие обезбедуваат докази дека секој премин од опис кон интерпретација е посредуван од јасно видлив механизам, а не од интуитивен или реторички заклучок.

### 2.6.5. Дополнителен документарен и нормативно-плански корпус во истражувањето

Покрај примарниот емпириски корпус, во истражувањето е вклучен и дополнителен документарен и нормативно-плански корпус, со цел да се обезбеди поширока институционална рамка за читање на руралните просторни трансформации во Скопска Црна Гора. Во овој корпус влегуваат четири документи со различен плански и правен карактер: Генерален урбанистички план за седиште на Општина Чучер-Сандево, плански период 1997–2007, Урбанистичка документација за село Побожје, плански период 1997–2002, Општ акт за село Бразда, Општина Чучер Сандево, и Општ акт за село Мирковци, Општина Чучер Сандево. Првите два документа претставуваат урбанистичко-плански материјал со поширока програмска и развојна рамка, додека вторите два претставуваат преодни нормативни инструменти за села без урбанистички план (ДОО за урбанизам, архитектура и инженеринг „ЗУАС“ - Скопје, 1997a, 1997b; БИЛД ДООЕЛ – извоз-увоз Скопје, 2015a, 2015b).

Методолошката оправданост на вклучувањето на овој корпус произлегува од потребата истражувањето да не остане затворено исклучиво во рамките на непосредната морфолошка дескрипција, туку да воспостави критички однос и кон институционалните начини на читање на селото. Во тој контекст, ГУП-от за Чучер-Сандево е значаен затоа што го профилира локалитетот како седиште на општината и како рурален центар со поширока организациска и функционална улога, при што покрај домувањето, предвидува и лесна преработувачка индустрија, мало стопанство, сервиси, трговија, занаетчиство, угостителство, здравство, социјална заштита, администрација, образование и спорт. Во истиот документ се вклучени и „примери од стопански дворови“, што покажува дека стопанскиот двор е планерски препознаен како релевантен елемент на руралниот простор (ДОО за урбанизам, архитектура и инженеринг „ЗУАС“ – Скопје, 1997a).

Урбанистичката документација за Побожје ја продлабочува оваа перспектива, затоа што селото го чита како производно село со понагласена аграрна и викенд-функција, а притоа експлицитно го формулира и нормативниот третман на стопанскиот двор. Во урбанистичко-планската програма се земаат како стандарди стопански дворови со големина од 1000 до 1200 m² за жителите што се занимаваат со земјоделство и шумарство, односно од 600 до 800 m² за неземјоделско индивидуално домување. Со тоа, дворната структура не е само емпириска реалност, туку и експлицитно формулиран инструмент на планирањето (ДОО за урбанизам, архитектура и инженеринг „ЗУАС“ - Скопје, 1997b).

Општите акти за Бразда и Мирковци, пак, ја откриваат онаа институционална зона во која руралниот простор се регулира во услови на непостоење на класичен урбанистички план. Во актот за Мирковци експлицитно е наведено дека врз основа на член 78 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, до донесување план за село, изградбата во селата што немаат урбанистичка документација може да се врши под услови и на начин што со општ акт ќе ги утврди општината. Во двата акта категоријата А1 е изречно формулирана како „домување во станбени куќи (селски стопански дворови)", а дополнително е вклучен и делот „Услови за уредување на селско стопански двор", каде што се наведува дека во задниот двор, меѓу станбената градба и дното на парцелата, треба да може да се дозволи изградба на други градби, особено помошни објекти за чување и сервисирање на земјоделска механизација, чување стока, храна и земјоделски производи (БИЛД ДООЕЛ – извоз-увоз Скопје, 2015a, 2015b).

Оттука, овој документарен и нормативно-плански корпус има тројна методолошка функција:

1. Овозможува планерска и нормативна контекстуализација на процесите што во главниот дел од истражувањето се анализираат морфолошки;
2. Обезбедува компаративен институционален слој преку кој може да се провери дали категориите утврдени преку теренската и типолошката анализа (стопански двор, мешање на домување и стопанство, внатрешна парцеларна организација, помошни објекти, пренамена, реконфигурација и периферно ширење) се препознаени и во официјалниот јазик на планирањето;
3. Овозможува да се согледа границата на самата институционална репрезентација, односно иако сите четири документи го препознаваат стопанскиот двор како релевантна просторна единица, тие претежно го третираат низ програмска, нормативна и функционална перспектива, додека ова истражување настојува да ја објасни неговата подлабока морфогенетска улога.

## 2.7. Операционализација на главната хипотеза

Главната хипотеза на трудот претпоставува дека стопанскиот двор е клучен морфогенетски елемент, кој преку трансформацијата на својата организациска и функционална структура ја обликува морфологијата на селата и влијае врз нивната просторна еволуција. За да не остане ова тврдење на ниво на општа теориска формулација, неопходна е експлицитна операционализација. Тоа значи дека клучните поими мора да бидат прецизно дефинирани и преведени во набљудливи и споредливи индикатори. Само на тој начин хипотезата престанува да биде само научна претпоставка и станува проверлив аналитички модел.

### 2.7.1. Дефинирање на клучните поими

За полесно следење на целокупниот аналитички процес, дадени се дефиниции за некои од клучните поими:

- стопански двор – организиран простор во кој се артикулира односот меѓу функционалните зони (станбена/економска/градинарска) преку просторни граници и распоред на објекти;
- дворна матрица – систем на повторливи просторни правила (граници/пристапи/внатрешни патеки/зонирање и релации меѓу објектите) преку кои стопанскиот двор ја организира парцелата и посредува кон селската матрица;
- селска матрица – поширока морфолошка конфигурација на селото, составена од ткивото, јадрата, уличната мрежа и модусите на раст.

- морфогенетски елемент – просторна единица што не е само производ на матрицата, туку активно учествува во нејзиното генерирање и преку својата трансформација предизвикува промени во густината, континуитетот и релациските односи.

### 2.7.2. Морфогенетска секвенца

Со цел да се избегне дескриптивен пристап, анализата јасно разликува:

- индикатор – набљудлив процес или последователност на промена во време;
- механизам – објаснувачка врска преку која индикаторите на стопанскиот двор се преведуваат во морфолошки исходи на ниво село;
- морфолошки исход – поширока просторна последица од дејствувањето на тие механизми во смисла на промена на континуитетот на ткивото, појава или слабеење на микројадра, згуснување, фрагментација, периферизација или пренасочување на модусот на раст.

Оттука, за секое тврдење во трудот следува стандардна морфогенетска секвенца:

**индикатор → механизам → морфолошки исход**
(кој се проверува компаративно во трите студии на случај)

Оваа морфогенетска секвенца е централниот аналитички склоп преку која целото истражување ја одржува својата научна дисциплина.

### 2.7.3. Индикатори за трансформација на стопанските дворови

Индикаторскиот сет е групиран во четири главни класи:

1. Просторни индикатори – го следат односот изградено – неизградено, бројот и позицијата на стопанските објекти, големината и конфигурацијата на отворениот работен простор, промените на пристапите и степенот на затвореност или отвореност на дворот. Овие индикатори се најдиректните траги на морфолошка промена и имаат централна улога во препознавањето на компресијата, згуснувањето, редукцијата или сегментацијата.
2. Функционални индикатори – ја регистрираат редукцијата, интеграцијата или пренамената на стопанските функции. На ова ниво се следи дали стопанските објекти и натаму служат за сточарство, складирање на земјоделски производи, дали стануваат сервисни простори, дали преминуваат во станбени доградби, гаражи, магацини или викенд-намена и дали со тоа се менува внатрешната логика на дворот. Овие индикатори се особено важни затоа што покажуваат дека морфолошката трансформација не е само прашање на форма, туку и на промена во начинот на користење.
3. Релациски индикатори – го следат односот двор – улица, јачината на поврзаност со јадрото и појавата или слабеењето на микројадра. Во оваа група спаѓаат: положбата на главниот влез, ритамот на фронтот, степенот на визуелна и функционална комуникација со улицата, присуството на преддворен простор, како и местоположбата на дворот во однос на централните или периферните делови на селото. Овие индикатори се важни затоа што овозможуваат да се следи прелевањето на дворната промена кон поширокото ткиво.
4. Хронолошки индикатори – ја читаат фазноста на градење, периодите на напуштање, хибридните состојби и времеследот на промената. На ова ниво не е доволно само да се знае што постои денес; важно е да се реконструира редоследот во кој се случиле трансформациите. Дали најнапред исчезнале стопанските функции, а потоа се

појавиле нови доградби? Дали пристапот бил променет поради поделба на парцелата? Дали пренамената на објектите се случила постепено или во концентриран временски период? Без вакво хронолошко читање, просторната промена лесно може да биде погрешно протолкувана.

Во методолошка смисла, Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2021–2027 е релевантна како извор за дефинирање на контекстуалните индикатори преку кои може да се чита руралната трансформација. Во документот јасно се издвојуваат параметри, како што се квалитетот на физичката и социјалната инфраструктура, пристапот до основни услуги, миграциските движења, стареењето на населението, недостигот од квалификувана работна сила, структурата на земјоделските стопанства, фрагментацијата на парцелите и степенот на дигитализација (МЗШВ, 2021). За ова истражување, овие елементи се важни затоа што овозможуваат стопанскиот двор да се интерпретира не само како морфолошка и функционална единица туку и како просторна точка во која се пресекуваат економски, демографски и инфраструктурни ограничувања. На тој начин, архитектонско-морфолошката анализа се проширува со дополнителен слој на општествено-просторна читливост.

### 2.7.4. Двоен клуч на просторни промени

На повисоко ниво на споредливост, секое село се чита и преку двоен клуч:

- „тип на рурална средина“ и
- „тип на ширење“.

Првиот го означува морфолошкиот карактер на селската матрица, односно дали таа е компактна, полицентрична или дифузна. Вториот го означува доминантниот модус на современа трансформација, односно дали новата просторна еволуција се одвива компактно, полицентрично или дифузно. Овој клуч е адаптиран од пошироките компаративни категории на компактни, полицентрични и дифузни просторни модели, но овде се применува на рурален контекст, не како механичко етикетирање, туку како рамка за толкување на различни профили на просторна еволуција (ESPON/SUPER, 2020).

Во теоретско-методолошка смисла, просторниот план е значаен затоа што ја потврдува потребата просторот да се чита повеќеслојно и интегрално, преку истовремено разгледување на природните ресурси, населението, системот на населби, домувањето, инфраструктурата и развојните ограничувања. Планот експлицитно покажува дека просторниот развој не може да се сведе само на секторски или функционален пристап, туку бара синтетичко согледување на различните нивоа на организација на просторот. За ова истражување тоа има директно методолошко значење, бидејќи ја оправдува анализата на стопанскиот двор како единица што медијира меѓу микроскалата на парцелата и објектот и макроскалата на селската матрица, мрежата на населби и пошироката просторна структура. Дополнително, самата содржина на планот, во која посебно се издвоени „Урбанизација и мрежа на населби“, „Уредување на селските населби и подрачја“ и „Домување“, покажува дека селото и домувањето не се третираат како секундарни теми, туку како составни делови на државната просторна стратегија. Со тоа, просторниот план претставува важна институционална подлога за поставување на истражувањето и за аргументирање на потребата од морфолошко читање на селската средина преку нејзините внатрешни организациски јадра, меѓу кои стопанскиот двор има особено место (МЖСПП, 2004).

Врската меѓу индикаторскиот сет и двојниот клуч е суштинска. Индикаторите овозможуваат дисциплинирано да се регистрираат микропромените во стопанскиот двор и со помош на механизмите тие промени да се објаснат, а двојниот клуч овозможува тие објаснувања да се поставaт во поширока компаративна рамка. На тој начин, со вкрстувањето на индикаторите и двојниот клуч се добиваат профилите на просторна еволуција, кои подоцна ќе бидат основа и за компаративната интерпретација и за формулирањето на просторно-планерските мерки.

## 2.8. Валидација, ограничувања и преносливост на пристапот

Во истражување што настојува да покаже дека трансформацијата на стопанскиот двор произведува пошироки морфолошки исходи на ниво на селска матрица, прашањето на валидацијата не е техничка формалност, туку суштински дел од научната аргументација. Хипотезата не може да се смета за потврдена само затоа што на терен се препознаваат промени на поединечни дворови. Таа е валидна само ако тие промени можат дисциплинирано да се поврзат со стабилни механизми и со споредливи исходи во повеќе случаи.

Токму затоа, валидацијата во ова истражување е поставена на три меѓусебно поврзани нивоа:

1. како триангулација на доказите;
2. како внатрешна аналитичка конзистентност;
3. како компаративна проверка низ трите студии на случај.

Првото ниво на валидација се обезбедува преку триангулација. Тоа значи дека заклучокот за некоја трансформација не се темели само врз еден вид извор, туку врз нивна конвергенција. Теренската евиденција, фотографската документација, катастарските подлоги, сателитските серии, дронските снимки и локалните сведоштва се користат така што секој извор ја коригира и ја дополнува перспективата на другите. Со тоа се намалува ризикот визуелно јасна, но историски или функционално двосмислена промена да биде погрешно интерпретирана. Триангулацијата е особено важна во руралниот контекст, каде што дел од промените се случуваат постепено, без формален запис, и остануваат видливи само како траги во просторот и во колективното сеќавање.

Второто ниво е внатрешната аналитичка конзистентност. Таа се постигнува преку примена на истата матрица на читање, истите критериуми за типологизација и истиот индикаторски сет во сите случаи. Ова ниво на валидација е важно бидејќи обезбедува резултатите да не зависат од случајни промени во аналитичкиот пристап. Доколку еден типолошки критериум важи за едно село, тој мора да важи потоа и за другите села, доколку некој индикатор се чита како сигнал за компресија во едно село, тој не смее произволно да добие друго значење во друго село без јасно образложен контекстуален услов. Токму ова ниво ја одржува дисциплината на компаративното читање.

Третото ниво е компаративната проверка. Индикаторите и механизмите се третираат како стабилни само ако произведуваат споредливи читања и исходи во повеќе од еден случај. Тоа не значи дека тие мора да дадат идентичен резултат, туку дека нивната логика мора да остане аналитички препознатлива. Ист индикатор може да има различна тежина или различен финален ефект, зависно од морфолошкиот и топографскиот контекст, но сепак мора да се покаже преку кои услови доаѓа до таа разлика. На тој начин компаративната проверка не служи за механичко изедначување на селата, туку за тестирање на јачината и флексибилноста на предложениот модел.

Сепак, пристапот има и јасни ограничувања. Прво, ова не е статистички репрезентативно истражување за сите села во Македонија, туку контролирана компаративна анализа во рамките на Скопска Црна Гора. Затоа резултатите не треба да се читаат како директно применливи на секој рурален контекст, туку како аналитички валидни во услови блиски до овде дефинираната регионална и морфолошка рамка. Второ, дел од промените можат да се реконструираат само преку видливи траги и достапни извори, што значи дека не секој процес е целосно документациски затворен. Трето, значењето на одреден индикатор секогаш зависи и од поширокиот морфолошки и топографски контекст, па затоа една иста промена не мора да има ист исход во различни просторни услови.

Овие ограничувања, меѓутоа не ја поништуваат вредноста на пристапот туку напротив, тие ја дефинираат неговата реална зона на важност. Трудот не тврди неограничена универзалност, туку јасно покажува каде неговиот аналитички апарат има најголема објаснувачка сила. Ваквата позиција е методолошки посилна од претензија на апсолутна генерализација, затоа што ја прави видлива границата меѓу она што навистина е докажано и она што само потенцијално би можело да се тестира во други средини.

Преносливоста на пристапот не се темели врз формална аналогија, туку врз пренос на правила. Тоа значи дека моделот не претпоставува секое друго село да изгледа како студиите на случај, туку дека и во други рурални контексти може да се тестира истата логика: дворот како аналитичка единица, дворната матрица како објаснувачка рамка, индикаторскиот сет како инструмент на читање и морфогенетската секвенца како механизам на објаснување. Пренослив е начинот на читање, а не конкретната морфолошка слика. Ова е особено важно, бидејќи токму ваквата форма на контролирана преносливост му овозможува на трудот да надмине локална затвореност и да стане релевантен и за пошироки истражувања на руралната трансформација.

# 3. ТИПОЛОГИЈА НА СТОПАНСКИТЕ ДВОРОВИ И НИВНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

По поставувањето на теориско-методолошката рамка, ова поглавје има цел да го пренесе истражувањето од концептуално во емпириско поле. Неговата основна задача е да покаже како стопанскиот двор се појавува, варира и се трансформира во конкретни рурални контексти, преку систематска анализа на трите студии на случај. На тој начин оваа глава станува емпириско-типолошко јадро на трудот, односно местото каде што стопанскиот двор првпат се чита не само како теориска категорија, туку како непосредно видлива, споредлива и систематизирана просторна структура.

Во ова поглавје фокусот не е ставен првенствено на конечните објаснувачки заклучоци за влијанието на стопанските дворови врз просторните промени на селската матрица, туку на дисциплинирано прикажување на емпирискиот корпус и на изведување типологија од теренските и документарните податоци. Затоа анализата е организирана така што најнапред се дефинира корпусот на репрезентативните стопански дворови, морфолошките параметри на читање и начинот на нивна графичка и табеларна презентација, а потоа секое село се обработува низ ист редослед: историско-развојна рамка, морфолошка структура на селото, анализа на селото и репрезентативните стопански дворови и типолошка синтеза на стопанските дворови. Со ова се обезбедува споредливост меѓу случаите и се избегнува секое село да биде претставено како издвоен наратив без заеднички аналитички јазик.

Клучната научна задача на ова поглавје е типологијата да се изведе од самите просторни релации. Стопанските дворови не се групираат според површна формална сличност или според случаен тип објекти, туку според доминантната логика на организација: односот меѓу куќата и стопанскиот дел, степенот на интегрираност или сегментација, функционалното зонирање, начинот на обликување на отворениот дворен простор, системот на пристапи и релацијата кон улицата. Типот се третира како аналитичка алатка преку која стануваат читливи повторливите просторни правила на дворната матрица. Во таа смисла, типолошката анализа на стопанските дворови станува и анализа на промената на домаќинството како основна рурална просторна и социјална единица (Дамев, 1982).

Токму преку таа постапка, типологијата добива двојна улога:
- ја систематизира сложеноста на емпирискиот материјал;
- создава стабилна основа за натамошно толкување на трансформациите.

Типолошката анализа на стопанските дворови мора да се постави и во релација со поширокиот модел на населување, бидејќи организацијата на стопанските дворови не се развива независно од степенот на концентрација или дисперзија на селската структура. Во таа смисла, Робертс и Вратмел (2002) нагласуваат дека „нуклеација“ и „дисперзија“ не се крути и заемно исклучиви категории, туку крајни точки на поширок морфолошки спектар во кој постојат многубројни интермедијарни форми како „поврзани кластери на селски населби“ и „поврзани кластери на стопански дворови“, што значи дека реалните населбени модели најчесто се составени од мешавина и градација, а не од чисти и апсолутни типови (Roberts & Wrathmell, 2002). Овој увид овозможува селата да не се сведуваат на едноставни класификации од типот збиено или распрснато село, туку да се читаат како селски населби со различен степен на концентрација, разгранетост, фрагментација и дворна артикулација. Со тоа, типологијата на стопанските дворови

добива подлабока аналитичка улога, односно покрај опис на просторни форми, таа е и инструмент за читање на пошироката морфолошка логика на селото.

Во ова истражување анализата на стопанските дворови не се сведува само на формална класификација. Анализата го разгледува стопанскиот двор како производ на функционалната организација, релацијата меѓу објектите и нивната врска со отворените работни површини. Во таа насока, Лејк и Едвардс (2008) покажуваат дека типовите стопански дворови и објектите од кои тие се составени треба да се читаат во тесна меѓусебна поврзаност, бидејќи токму преку нив се артикулираат внатрешната логика на стопанството и неговата препознатливост во пејзажот.

Типолошката анализа на стопанските дворови во ова истражување се темели врз ставот дека планската поставеност на стопанскиот двор не претставува само формална категорија. Таа претставува просторен израз на односот меѓу аграрната функција, организацијата на движењето, поставеноста на куќата и карактерот на работните површини. Во таа смисла, Лејк и Едвардс (2016) предлагаат развиена класификација на типови стопански дворови, во која се издвојуваат слободни, правилни, дисперзирани, линеарни, L-форми, паралелни, како и дополнителни варијации поврзани со бројот на страни на стопанскиот двор, како и присуството на повеќе стопански дворови, кои се комбинации од примарни, секундарни и терцијарни атрибути. Ваквата типолошка рамка е особено важна за оваа дисертација, бидејќи овозможува стопанските дворови во селата на Скопска Црна Гора да се анализираат не само според нивната форма, туку и според степенот на затвореност, просторната артикулација на работните зони и односот меѓу станбениот, стопанскиот и градинарскиот дел. Оттука, типологијата, покрај тоа што се користи како средство за класификација, таа претставува и важен аналитички инструмент преку кој се читаат подлабоките морфолошки логики на селската трансформација (Lake & Edwards, 2016).

Поединечните локални типолошки синтези потоа се надградуваат во компаративна типолошка синтеза, преку која се издвојуваат заедничките морфолошки константи, локалните варијации и степените на структурна редукција. Овој премин е суштински, затоа што овозможува од трите студии на случај да се изведе поширока синтетичка типологија на стопанските дворови во Скопска Црна Гора.

### 3.1. Природногеографски карактеристики на Скопска Црна Гора

Скопска Црна гора се простира северно од Скопската Котлина во правец југозапад – североисток. Поголемиот дел од планината ѝ припаѓа на Србија, а помалиот јужен дел на Македонија. Природни граници се Бинечка Морава на северната страна, на исток Прешевска Моравица, која тече кон север во Србија и Коњарска Река, која тече на југ кон Куманово. Од јужната страна се простира Скопската Котлина, а на запад граница е реката Лепенец, односно Качаничката Клисура. Вака ограничена Скопска Црна Гора зафаќа површина од околу 1072 $km^2$, од кои 424 $km^2$ ѝ припаѓаат на Македонија.

Самата планина Скопска Црна Гора настанала со раседнување и претставува типичен хорст. Под дејство на надворешни сили таа е мошне снижена и набраздена со многу мали и поголеми рекички и притоки на Лепенец, Бинечка Морава и Вардар. Благодарение на овие речни долини и благо заоблените ртови на планината, лесно е пристапна од сите страни. На Скопска Црна Гора во нејзиниот јужен дел се издвојуваат повеќе морфолошки целини, од кои некои имаат и висорамнински изглед, како, на пример, Рамно, на која е и највисокиот врв 1651 m. Скопска Црна Гора е позната повеќе како сиромашна планина

со шуми, кои во минатото биле немилосрдно сечени. Постојните шуми се одликуваат со голема разновидност. Така, најмногу се распространети листопадните претставници: бука, брест, врба, габер, јасен, јавор, јасика и др. Особено значајни се: костенот, лескaта, липата, оревот, а меѓу нив и шипот и малината. Овие шумски комплекси, најблиску до градот Скопје претставуваат важен рекреативен локалитет за неговите многубројни жители. Брзиот развој на туризмот придонесува овие локалитети сѐ повеќе да се искористуваат за туристички цели, особено во излетничкиот туризам. Освен разновидната флора, Скопска Црна Гора има и богата фауна. Од нискиот дивеч, се сретнуваат зајакот и лисицата, а од високиот дивеч тука се дивата свиња, срната, мечката и волкот. Се сретнува и перјастиот дивеч, како што се грлица, гулаб, еребица и др. Богатството на разновидниот дивеч уште повеќе ја зголемува туристичката вредност на планината, со што таа ги привлекува љубителите на ловот не само во нашата земја туку и од странство. Климата на Скопска Црна Гора е посебно атрактивна. Во зависност од надморската височина се менуваат климатските елементи и карактеристики, почнувајќи од подножјето на планината, па сѐ до највисоките врвови. Поради тоа, климата во Црногорјето е многу разновидна. Во подножјето до височина од 500 m, каде што е расположен најголем дел од населбите, се чувствуваат влијанијата на медитеранската и умереноконтиненталната клима. Во повисоките делови од 800 до 1100 m надморска височина, климата може да се окарактеризира како умереноконтинентална. Во највисоките делови од 1100 до 1600 m, климата преоѓа во умерено студена планинска клима. Овие разлики се потврдуваат и со средните годишни температури. Во подножјето средната годишна температура е 11 ºC, во деловите од 800 до 1100 m е 9,5 ºC, а во највисоките делови 5-6 ºC. За туристичките движења, посебно се значајни летните температури. Така, во подножјето на планината средноjулската температура изнесува 23,9 ºC, а на високите делови 16 ºC. Зимските температури на височини поголеми од 1000 m во јануари, февруари и декември се спуштаат под нулата. Ниските температури придонесуваат снежната покривка да трае повеќе од три месеци, што е многу значајна за развојот на зимските спортови и планината да биде привлечна и во зимата. Можностите за искористување на билата и падините на планината за развој на зимските спортови засега ниту се доволно искористени ниту, пак, утврдени. Сепак, познато е дека може да бидат користени повеќе скијачки патеки со околу 500 денивелациски метри (Спировски, 1981).

Скопска Црна Гора претставува ридско-планинска целина со јасно изразена природногеографска индивидуалност, чија релјефна расчленетост, висинска диференцијација и долинска структура имаат непосредно влијание врз просторната организација на селата. Нејзината специфичност не произлегува од положбената отвореност кон Скопската Котлина, што овозможува истовремено присуство на природно условени и урбано индуцирани трансформации. Токму затоа, природногеографските карактеристики на Скопска Црна Гора не се третираат само како описна заднина. Тие претставуваат активна рамка што ја условуваат густината на населбеното ткиво, пристапите, организацијата на парцелата и начинот на кој стопанскиот двор се вклучува во селската морфологија.




Слика 22: Топографска карта на Скопје и околината – 1 : 50000
Извор: https://www.topografskakarta.com/

Географската положба на Скопска Црна Гора е извонредно погодна. Непосредно до неа, т.е. во нејзините подножја минуваат многу значајни сообраќајници. Од источната страна минуваат железничката линија Скопје – Белград и автопатот. На западната страна низ Качаничката Клисура минува железничката пруга што го поврзува Скопје со Косово кон Белград. Низ клисурата исто така минува кракот на Јадранската магистрала, која завршува во Скопје. Од јужната страна, односно од Скопје кон планината водат неколку асфалтирани патишта што го поврзуваат градот со селата во подножјето на планината.

### 3.2. Општ опис за селата на Скопска Црна Гора

Селата по својата физиономија, функција, демографската структура на населението и неговото значење, се разликуваат од градот. Бројот на селските населби во Македонија изнесува 1 645 и тие претставуваат населени места во кои најголем број од населението се занимава со земјоделство.

Селата во Македонија можат да се поделат на неколку начини:

- Според географската местоположба: рамничарски, ридски и планински;
- Според бројот на населението: мали (1 – 300 жители), средни (300 – 800 жители) и големи (повеќе од 800 жители);
- Според функцијата: земјоделско, полјоделско-сточарско и мешовито;
- Според изграденоста: збиен и разбиен тип.

Проф. Јован Трифуновски ја опишува Скопска Црна Гора како природна и антропогеографска целина од 12 села, со силен историски континуитет на населување, изразена расчленетост на релјефот и комплексна хидрографска мрежа (Трифуноски, 1971). Во тој период селата Чучер и Сандево биле засебни селски средини, но денес тие се споени во едно село Чучер-Сандево, со што вкупниот број се намалува од 12 на 11 села.

Селата на Скопска Црна Гора формираат внатрешно диференциран рурален систем во кој ридските и планинските услови создаваат различни просторни, демографски и функционални системи на развој. Во таков контекст, нивната трансформација не може да се разбере како едноставно преминување од традиционална во современа форма. Тоа е сложен процес на адаптација во услови на деаграризација, редукција на домаќинствата, изменета пристапност и селективна функционална диверзификација. Ова е особено важно за дисертацијата, затоа што укажува дека трансформацијата на стопанските дворови е составен дел од поширокото преуредување на ридско-планинскиот рурален простор, а не изолирана појава ограничена само на нивото на поединечната парцела (Панов, 1981).




Слика 23: Топографска карта на Скопје и околината – 1 : 50000 (приказ на селата на Скопска Црна Гора)
Извор: https://www.topografskakarta.com/ (авторска обработка)

Направена е табела за 11 села од Скопска Црна Гора, на која се прикажани нивните карактеристики во однос на географската местоположба, бројот на населението, функцијата и изграденоста на селото.

Табела 1: *Карактеристики на 11 села од Скопска Црна Гора*

| Реден број | Село | Географска местоположба | Број на население | Функција | Изграденост |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бразда | Рамничарско (390 м) | Средно (647 ж) | Земјоделско | Збиен тип |
| 2 | Глуво | Рамничарско (410 м) | Мало (207 ж) | Земјоделско | Збиен тип |
| 3 | Мирковци | Ридско (475 м) | Големо (1 165 ж) | Полјоделско-шумарско | Збиен тип |
| 4 | Бањани | Ридско (500 м) | Средно (527 ж) | Мешовито | Збиен тип |
| 5 | Чучер-Сандево | Ридско (540 м) | Мало (290 ж) | Полјоделско-сточарско | Збиен тип |
| 6 | Горњане | Ридско (580 м) | Мало (80 ж) | Полјоделско-сточарско | Збиен тип |
| 7 | Кучевиште | Ридско (530–620 м) | Големо (4 119 ж) | Мешовито | Збиен тип |
| 8 | Побожје | Ридско (600 м) | Средно (710 ж) | Полјоделско-шумарско | Збиен тип |
| 9 | Љубанци | Ридско (570 м) | Големо (1 075 ж) | Мешовито | Збиен тип |
| 10 | Љуботен | Ридско (640 м) | Големо (2 688 ж) | Полјоделско-сточарско | Збиен тип |
| 11 | Бродец | Планинско (870 м) | Мало (11 ж) | Сточарско-шумарско | Разбиен тип |

Скопска Црна Гора со прикажаните села во табелата претставува изразена морфоструктурна целина во северниот дел од Скопската Котлина, со јасно диференцирани ридско-планински и подгорски зони. Според општата географска анализа, регионот опфаќа селски населби распоредени во рамничарски, ридски и планински појас, при што доминантна е ридската зона. Ридско-планинската конфигурација, во комбинација со плодните подгорски површини, создала услови за развој на мешани стопански активности, како што се земјоделско, полјоделско-сточарско и шумарско-сточарско производство. Во просторно-морфолошка смисла, селата се претежно од збиен тип, со исклучок на планинското село, кое е од разбиен тип. Овој податок е од суштинско значење за анализата на стопанските дворови, бидејќи типот на селото директно го условува односот меѓу парцелата, објектите и уличната мрежа.

## 3.3. Критериуми за избор на студиите на случај

Во рамките на 11-те села систематизирани според географската местоположба, бројот на население, функцијата и изграденоста на селото, може да се констатира следново:

- најголем дел од селата се ридски;
- еднаква е застапеноста од сите големини на села;
- најмногу има пољоделско-сточарски и села со мешана функција;
- речиси сите села се од збиен тип, освен едно, кое е од разбиен тип.

При донесување на одлуката кои од овие села да бидат избрани како студии на случај, критериумите беа следниве:

- морфолошка репрезентативност на различни висински појаси;
- демографска диференцијација како морфолошки фактор;
- функционална разновидност и типолошка комплементарност.

Според Просторниот план на Скопскиот Регион, во групата населби со регистрирано намалување на населението спаѓаат две села од 11-те села од Скопска Црна Гора, кои се предмет на ова истражување. Тоа се селата Горњане и Бродец. Ваквата состојба на овие две села беше еден од клучните аргументи тие да бидат дел од селата што ќе бидат вклучени во анализата како студии на случај.




Слика 24: Просторен план на Скопскиот Регион
Извор: Министерство за животна средина и просторно планирање

Па така, како три студии на случај се избрани селата:

- Кучевиште – како најголемо и најзначајно ридско село што има мешана функција;
- Горњане – како едно од најмалите села (со регистрирано намалување на населението) од збиен тип коешто има полјоделско-сточарска функција;
- Бродец – како најмало село (со регистрирано намалување на населението), кое се разликува од другите села бидејќи е единствено планинско и е од разбиен тип.

Трите избрани села (Кучевиште, Горњане и Бродец) не се земени како статистички репрезентативен исечок, туку како контролиран спектар на морфолошки состојби во рамките на една заедничка регионална матрица. Кучевиште е избрано како најголемо и морфолошки похетерогено ридско село, во кое може да се следи поголема типолошка разновидност и слоевитост на трансформациите на стопанските дворови. Горњане е избрано како мало збиено село, каде што стопанскиот двор функционира во услови на поголема просторна компресија и поограничен внатрешен маневарски простор. Бродец, како мало планинско село од разбиен тип, овозможува да се испита улогата на стопанскиот двор во дифузна и топографски понагласена селска матрица. Токму оваа комбинација овозможува разликите во исходите да се читаат како резултат на различни просторни услови и различни начини на трансформација на стопанските дворови.

Изборот не претендира на статистичка генерализација на целиот регион на Скопска Црна Гора. Наместо тоа, селата се избрани како аналитички репери на различни морфолошки состојби во рамките на заедничка регионална матрица.

Со тоа, овие села овозможуваат:

- компаративна типолошка анализа;
- следење на процесот на морфолошка редукција или интеграција;
- формулирање на морфогенетска хипотеза заснована врз реални просторни варијации.

Во таа смисла, студиите на случај функционираат како контролирани морфолошки пресечни точки во рамките на ист природногеографски и културен систем, што ја зголемува валидноста на компаративниот пристап.

### 3.4. Кучевиште

Првото село што ќе биде студија на случај е селото Кучевиште. Селото се наоѓа во северниот дел на Скопската Котлина, на југозападната падина на Скопска Црна Гора и е дел од Општина Чучер-Сандево.




Слика 25: Сателитска снимка на селото Кучевиште
Извор: Google Earth Pro

Во регионалната структура на Скопска Црна Гора тоа се издвојува како големо ридско село со мешана функција и со збиен тип морфолошка организација, што го прави особено значајно за анализа на односот меѓу стопанскиот двор и селската матрица. Воедно, токму поради својата големина, програмска опременост и внатрешна просторна сложеност, Кучевиште претставува најсоодветна почетна точка за емпириската типолошка разработка на трудот.




Слика 26: Катастарска подлога на селото Кучевиште со анализираните стопански дворови
Извор: Агенција за катастар (авторска обработка)

### 3.4.1. Историја и развој на селото

Во Кучевиште, и покрај тоа што во последните години е намалена стопанската активност на неговите жители, сепак селото продолжува да опстојува и да го зголемува бројот на населението, со што продолжува да го чува приматот на најзначајно село на Скопска Црна Гора. Селото се карактеризира и со исклучително богата историја.

Селото Кучевиште спаѓа во групата стари села на Скопска Црна Гора. Во историските извори под името „Клчевишта“ за првпат се сретнува во 1348 година. Тогаш како село на жупанот Радослав, една половина од селото (која пред тоа му припаѓала на скопско-црногорскиот манастир „Св. Никита“) царот Душан ја придодава кон манастирот „Св. Архангели“ во близината на Призрен. Во 1348 година во селото Кучевиште имало и црква „Св. Богородица“ (Пречиста), која постои и денес во средишниот дел на селото. Се претпоставува дека потекнува од времето на кралот Стефан Дечански (1321–1331) и дека е подигната од споменатиот жупан Радослав. Во црквата се слави празникот Спасовден, па затоа се нарекува и „Св. Спас“. Уште во 1519 година се сретнува во историските извори кучевишкиот собир за Спасовден. Манастирот „Св. Архангели Михаил и Гаврил“ се наоѓа на два километра северно од селото и е сместен во живописната клисура на Кучевишка Река. Манастирската црква е стара, но е поприлично добро зачувана. Се смета дека не е постара од втората половина на XIV век, кога за првпат и се сретнува во историските извори. Манастирот „Св. Архангели Михаил и Гаврил“ имал значителен имот од ниви, лозја, пасишта и шуми. Располагал и со специјален чифлик во селото, кој опфаќал околу 100 ha обработливо земјиште и околу 500 кози и 120 овци. Манастирската земја по Втората светска војна ѝ припаднала на селската задруга. Во минатото Кучевиште секогаш било значајно село и локално средиште на Скопска Црна Гора. Било најголемо село во Скопската Котлина „од Вардар нагоре“, додека „од Вардар надолу“ такво село било Драчево. Поради тоа, во Кучевиште е отворено и првото училиште на Скопска Црна Гора. Од 1780 година училиштето најпрво се наоѓало во Кучевишкиот манастир, а во 1813 година училиштето е отворено и во самото село. Селото имало училиште во период кога некои градови сѐ уште немале. Главна стопанска гранка на жителите на Кучевиште до крајот на отоманскиот период, па и потоа до крајот на Втората светска војна било сточарството, а особено овчарството. Дотогаш во селото постоеле голем број куќни задруги со по 15, 20, 30, па и повеќе членови. Во голема мера се користела и шумата, па така од исечените стебла жителите изработувале штици, лопати, плугови и др. Потоа исечените дрва ги користеле и за огрев, а ги продавале и во градот Скопје. За привремен престој на жителите, на планината имало мали колиби наречени „кучерци“. Жителите на Кучевиште по Првата светска војна со помош на аграрната реформа добиле обработлива земја во селата на Скопското Поле: Белимбегово, Јурумлери, Петровец и Идризово. Меѓутоа, по Втората светска војна истите тие почнуваат да се вработуваат во фабриките во Скопје. Поради тоа, стопанското значење на Скопска Црна Гора за жителите на Кучевиште во огромна мера е намалено (Трифуноски, 1971).

Во современи услови, Кучевиште го задржува статусот на едно од поголемите и пофункционално консолидирани села во регионот. Според анализата, тоа е заведено како големо ридско село на надморска височина од приближно 530 – 620 m, со 4.119 жители, мешовита функција и збиен тип на просторна организација. Овие карактеристики се клучни, бидејќи покажуваат дека Кучевиште не е село со редуцирана или маргинализирана просторна логика, туку средина во која историскиот континуитет, демографската тежина и развиеноста на секојдневните функции овозможуваат подолг и послоен опстанок на организацијата на стопанските дворови.

### 3.4.2. Морфолошка структура на селото

По својата големина и важност, Кучевиште имало улога на главно село на Скопска Црна Гора. Има исклучително поволна местоположба бидејќи лежи во средината на пределот покрај самиот излез на Кучевишка Река од планинскиот масив на левата страна. Оваа морфолошка граница им овозможува на жителите искористување на шумите и пасиштата на планинскиот масив, како и потпланинските земјоделски зони во долината. Со вода за пиење селото се снабдува преку пет чешми. Водата до нив се носи со водовод од изворот Бигор покрај манастирот. Кучевиште претставува село од збиен тип. Има издолжена форма и се протега од север кон југ. Постариот северен дел од селото е особено збиен. Селото е поделено на маала, кои ги носат имињата според главните родови. Просторот „кај поштата“, како што го викаат жителите, претставувал центар на селото. Покрај поштата, во селото имало и здравствен дом, основно училиште и месна заедница. Во селото живеат околу 265 домаќинства (Трифуноски, 1971).

Морфолошкото читање на Кучевиште покажува збиено село со јасно препознатливо старо јадро и со периферни продолжувања што се развиваат по линијата на пристапните улици. Сателитската снимка и катастарската подлога го откриваат селото како компактна рурална структура со неправилна, но читлива улична мрежа, со висока концентрација на изграденост во средишниот дел и со постепено растоварување кон рабовите каде што парцелите стануваат попространи, а распоредот на објектите поотворен. Таквата конфигурација покажува дека просторната логика на селото не е униформна, и дека таа се гради преку односот меѓу старото збиено јадро, внатрешните микроконцентрации и порастегнатите периферни сегменти.

### 3.4.3. Анализа на селото според факторите на одржливост

Резултатите од анализата на селото Кучевиште се систематизирани според петте фактори на одржливост на ниво на село, кои се редоследно подредени и прикажани:

**(1) Население**

Кучевиште е големо село, кое во 1961 година имало 1.887 жители, од кои 1.163 биле Македонци, 698 Срби и 13 други. Во 1994 година селото броело 1.869 жители, од кои 1.467 биле Срби, 367 Македонци и по четири жители Турци и Роми. Според Пописот од 2002 година, во селото Кучевиште живееле 3.167 жители, од кои 1.460 Македонци, 1.564 Срби, 15 Власи, 4 Роми, 1 Бошњак и 33 други. Наглиот раст од над 1.000 жители меѓу пописите од 1994 и 2002 година се должи на вклучувањето на жителите од новосоздадената населба Кучевишка Бара, која се наоѓа во јужниот дел од атарот на селото (Државен завод за статистика, 1948 – 2002).

Според последниот Попис од 2021 година, во селото живеат 4.119 жители, од кои 2.404 Македонци, 1323 Срби, 84 Бошњаци, 18 Албанци, 15 Власи, 14 Турци, 7 Роми, 74 други и 180 лица без податоци (Државен завод за статистика, 2021).

Табела 2: *Преглед на населението по пописни години во селото Кучевиште*

| Население по пописни години | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1991 | 1994 | 2002 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кучевиште | 1.789 | 1.887 | 1.874 | 1.942 | 1.904 | 1.710 | 1.869 | 3.167 | 4.119 |

Населението во селото од 1948 до 1994 година во континуитет го одржува бројот на жители на исто ниво, а во последните 30 години бројот на жители практично се удвојува, што претставува одличен предуслов за негов развој.

**(2) Селски атар**

Селото е ридско, чии куќи се издигаат на надморска височина од 530 до 620 метри. Од градот Скопје селото е оддалечено околу 15 км. Има мошне голем атар, којшто зафаќа простор од 39,4 км². На него преовладуваат шумите на површина од 2.238 хектари, на обработливо земјиште отпаѓаат 1.162 хектари, а на пасишта 445 хектари (Панов, 1998).

Табела 3: *Процентуална искористеност на површината на селскиот атар во селото Кучевиште*

| Селски атар | Кучевиште |
|---|---|
| Површина | 3.845,0 ha |
| Шуми | 2.238,0 ha (58 %) |
| Обработливо земјиште | 1.162,0 ha (30 %) |
| Пасишта | 445,0 ha (12 %) |

Според тоа, селото има мешовита земјоделска функција. Сточарството, а особено овчарството претставувало главна стопанска гранка на жителите од селото до крајот на Втората светска војна. Во селото постоеле многубројни куќни задруги, кои броеле и над 15 члена. Се користеле пасиштата на Скопска Црна Гора во месноста Цареви Ливади. Мештаните ја користеле шумата на самата планина, па така од исечените стебла правеле вили, лопати, плугови, а воедно продавале и огревно дрво во градот Скопје. По Втората светска војна, голем број од селаните почнале да се вработуваат во многуте фабрики во градот и со тоа земјоделската активност била многукратно намалена.

### (3) Услови за живот

Во Кучевиште, како најголемо село на Скопска Црна Гора, застапени се сите содржини од образовен, здравствен и социјален карактер. Во селото има основно училиште, здравствен дом и пошта, а во него е сместена и општинската зграда на Општина Чучер-Сандево. Во непосредна близина, северно од селото се наоѓа манастирот „Св. Архангели Михаил и Гаврил", кој е сместен во живописна природа и кој за време на викендите и за празниците го посетуваат голем број жители од околните села и од градот Скопје. Во селото има уште три цркви, од кои црквата „Св. Воведение на Пресвета Богородица" (позната и како „Св. Спас") е главна селска црква и е сместена во централниот дел на селото. Жителите од селото со основни продукти се снабдуваат преку две продавници, а има и една пекарница. Во селото постои само еден ресторан, па во однос на големината на селото, би било потребно да се отворат уште неколку за посетителите што доаѓаат да го посетат манастирот или да се рекреираат. Во централниот дел на селото е изграден мал парк со игралиште за деца, кој го користат жителите за разни настани.

Табела 4: *Програмски содржини во селото Кучевиште*

| Програмски содржини | Кучевиште |
|---|---|
| Училиште | развиено / задоволително |
| Здравствен дом | развиено / задоволително |
| Пошта | развиено / задоволително |
| Продавница | развиено / задоволително |
| Месна заедница | развиено / задоволително |
| Ресторан | постои / незадоволително |
| Црква | развиено / задоволително |
| Парк | развиено / задоволително |

Селото спаѓа во категоријата големи села, па со самото тоа и потенцијалот за развој е исклучително голем. Во централниот дел на селото доминираат постари куќи со чардак, кои претставуваат значајно архитектонско и културно наследство. Со нивна обнова постои добра можност да се привлечат нови посетители и да се започне ревитализирачки процес во кои жителите на селата ќе го пронајдат својот интерес.

Табела 5: *Архитектонско и културно наследство во селото Кучевиште (авторски фотографии)*

| Архитектонско и културно наследство | Кучевиште | |
|---|---|---|
| Традиционални куќи |  |  |
| Манастир |  |  |
| Црква |  | |

## (4) Инфраструктура

Во селото Кучевиште состојбата на инфраструктурните системи во целина е на високо и задоволително ниво. Сите куќи во селото имаат пристап до електрична енергија и чиста вода за пиење. Најголемиот дел од куќите се поврзани на канализациски систем, но има и такви што не се, па би требало во иднина да се направи напор и тие да се поврзат. Комуналниот отпад редовно се собира, па во селото нема диви депонии покрај патиштата. Патната мрежа е на задоволително ниво. Сите улици низ селото се асфалтирани и се во добра состојба. Во однос на пристапот до телевизија, интернет и телефон, целото село е поврзано и е со добар квалитет на сигналот.

Табела 6: *Инфраструктурни системи во селото Кучевиште*

| Инфраструктурни системи | Кучевиште |
|---|---|
| Ел. енергија | развиено / задоволително |
| Вода за пиење | развиено / задоволително |
| Канализација | постои / незадоволително |
| Комунален отпад | развиено / задоволително |
| Телевизија | развиено / задоволително |
| Интернет | развиено / задоволително |
| Телефон | развиено / задоволително |
| Патна мрежа | развиено / задоволително |

Во однос на инфраструктурните системи, единствено е потребно да се доврши поврзувањето на канализациската мрежа на сите куќи во селото. Откако ќе се заврши тоа, во селото ќе постојат сите предуслови за да може да се размислува и да се прават стратегии за одржлив рурален развој.

## (5) Постојна состојба на домаќинствата и објектите во стопанските дворови

Направени се десет аналитички карти за стопанските дворови во селото Кучевиште. Аналитичките карти даваат информации за површината и формата на парцелата, изградената површина, функционалното зонирање (станбен, економски и градинарски дел), бројот и квалитетот на објектите, како и за бројот на членови и типот на домаќинството.

**КУЧЕВИШТЕ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.1**

| | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 1472 m² (ГОЛЕМ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА (БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | НЕПРАВИЛНА (1) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 338 m² (23%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ (СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | ДА (1+1+1) |
| БРОЈ НА ОБЈЕКТИ | 5 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО ДОМАЌИНСТВО | 5 |
| КВАЛИТЕТ НА ОБЈЕКТИ | ТРАДИЦИОНАЛНА И НОВА ГРАДБА | ТИП НА ДОМАЌИНСТВО | МЕШАНО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH



ЛЕГЕНДА:

1. КУЌА
2. ЛЕТНА КУЈНА
3. СТАЈСКИ ОБЈЕКТ
4. НАСТРЕШНИЦА ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА
5. ШУПА



Слика 27: Аналитичка карта за стопански двор бр. 1 во Кучевиште
Извор: Авторски цртежи и фотографии

| КУЧЕВИШТЕ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.2 | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 322 m² (МАЛ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА (БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | НЕПРАВИЛНА (2) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 145 m² (45%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ (СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | НЕ (1+1+0) |
| БРОЈ НА ОБЈЕКТИ | 3 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО ДОМАЌИНСТВО | 4 |
| КВАЛИТЕТ НА ОБЈЕКТИ | ТРАДИЦИОНАЛНА И НОВА ГРАДБА | ТИП НА ДОМАЌИНСТВО | МЕШАНО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH



ЛЕГЕНДА:

1. КУЌА
2. СТАЈСКИ ОБЈЕКТ
3. ШУПА





Слика 28: Аналитичка карта за стопански двор бр. 2 во Кучевиште
Извор: Авторски цртежи и фотографии

| КУЧЕВИШТЕ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.3 | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА<br>(ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 524 m²<br>(МАЛ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА<br>(БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | НЕПРАВИЛНА<br>(1) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА<br>(ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 220 m²<br>(42%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ<br>(СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | НЕ<br>(1+1+0) |
| БРОЈ НА<br>ОБЈЕКТИ | 2 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО<br>ДОМАЌИНСТВО | 4 |
| КВАЛИТЕТ НА<br>ОБЈЕКТИ | ТРАДИЦИОНАЛНА<br>И НОВА ГРАДБА | ТИП НА<br>ДОМАЌИНСТВО | МЕШАНО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH



ЛЕГЕНДА:
1. КУЌА
2. СТАЈСКИ ОБЈЕКТ СО НАСТРЕШНИЦА ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА





Слика 29: Аналитичка карта за стопански двор бр. 3 во Кучевиште
Извор: Авторски цртежи и фотографии

| КУЧЕВИШТЕ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.4 | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 738 m² (МАЛ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА (БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | НЕПРАВИЛНА (1) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 215 m² (29%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ (СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | НЕ (1+1+0) |
| БРОЈ НА ОБЈЕКТИ | 2 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО ДОМАЌИНСТВО | 3 |
| КВАЛИТЕТ НА ОБЈЕКТИ | ТРАДИЦИОНАЛНА ГРАДБА | ТИП НА ДОМАЌИНСТВО | МЕШАНО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH



ЛЕГЕНДА:
1. СТАЈСКИ ОБЈЕКТ СО НАСТРЕШНИЦА
2. КУЌА





Слика 30: Аналитичка карта за стопански двор бр. 4 во Кучевиште
Извор: Авторски цртежи и фотографии

| КУЧЕВИШТЕ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.5 | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 435 m² (МАЛ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА (БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | ПРАВИЛНА (1) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 192 m² (44%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ (СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | НЕ (1+1+0) |
| БРОЈ НА ОБЈЕКТИ | 3 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО ДОМАЌИНСТВО | 4 |
| КВАЛИТЕТ НА ОБЈЕКТИ | ТРАДИЦИОНАЛНА И НОВА ГРАДБА | ТИП НА ДОМАЌИНСТВО | СТОПАНСКО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH




ЛЕГЕНДА:
1. КУЌА
2. СТАЈСКИ ОБЈЕКТ
3. ШУПА





Слика 31: Аналитичка карта за стопански двор бр. 5 во Кучевиште
Извор: Авторски цртежи и фотографии

**КУЧЕВИШТЕ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.6**

| | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 1023 m² (ГОЛЕМ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА (БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | ПРАВИЛНА (1) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 285 m² (28%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ (СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | ДА (1+1+1) |
| БРОЈ НА ОБЈЕКТИ | 3 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО ДОМАЌИНСТВО | 1 |
| КВАЛИТЕТ НА ОБЈЕКТИ | ТРАДИЦИОНАЛНА И НОВА ГРАДБА | ТИП НА ДОМАЌИНСТВО | МЕШАНО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH



ЛЕГЕНДА:

1. КУЌА
2. СТАЈСКИ ОБЈЕКТ
3. НАСТРЕШНИЦА ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА







Слика 32: Аналитичка карта за стопански двор бр. 6 во Кучевиште
Извор: Авторски цртежи и фотографии

| КУЧЕВИШТЕ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.7 | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 2076 m² (ГОЛЕМ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА (БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | НЕПРАВИЛНА (1) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 467 m² (22%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ (СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | ДА (1+1+1) |
| БРОЈ НА ОБЈЕКТИ | 5 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО ДОМАЌИНСТВО | 5 |
| КВАЛИТЕТ НА ОБЈЕКТИ | ТРАДИЦИОНАЛНА И НОВА ГРАДБА | ТИП НА ДОМАЌИНСТВО | МЕШАНО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH



ЛЕГЕНДА:

1. КУЌА
2. СТАЈСКИ ОБЈЕКТ
3. НАСТРЕШНИЦА ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА
4. ШУПА
5. КОШ ЗА ПЧЕНКА







Слика 33: Аналитичка карта за стопански двор бр. 7 во Кучевиште
Извор: Авторски цртежи и фотографии

| КУЧЕВИШТЕ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.8 | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 1012 m² (ГОЛЕМ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА (БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | НЕПРАВИЛНА (2) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 254 m² (25%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ (СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | ДА (1+1+0) |
| БРОЈ НА ОБЈЕКТИ | 5 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО ДОМАЌИНСТВО | 6 |
| КВАЛИТЕТ НА ОБЈЕКТИ | НОВА ГРАДБА | ТИП НА ДОМАЌИНСТВО | МЕШАНО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH



ЛЕГЕНДА:

1. КУЌА
2. ЛЕТНА КУЈНА
3. ГАРАЖА
4. СТАЈСКИ ОБЈЕКТ СО НАСТРЕШНИЦА МЕХАНИЗАЦИЈА
5. КОКОШАРНИК







Слика 34: Аналитичка карта за стопански двор бр. 8 во Кучевиште
Извор: Авторски цртежи и фотографии

**КУЧЕВИШТЕ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.9**

| | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 2221 $m^2$ (ГОЛЕМ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА (БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | ПРАВИЛНА (1) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 488 $m^2$ (22%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ (СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | ДА (1+1+0) |
| БРОЈ НА ОБЈЕКТИ | 5 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО ДОМАЌИНСТВО | 12 |
| КВАЛИТЕТ НА ОБЈЕКТИ | ТРАДИЦИОНАЛНА И НОВА ГРАДБА | ТИП НА ДОМАЌИНСТВО | СТОПАНСКО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH



ЛЕГЕНДА:
1. НАСТРЕШНИЦА МЕХАНИЗАЦИЈА
2. СТАРА КУЌА
3. АМБАР СО МЕЛНИЦА
4. СТАЈСКИ ОБЈЕКТ
5. НОВА КУЌА






Слика 35: Аналитичка карта за стопански двор бр. 9 во Кучевиште
Извор: Авторски цртежи и фотографии

| КУЧЕВИШТЕ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.10 | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА<br>(ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 1730 m²<br>(ГОЛЕМ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА<br>(БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | НЕПРАВИЛНА<br>(4) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА<br>(ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 382 m²<br>(22%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ<br>(СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | ДА<br>(1+1+1) |
| БРОЈ НА<br>ОБЈЕКТИ | 6 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО<br>ДОМАЌИНСТВО | 5 |
| КВАЛИТЕТ НА<br>ОБЈЕКТИ | ТРАДИЦИОНАЛНА<br>И НОВА ГРАДБА | ТИП НА<br>ДОМАЌИНСТВО | МЕШАНО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH




ЛЕГЕНДА:
1. РЕСТОРАН
2. СТАРА КУЌА
3. НОВА КУЌА
4. ШУПА
5. СТАЈСКИ ОБЈЕКТ И КОКОШАРНИК
6. НАСТРЕШНИЦА МЕХАНИЗАЦИЈА






Слика 36: Аналитичка карта за стопански двор бр. 10 во Кучевиште
Извор: Авторски цртежи и фотографии

Стопанските дворови во селото Кучевиште, анализирани преку десет репрезентативни примероци, покажуваат дека карактеристиките на парцелата во однос на површината, формата и нејзината позиција во населената структура, директно ја условуваат можноста за рационална просторна и функционална организација. Иако големината и ориентацијата на парцелите во најголем дел не претставуваат пресудна пречка за базичното функционирање на домаќинствата, тие имаат значително влијание врз воспоставувањето функционално зонирање и врз степенот на просторна читливост на стопанскиот двор како морфолошка единица. Во анализираните примери на стопански дворови се забележува изразена варијабилност на површините (од дворови со мал до дворови со голем просторен капацитет), при што доминираат неправилните парцели, а во дел од случаите е евидентирана и имотно окрупнување на повеќе парцели во еден стопански двор. Ова упатува на историски непландски развој и сложени фамилијарни односи, кои ја намалуваат можноста за компактна и интегрална дворна структура.

Конфигурацијата на теренот и морфолошката позиција на стопанските дворови во рамките на селото дополнително ја одредуваат нивната функционална логика. Во постарите и топографски посложени сегменти (падински позиции), просторната диспозиција е ограничена и тоа неретко резултира со некомплетно или нефункционално зонирање на станбениот, економскиот и градинарскиот дел. Во тие услови, градинарскиот дел најчесто се јавува како дислоцирана компонента (надвор од стопанскиот двор), што го намалува потенцијалот дворот да функционира како целосно интегрирана продуктивна единица. Спротивно на тоа, кај стопанските дворови со поголем просторен капацитет е почеста појавата на појасно диференцирани функционални зони, при што се забележува поорганизирана релација меѓу станбениот објект, економските содржини и отворените работни површини.

Паралелно, податоците укажуваат дека степенот на изграденост се разликува во зависност од големината на дворот. Па така, кај помалите стопански дворови се појавува повисока релативна изграденост што ја редуцира употребливата слободна површина и ја сведува дворно-отворената зона на комуникациски и манипулативен простор. Напротив, кај поголемите стопански дворови изграденоста е релативно пониска и овозможува повисок степен на функционална флексибилност. Во однос на внатрешната структура, стопанските дворови варираат според бројот на објекти и нивната меѓусебна диспозиција. Главно, се работи за комбинација на повеќе објекти, при што економските објекти најчесто ја ставаат во рамка дворната површина или се поставуваат така што го поддржуваат процесот на работа и движење во рамките на парцелата.

Квалитативната анализа на објектите покажува слоевитост на градежниот фонд. Во повеќето стопански дворови се присутни комбинации од постари традиционални структури и понови интервенции (доградби, надградби или замени), што упатува на континуирани, но неретко адитивни трансформации. Во социоекономска смисла, најзастапен е мешаниот тип домаќинство, што имплицира комбинирање на земјоделски активности со приход надвор од примарното стопанство. Во тој контекст, обработливото земјиште често е просторно одвоено од стопанскиот двор, што постепено го трансформира дворот од класична продуктивна единица во станбено-економска база со редуцирани аграрни содржини. Сите податоци за стопанските дворови и домаќинствата во селото Кучевиште се дадени во табелите 7 и 8.

Табела 7: *Презентација на постојната состојба на анализираните стопански дворови во село Кучевиште (1 – 5)*

| Стопански дворови (реден број) | Кучевиште | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Површина на парцела (вид стопански двор) | 1472 m² (голем и.с.д.) | 322 m² (мал и.с.д.) | 524 m² (мал и.с.д.) | 738 m² (мал и.с.д.) | 435 m² (мал и.с.д.) |
| Форма на парцела (број на парцели) | неправилна (1) | неправилна (2) | неправилна (1) | неправилна (1) | правилна (1) |
| Изградена површина (процент) | 338 m² (23 %) | 145 m² (45 %) | 220 m² (42 %) | 215 m² (29 %) | 192 m² (44 %) |
| Функционално зонирање (станб./екон./град.) | да (1+1+1) | не (1+1+0) | не (1+1+0) | не (1+1+0) | не (1+1+0) |
| Број на објекти | 5 | 3 | 2 | 2 | 3 |
| Квалитет на објекти | традиционална и нова градба | традиционална и нова градба | традиционална и нова градба | традиционална градба | традиционална и нова градба |
| Број на членови во домаќинство | 5 | 4 | 4 | 3 | 4 |
| Тип домаќинство | мешано | мешано | мешано | мешано | стопанско |

Табела 8: *Презентација на постојната состојба на анализираните стопански дворови во село Кучевиште (6 – 10)*

| Стопански дворови (реден број) | Кучевиште | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Површина на парцела (вид стопански двор) | 1023 m² (голем и.с.д.) | 2076 m² (голем и.с.д.) | 1012 m² (голем и.с.д.) | 2221 m² (голем и.с.д.) | 1730 m² (голем и.с.д.) |
| Форма на парцела (број на парцели) | правилна (1) | неправилна (1) | неправилн а (2) | правилна (1) | неправилна (4) |
| Изградена површина (процент) | 285 m² (28 %) | 467 m² (22 %) | 254 m² (25 %) | 488 m² (22 %) | 382 m² (22 %) |
| Функционално зонирање (станб./екон./град. ) | да (1 + 1 + 1) | да (1 + 1 + 1) | да (1 + 1 + 0) | да (1 + 1 + 0) | да (1 + 1 + 1) |
| Број на објекти | 3 | 5 | 5 | 5 | 6 |
| Квалитет на објекти | традиционалн а и нова градба | традиционалн а и нова градба | нова градба | традиционалн а и нова градба | традиционалн а и нова градба |
| Број на членови во домаќинство | 1 | 5 | 6 | 12 | 5 |
| Тип домаќинство | мешано | мешано | мешано | стопанско | мешано |

Сумирано, стопанските дворови во Кучевиште ја рефлектираат актуелната рурална динамика:

- фрагментација на имотот;
- селективна модернизација на станбениот фонд;
- функционална редукција на традиционалните економски програми.

Разликите меѓу стопанските дворови не произлегуваат само од нивната големина, туку и од нивната морфолошка позиција и топографските услови, што го прави системот на стопански дворови силно хетероген и развојно слоевит, што претставува клучен индикатор за просторните промени и трансформацијата на руралниот амбиент во селото.

### 3.4.4. Типологија на стопанските дворови

Анализата на десетте репрезентативни стопански дворови во Кучевиште укажува на изразена морфолошка хетерогеност, при што се издвојуваат три доминантни архитектонски типа стопански дворови:

- Тип А – интегрален стопански двор
- Тип Б – дисперзиран стопански двор без градинарска зона
- Тип В – компактен стопански двор без градинарска зона

Тип А (интегрален стопански двор) – претставува морфолошки најкомплетна форма на стопански двор. Карактеристичен е за парцели со поголем просторен капацитет, а во дел од примероците е и како резултат на окрупнување на повеќе помали парцели. Просторната структура е повеќе објектна, со јасно диференцирани станбена, економска и градинарска зона во рамките на дворот. Умерениот степен на изграденост овозможува читлива организациска матрица и функционална интеграција на дворниот простор. На овој тип му припаѓаат стопанските дворови: 1, 6, 7 и 10. Овде дворната матрица е најблиска до традиционалниот модел на целосно артикулиран стопански двор, при што односите меѓу куќата, стопанските објекти и отворениот простор остануваат јасно читливи.

Тип Б (дисперзиран стопански двор без градинарска зона) – морфолошки се приближува до интегралниот тип, но е без целосна функционална артикулација на сите зони во рамките на стопанскиот двор. Иако се присутни повеќе објекти и постои јасна станбено-економска структура, градинарската зона е редуцирана или дислоцирана. Просторниот потенцијал на парцелата е значителен, но функционалната интеграција е нецелосна. Од овој тип се стопанските дворови: 8 и 9. Овој тип е особено важен бидејќи покажува преодна состојба, односно не станува збор за распаднат двор, туку за двор во кој функционалната интеграција е веќе делумно нарушена.

Тип В (компактен стопански двор без градинарска зона) – се јавува кај парцели со ограничен просторен капацитет каде што изграденоста е висока, а бројот на објекти е редуциран. Градинарската зона не е интегрирана во рамките на стопанскиот двор, а отворениот простор има претежно комуникациска и сервисна функција. Просторната логика е компресирана и е резултат на постепени адитивни интервенции во ограничен просторен контекст. Овој тип ги опфаќа стопанските дворови: 2, 3, 4 и 5. Токму преку овие примероци станува видливо дека во селото дел од дворната матрица веќе се приспособува кон процеси на згуснување, но без целосно напуштање на руралната парцеларна основа.

Анализата на репрезентативните типови стопански дворови во Кучевиште не покажува еднонасочен модел на редукција, туку паралелно постоење на различни степени на интегритет и трансформација. Во рамките на селото опстојуваат и целосно зонирани повеќеобјектни склопови, и преодни дисперзирани варијанти, и силно компресирани дворови. Тоа значи дека просторните промени се појавуваат како нееднаква и локално диференцирана преработка на истата историска дворна матрица.

Локалната типолошка синтеза за Кучевиште покажува дека селото не може да се сведе на еден доминантен тип стопански двор. Неговата главна карактеристика е паралелната коегзистенција на интегрални, дисперзирани и компактни типови стопански дворови, односно присуството на повеќе просторни правила што дејствуваат истовремено во рамките на иста селска матрица. Во таа смисла, Кучевиште се појавува

како слоевит и внатрешно диференциран морфолошки систем, во кој традиционалниот повеќеобјектен и целосно зониран модел не е едноставно заменет со нов. Таквиот модел паралелно опстојува со варијанти што покажуваат селективна редукција, компресија или делумна пренамена на дворниот простор.

Од типолошка гледна точка, најважен заклучок е дека селото Кучевиште ја зачувало способноста да генерира повеќе конфигурации на стопански дворови во рамките на исто село, без да ја загуби читливоста на својата селска структура. Токму затоа Кучевиште претставува особено вреден емпириски пример. Селото не е чист традиционален модел, ниту, пак, целосно редуциран современ модел, туку претставува село во кое може да се следи преносот од стабилна организација на стопанските дворови кон различни форми на морфолошка адаптација. Оваа локална синтеза ќе биде клучна во натамошната компаративна обработка, бидејќи покажува дека во Кучевиште руралната матрица не е монотон систем, туку хетерогена и структурно диференцирана целина.

Тип А – Интегрален стопански двор




Слика 37: Стопански дворови бр. 1 и бр. 7 во Кучевиште
Извор: Авторски цртеж




Слика 38: Стопански дворови бр. 6 и бр. 10 во Кучевиште
Извор: Авторски цртеж

Тип Б – Дисперзиран стопански двор без градинарска зона




Слика 39: Стопански двор бр. 9 во Кучевиште
Извор: Авторски цртеж




Слика 40: Стопански двор бр. 8 во Кучевиште
Извор: Авторски цртеж

Тип В – Компактен стопански двор без градинарска зона




Слика 41: Стопански дворови бр. 2 и бр. 3 во Кучевиште
Извор: Авторски цртеж




Слика 42: Стопански дворови бр. 4 и бр. 5 во Кучевиште
Извор: Авторски цртеж

### 3.5. Горњане

Второто село што ќе биде студија на случај е селото Горњане. Исто како Кучевиште, и ова село се наоѓа во северниот дел на Скопската Котлина, на југозападната падина на Скопска Црна Гора и е дел од Општина Чучер-Сандево.




Слика 43: Сателитска снимка од село Горњане
Извор: Google Earth Pro

За разлика од Кучевиште, Горњане претставува мало ридско село со приближно 80 жители, со полјоделско-сточарска функција и со збиен тип на морфолошка организација. Токму затоа неговата аналитичка вредност е особено голема, односно во него многу појасно отколку во поголемите села може да се следи како трансформацијата на стопанскиот двор дејствува во услови на ограничен демографски капацитет, изразена просторна компресија и ослабена економска продуктивност на селското домаќинство.




Слика 44: Катастарска подлога на селото Горњане со анализираните стопански дворови
Извор: Агенција за катастар (авторска обработка)

### 3.5.1. Историја и развој на селото

Во последните години селото Горњане поради релативно добрата сообраќајна поврзаност со Скопје, почнува да се трансформира од традиционално стопанско село кон викенд-село со куќи што се градат во периферијата на селото од луѓе што живеат во градот. Исто како Кучевиште, и ова село изобилува со интересни историски факти.

Јужно од Горњане, на врвот на ридот Тромеѓе е сместен познатиот средновековен манастир „Св. Никита". Трите соседни села: Горњане, Чучер и Бањани се сместени северно, јужно и источно од манастирот. Поради тоа, одредени автори манастирот „Св. Никита" го припојуваат еднаш кон Горњане, другпат кон Чучер, а понекогаш и кон Бањани. Сепак, според близината, споменатиот манастир треба да се нарекува горњански. Според историските податоци, манастирот „Св. Никита" најпрво бил познат византиски манастир. Можно е да потекнува од XII век, кога византиските владетели подигнувале и други манастири во околината на Скопје. Меѓутоа, во еден период бил срушен и повторно изграден од темел од страна на српскиот крал Милутин во 1307 година. Во 1308 година кралот Милутин на манастирот му припојува голем имот, а потоа со сите негови добра му го доделува на манастирот „Хиландер" на Света Гора. Горњане спаѓа во групата стари села на Скопска Црна Гора. Според преданието на жителите, селото најпрво се наоѓало 500 метри западно од денешната местоположба. Таму во долината било старото село Радунац. Меѓутоа, за време на отоманскиот период жителите биле принудени да го напуштат тоа село. Селото се наоѓало покрај стариот пат Скопје – Качаник, па поради тоа често било напаѓано од муслиманските Арбанаси. Обично биле напаѓани жените и девојките во близина на чешмите. Промената на местоположбата на сегашното село Горњане не се случила одеднаш, туку постепено во повеќе наврати, сè додека старо село не исчезнало. Сточарството било главна стопанска гранка на жителите на Горњане до крајот на отоманскиот период, па потоа и до крајот на Втората светска војна. Дотогаш во селото постоеле задруги составени од 15 до 25 члена. Од таа причина, во селото се зачувани големи и стари камени куќи, и до ден-денес. Во нив се наоѓаат специјално вградени фурни, во кои се печел леб за многубројните членови на домаќинствата. Жителите од селата Горњане, Чучер и Бањани се стекнале со своја земја дури во 1925 година, кога државните власти им доделиле земјиште во атарот на селата Орман и Волково, како и во Скопско Поле (Трифуноски, 1971).

### 3.5.2. Морфолошка структура на селото

Горњане е едно од најзападните села на Скопска Црна Гора. Има амфитеатрална местоположба, а името го добило по тоа што се наоѓа на поголема висина од соседните села Чучер и Бањани. Горњане е на таква економска положба што им овозможува на жителите да користат разновидни природни ресурси. Водата за пиење во селото се обезбедува преку две чешми што биле изградени во 1926 година. Северно од селото на планинскиот масив избиваат изворите: Врбица, Студено, Мокра Ливада и др. Селото е поделено на маала според главните родови, а во маалата куќите се густо збиени една до друга. Може да се забележи и понекоја напуштена куќа, чии жители се иселиле од селото. Поради густината на куќите, во дворовите не постојат бавчи. Во селото живеат околу 43 домаќинства (Трифуноски, 1971).

Морфолошки гледано, Горњане е село со збиен тип со јасно читливо компактно јадро и со ограничен просторен капацитет на парцелите во неговите постари делови. Но сателитските снимки и картографските прикази покажуваат дека ова компактно јадро не ја исцрпува целата морфолошка слика на селото. Покрај него, покрај пристапните патишта и на периферијата се појавуваат издолжени и поодделени групации на парцели и објекти, што упатува на постепено растегнување на селската структура. Оттука, Горњане не треба да се чита како чисто монолитно јадро, туку како село во кое компактната основа коегзистира со периферни морфолошки продолжувања.

### 3.5.3. Анализа на селото според факторите на одржливост

Резултатите од анализата на селото Горњане се систематизирани според петте фактори на одржливост на ниво на село, кои се редоследно подредени и прикажани:

#### (1) Население

Историски гледано, селото Горњане доживува континуиран и сериозен пад на населението во втората половина на XX век. Ваквиот пад на населението претставува одраз на зачестените трендови на миграција од село во град, кои биле карактеристични за општествено-политички систем во СФР Југославија. Во 1961 година селото броело 313 жители, од кои 174 биле Македонци и 139 Срби. Во 1994 година бројот значително се намалил на само 93 жители, од кои 48 Срби и 41 Македонец (Државен завод за статистика, 1948–2002).

Но на почетокот на XXI век со заживувањето на повеќепартискиот демократски систем во Р Македонија, падот на населението во селото Горњане е запрен. Според последниот Попис од 2021 година, во селото Горњане живеат 80 жители, од кои 51 Македонец и 29 Срби (Државен завод за статистика, 2021).

Табела 9: *Преглед на населението по пописни години во селото Горњане*

| Население по пописни години | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1991 | 1994 | 2002 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Горњане | 369 | 384 | 313 | 184 | 107 | 90 | 93 | 80 | 80 |

Според бројот на населението, селото Горњане спаѓа во групата мали села. Населението во селото од 1961 до 2002 година постојано се намалува, но во последните 20 година бројот на жители е константен, што може да биде добар предуслов за нагорен тренд. Густината на населеност е 7 жители на хектар, со што се потврдува руралниот карактер на селото, кој е и најголемата причина за намалувањето на бројот на населението. Во последните години миграциските процеси се запрени, но тоа не е резултат на системски мерки, туку поради фактот дека најголемиот дел од младите веќе го напуштиле селото.

### (2) Селски атар

Селото е ридско, на надморска височина од 580 m. Од градот Скопје, пред територијално да се прошири по земјотресот, било оддалечено 17 km. Атарот зафаќа простор од 11,3 km². На него преовладуваат пасишта на површина од 709,4 ha, на шуми отпаѓаат 255,5 ha, а на обработливо земјиште 164,5 ha (Панов, 1998).

Табела 10: *Процентуална искористеност на површината на селскиот атар во селото Горњане*

| Селски атар | Горњане |
|---|---|
| Површина | 1.129,4 ha |
| Пасишта | 709,4 ha<br>(63 %) |
| Шуми | 255,5 ha<br>(23 %) |
| Обработливо земјиште | 164,5 ha<br>(14 %) |

Селскиот атар е исклучително богат со пасишта, со што само се потврдува фактот дека селото во минатото имало полјоделско-сточарска функција. За формата на селскиот атар може да се каже дека таа на прв поглед е неповолна, но ако се земе предвид дека шумите го зафаќаат претежно северниот дел од атарот, тогаш пасиштата и обработливото земјиште се оддалечени од центарот на селото на растојание од 3-4 km, што се смета за поволна околност.

### (3) Услови за живот

Во селото Горњане има недостиг на содржини од образовен, здравствен и социјален карактер. Поради неговата позиција и големината, нема училиште, здравствен дом и пошта, но секако, огромен недостаток е и немањето продавница со основни продукти, поради што жителите од селото мораат да одат до соседното село. Во селото има еден објект од јавен карактер во кој се сместени просториите на месната заедница. Пред селото се наоѓа манастирот „Св. Никита“, кој за време на викендите и за празниците го посетуваат голем број жители од околните села и од градот Скопје. За посетителите на манастирот и туристите во една од куќите е отворен мал етноресторан. Во последните години влезот на селото е уреден со парк со крст, кој се користи за собири на жителите од селото и за одбележување верски празници.

Табела 11: *Програмски содржини во селото Горњане*

| Програмски содржини | Горњане |
|---|---|
| Училиште | нема / проблематично |
| Здравствен дом | нема / проблематично |
| Пошта | нема / проблематично |
| Продавница | нема / проблематично |
| Месна заедница | постои / незадоволително |
| Ресторан | постои / незадоволително |
| Црква | развиено / задоволително |
| Парк | развиено / задоволително |

Иако спаѓа во категоријата мало село, во него може да се сретнат и објекти што претставуваат значајно архитектонско и културно наследство. Со инвестирање во мали бизниси и туризам, постои добра можност да се привлечат нови посетители и да се започне ревитализирачки процес на селото.

Табела 12: *Архитектонско и културно наследство во селото Горњане (авторски фотографии)*

| Архитектонско и културно наследство | Горњане |
|---|---|
| Традиционална куќа |  |
| Манастир |  |
| Културен дом |  |

## (4) Инфраструктура

Состојбата на инфраструктурните системи во селото Горњане во целина е на незадоволително ниво. Иако сите куќи во селото имаат пристап до електрична енергија и чиста вода за пиење, сепак најголем недостаток во селото е немањето канализациска мрежа, со што во голема мера се намалува квалитетот на животот. Домаќинствата во своите дворови имаат септички јами, но многу често локалниот поток го користат за испуштање на канализацијата, која покрај еколошка хаварија, може да претставува и потенцијална хигиенска и здравствена опасност. Депонирањето на комуналниот отпад е организиран на почетокот на селото и не се забележуваат диви депонии покрај патот, што значи дека комуналните служби навремено си ја вршат својата работа. Патната мрежа е многу оскудна, па освен главната улица низ селото која е асфалтирана и е во добра состојба, сите други улици во селото се тесни поради самиот терен и се во лоша состојба. Во однос на пристапот до телевизија, интернет и телефон, во еден дел од селото квалитетот на сигналот е добар, а во друг дел од селото поради конфигурацијата на теренот, сигналот е со полош квалитет.

Табела 13: *Инфраструктурни системи во селото Горњане*

| Инфраструктурни системи | Горњане |
|---|---|
| Ел. енергија | развиено / задоволително |
| Вода за пиење | развиено / задоволително |
| Канализација | нема / проблематично |
| Комунален отпад | развиено / задоволително |
| Телевизија | постои / незадоволително |
| Интернет | постои / незадоволително |
| Телефон | постои / незадоволително |
| Патна мрежа | постои / незадоволително |

Подобрувањето на инфраструктурните системи во селото Горњане е неопходно. За да може да се размислува за каков било иден рурален развој, најпрво е потребно да се обезбедат минималните предуслови за квалитетен живот на жителите на селото.

## (5) Постојна состојба на домаќинствата и објектите во стопанските дворови

Направени се пет аналитички карти за стопанските дворови во селото Горњане. Аналитичките карти даваат информации за површината и формата на парцелата, изградената површина, функционалното зонирање (станбен, економски и градинарски дел), бројот и квалитетот на објектите, како и за бројот на членови и типот на домаќинството.

| ГОРЊАНЕ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.1 | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 1552 $m^2$ (ГОЛЕМ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА (БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | НЕПРАВИЛНА (1) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 332 $m^2$ (21%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ (СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | НЕ (1+1+0) |
| БРОЈ НА ОБЈЕКТИ | 4 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО ДОМАЌИНСТВО | 2 |
| КВАЛИТЕТ НА ОБЈЕКТИ | ТРАДИЦИОНАЛНА И НОВА ГРАДБА | ТИП НА ДОМАЌИНСТВО | СТОПАНСКО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH



ЛЕГЕНДА:
1. СТАЈСКИ ОБЈЕКТ (РУШЕВИНА)
2. СТАРА КУЌА
3. НОВА КУЌА
4. ШУПА





Слика 45: Аналитичка карта за стопански двор бр. 1 во Горњане
Извор: Авторски цртежи и фотографии

| ГОРЊАНЕ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.2 | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 571 m² (МАЛ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА (БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | НЕПРАВИЛНА (1) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 264 m² (46%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ (СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | НЕ (1+1+0) |
| БРОЈ НА ОБЈЕКТИ | 4 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО ДОМАЌИНСТВО | 4 |
| КВАЛИТЕТ НА ОБЈЕКТИ | ТРАДИЦИОНАЛНА И НОВА ГРАДБА | ТИП НА ДОМАЌИНСТВО | СТОПАНСКО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH



ЛЕГЕНДА:
1. НОВА КУЌА
2. СТАЈСКИ ОБЈЕКТ
3. ДРВАРНИЦА
4. ШУПА



Слика 46: Аналитичка карта за стопански двор бр. 2 во Горњане
Извор: Авторски цртежи и фотографии

| ГОРЊАНЕ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.3 | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 434 m² (МАЛ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА (БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | НЕПРАВИЛНА (1) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 210 m² (48%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ (СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | НЕ (1+1+0) |
| БРОЈ НА ОБЈЕКТИ | 3 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО ДОМАЌИНСТВО | 3 |
| КВАЛИТЕТ НА ОБЈЕКТИ | ТРАДИЦИОНАЛНА И НОВА ГРАДБА | ТИП НА ДОМАЌИНСТВО | МЕШАНО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH



ЛЕГЕНДА:
1. СТАЈСКИ ОБЈЕКТ
2. НОВА КУЌА
3. ШУПА



Слика 47: Аналитичка карта за стопански двор бр. 3 во Горњане
Извор: Авторски цртежи и фотографии

| ГОРЊАНЕ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.4 | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 675 m² (МАЛ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА (БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | ПРАВИЛНА (1) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 110 m² (16%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ (СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | НЕ (1+0+0) |
| БРОЈ НА ОБЈЕКТИ | 1 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО ДОМАЌИНСТВО | 2 |
| КВАЛИТЕТ НА ОБЈЕКТИ | НОВА ГРАДБА | ТИП НА ДОМАЌИНСТВО | НЕСТОПАНСКО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH



ЛЕГЕНДА:

1. НОВА КУЌА



Слика 48: Аналитичка карта за стопански двор бр. 4 во Горњане
Извор: Авторски цртежи и фотографии

**ГОРЊАНЕ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.5**

| | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 596 m² (МАЛ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА (БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | ПРАВИЛНА (1) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 42 m² (7%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ (СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | НЕ (1+0+0) |
| БРОЈ НА ОБЈЕКТИ | 1 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО ДОМАЌИНСТВО | 2 |
| КВАЛИТЕТ НА ОБЈЕКТИ | НОВА ГРАДБА | ТИП НА ДОМАЌИНСТВО | НЕСТОПАНСКО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH



ЛЕГЕНДА:

1. НОВА КУЌА



Слика 49: Аналитичка карта за стопански двор бр. 5 во Горњане
Извор: Авторски цртежи и фотографии

Во однос на стопанските дворови може да се забележи дека големината, формата и ориентацијата не претставува проблем за функционирање на домаќинствата во селото. Претежно неправилните форми и малата големина на стопанските дворови се резултат на наследената состојба поради непланскиот развој на селото низ неговата историја.

Ако се анализираат стопанските дворови според конфигурацијата на теренот, може да се забележи дека има големи сличности, но и одредени разлики во однос на функционалната организација. На стопанските дворови коишто се лоцирани во старото јадро на селото, односно на падината со поглед кон Скопје, стрмниот терен им претставува ограничувачки фактор за уредување на просторот. Голем број од нив немаат јасно зонирање на станбен, економски и градинарски дел. Притоа, градинарскиот дел во најголем број случаи се наоѓа на друга парцела во рамките на селскиот атар. Кај некои стопански дворови може да се забележи одредено зонирање, но секогаш тоа е различно во зависност од програмата. Стајските објекти најчесто се распоредени по периметарот од дворот. Кај стопанските дворови што се лоцирани во новоформираните делови од селото преовладуваат дворовите во кои има само станбен објект.

За квалитетот на објектите забележлива е голема разноликост. Мал број од постарите традиционални објекти се наоѓаат во добра состојба. Најголемиот број од објектите за домување се од поново време (од 90-тите, па наваму) изградени од скелетна армирано-бетонска конструкција и керамички блокови.

Една од задачите при анализата беше да се направи и процена на тоа дали домаќинствата се ориентирани кон стопанска економија или зависат од други работни места во околните села или градот Скопје. Поголемиот број од испитаните домаќинства се занимаваат со земјоделство, но карактеристично е тоа што обработливото земјиште е најчесто на друга локација во рамките на селскиот атар. Само мал дел од домаќинствата во селото се занимаваат со сточарство и пчеларство. Тие што се занимаваат со сточарство најчесто одгледуваат кози и кокошки за сопствени потреби. Собраните податоци за домаќинствата во селото Горњане се дадени во табела 14.

Табела 14: *Презентација на постојната состојба на анализираните стопански дворови во селото Горњане*

| Стопански Дворови (реден број) | Горњане | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Површина на парцела (вид стопански двор) | 1552 m² (голем и.с.д.) | 571 m² (мал и.с.д.) | 434 m² (мал и.с.д.) | 675 m² (мал и.с.д.) | 596 m² (мал и.с.д.) |
| Форма на парцела (број на парцели) | неправилна (1) | неправилна (1) | неправилна (1) | правилна (1) | правилна (1) |
| Изградена површина (процент) | 332 m² (21 %) | 264 m² (46 %) | 210 m² (48 %) | 110 m² (16 %) | 42 m² (7 %) |
| Функционално зонирање (станб./екон./град.) | не (1 + 1 + 0) | не (1 + 1 + 0) | не (1 + 1 + 0) | не (1 + 0 + 0) | не (1 + 0 + 0) |
| Број на објекти | 4 | 4 | 3 | 1 | 1 |
| Квалитет на објекти | традиционална и нова градба | традиционална и нова градба | традиционална и нова градба | нова градба | нова градба |
| Број на членови во домаќинство | 2 | 4 | 3 | 2 | 2 |
| Тип домаќинство | стопанско | стопанско | мешано | нестопанско | нестопанско |

Севкупниот впечаток за домаќинствата е дека тие ја одразуваат економската состојба како во најголемиот број села во Македонија. Економската криза во државата влијаела врз одржувањето на објектите и малиот број новоизградени објекти според потребните стандарди. Стопанските дворови во старото јадро на селото се преоптоварени со привремени објекти за што е користен евтин градежен материјал, а додека кај новоформираните стопански дворови преовладуваат објектите за домување.

### 3.5.4. Типологија на стопанските дворови

Анализата на петте стопански двора во Горњане покажува доминација на компактни и фрагментирани типови стопански дворови, со појава и на традиционални повеќе објектни дворови без јасно зонирање. Типовите што се повторуваат со тие во Кучевиште ќе бидат преземени, а новите типови ќе продолжат редоследно да се објаснуваат:

- Тип Б – дисперзиран стопански двор без градинарска зона
- Тип В – компактен стопански двор без градинарска зона
- Тип Г – фрагментиран стопански двор со градинарска зона
- Тип Д – фрагментиран стопански двор

Тип Б (дисперзиран стопански двор без градинарска зона) – се карактеризира со нецелосна функционална артикулација на сите зони во рамките на стопанскиот двор. Присутни се станбено-економски објекти, но градинарската зона ја нема. Парцелата има голем просторен потенцијал, но теренските услови значително влијаат врз целосното зонирање. Во Горњане од овој тип е стопанскиот двор: 1. Овој тип е важен затоа што претставува преодна состојба. Стопанскиот двор сѐ уште не е сведен на чисто резиденцијален склоп, но истовремено веќе не ја поседува целосната трипартитна логика на традиционалниот стопански двор.

Тип В (компактен стопански двор без градинарска зона) – се карактеризира со мала парцела и релативно висока изграденост, при што дворниот простор е силно редуциран. Бројот на објекти е ограничен, а зонирањето е нецелосно. Просторната организација е резултат на постепено згуснување поради ограничувачкиот фактор на малиот фонд парцели во старото јадро. Во Горњане овој тип ги опфаќа стопанските дворови: 2 и 3. Овој тип особено јасно ја покажува логиката на компресија во старото селско јадро. Ограничениот парцеларен фонд не дозволува развој на поширок производен склоп, па стопанскиот двор се сведува на минимална функционална рамка.

Тип Г (фрагментиран стопански двор со градинарска зона) – е морфолошки растегнат стопански двор со значителна градинарска зона, но без економски објекти. Просторната организација е резултат на адитивен развој, без формализирана структурна логика. Овој тип го претставува стопанскиот двор: 5. Кај овој тип почнува да се забележува слабеење на традиционалната стопанска логика. Стопанскиот двор претставува производна единица само со градинарски дел.

Тип Д (фрагментиран стопански двор) – се одликува со присуство на единствен станбен објект и отсуство на економска и градинарска зона. Дворната структура е редуцирана и морфолошки сведена на резиденцијален тип. Овој тип го претставува стопанскиот двор: 4. Ова е најредуцираната варијанта во Горњане и токму преку неа најјасно се гледа процесот на слабеење на традиционалната стопанска логика. Стопанскиот двор повеќе не функционира како повеќеобјектна производна единица, туку како минимален станбен простор.

Во Горњане имаме тенденција кон просторна компресија и функционална редукција на дворниот систем. Доминацијата на компактни и фрагментирани типови стопански дворови укажува на трансформација на традиционалната повеќеобјектна густо изградена матрица во насока на поедноставена и претежно станбена структура.

Локалната типолошка синтеза за Горњане покажува дека селото има многу појасно редукциско типолошко јадро отколку Кучевиште. Додека во Кучевиште коегзистираа

интегрални, дисперзирани и компактни типови, во Горњане доминира репертоар составен од компактни и фрагментирани варијанти, со ограничено присуство на дисперзирани дворови и без вистинска доминација на интегралниот тип. Ова упатува на трансформација на традиционалната повеќеобјектна и густо изградена матрица во поедноставена, претежно резиденцијална и морфолошки компресирана структура.

Во таа смисла, Горњане треба да се чита како село во кое стопанскиот двор сè уште постои како просторна категорија, но веќе не како стабилна производна организација. Неговата внатрешна логика се ослабува преку исчезнување на економските објекти, нецелосно зонирање, намалување на дворните празнини и префрлање на дел од продуктивните функции надвор од непосредната парцела. На локално ниво, ова не произведува целосен распад на селската форма, туку создава специфичен профил на компактна морфолошка основа со силно редуциран дворен систем. Токму затоа Горњане е особено вредно за компаративната рамка на трудот, бидејќи покажува како еден збиен рурален морфолошки систем може да ја зачува својата основна матрица, а истовремено да изгуби голем дел од внатрешната стопанска комплексност што историски ја одржувала.

Тип Б – Дисперзиран стопански двор без градинарска зона




Слика 50: Стопански двор бр. 1 во Горњане
Извор: Авторски цртеж

Тип В – Компактен стопански двор без градинарска зона




Слика 51: Стопански двор бр. 2 во Горњане
Извор: Авторски цртеж




Слика 52: Стопански двор бр. 3 во Горњане
Извор: Авторски цртеж

## Тип Г – Фрагментиран стопански двор со градинарска зона




Слика 53: Стопански двор бр. 5 во Горњане
Извор: Авторски цртеж

Тип Д – Фрагментиран стопански двор




Слика 54: Стопански двор бр. 4 во Горњане
Извор: Авторски цртеж

### 3.6. Бродец

Трето село што ќе биде студија на случај е селото Бродец. Ова село се наоѓа во североисточниот дел на Скопската Котлина, чиј атар се издига на сртот на планината Скопска Црна Гора и се допира со просторот на Општина Липково. Ѝ припаѓа на Општина Чучер-Сандево.




Слика 55: Сателитска снимка од село Бродец
Извор: Google Earth Pro

Во регионалната структура на Скопска Црна Гора, Бродец се издвојува како мало планинско село со околу 11 жители, со сточарско-шумарска функција и со разбиен тип просторна организација. Токму оваа комбинација (мала демографска маса, планински услови и разбиена морфолошка структура) му дава посебна аналитичка вредност на селото, затоа што овозможува стопанскиот двор да се чита во услови каде што не доминира збиено ткиво, туку просторна дисперзија и висока зависност од топографијата и пристапноста.




Слика 56: Катастарска подлога на село Бродец со анализираните стопански дворови
Извор: Агенција за катастар (авторска обработка)

### 3.6.1. Историја и развој на селото

На почетокот на XXI век селото Бродец го достигнало своето најниско ниво на населеност со само 3 жители. Но наместо целосно да исчезне, денес почнува полека да закрепнува и постепено да го зголемува бројот на населението. Според последниот Попис од 2021 година, во селото се пријавени 11 жители. Како и претходните две села, и ова село се карактеризира со богата историја.

Селото Бродец го добило своето име поради тоа што е сместено „во брод", односно се наоѓа на местото каде што од Скопската Котлина на југ преку планината Скопска Црна Гора може да премине во Биначка Морава на север. Во историските извори, селото Бродец за првпат се сретнува во 1348 година. Тогаш како помало село на поголемото село Кучевиште, царот Душан го придодал кон манастирот „Св. Архангели" во близината на Призрен. Поради тоа, и денес за Бродец се сретнува називот „Горно кучевишко маало". До крајот на Првата светска војна, селото Бродец било релативно просперитетно село. Жителите брзо се намножиле и економски зајакнале. Најголемиот дел од луѓето се занимавале со сточарство и шумарство. Во местата Вирови и Корито летно време имало околу 20 бачила. Тогаш биле обработувани и голем број планински ниви. Во 1920 година во Бродец имало најмногу куќи – 32. Во секое домаќинство имало по повеќе членови. Во 1937 година било изградено модерно основно училиште за 37 ученици. Во Бродец се наоѓа црквата „Св. Илија", која е изградена во 1897 година. Црквата е пространа, што сведочи за големиот број жители во минатото. Некаде околу 70-тите години на XX век, селото Бродец почнало полека да изумира поради забраната за одгледување кози и продажба на дрва во Скопје, како и големиот притисок врз земјиштето од поголемите околни села Побожје и Љубанци (Трифуноски, 1971).

Оваа историја на силен подем, па длабока редукција и потоа слабо и селективно заздравување, е суштинска за разбирање на стопанските дворови. Тие не се само остаток од некогашен аграрен систем, туку директна просторна трага на промена во начинот на живот, економијата и организацијата на домаќинствата.

### 3.6.2. Морфолошка структура на селото

По својата големината и важност, Бродец спротивно на Кучевиште, имало улога на најспоредно село на Скопска Црна Гора. Тоа е типично планинско село на надморска висина од околу 900 m. Во него постојат големи можности за развој на сточарство и шумарство, но многу се неповолни условите за земјоделство и развој на патната мрежа. Нивите околу селото во целина се со слаба родност. Жителите на селото се снабдуваат со вода од изворите. Северно од селото, на изразито планинскиот дел од атарот се наоѓаат изворите Вирови и Корито. Бродец во минато имал поголем атар, кој низ времето е припоен кон поголемите околни села Побожје и Љубанци. Во целина, селото не е од збиен тип како другите села. Селските делови ги носат имињата по родовите. Вкупно во селото има 15 домаќинства (Трифуноски, 1971).

Клучната морфолошка карактеристика на Бродец е тоа што не е од збиен тип, туку има разбиена, односно дисперзирана структура. Селските делови ги носат имињата според родовите, а во морфолошка смисла селото функционира како поле на повеќе растурени групирања распоредени по падините, по долинските линии и покрај патните пристапи. Во таква структура, просторот меѓу групирањата не е празен во класична смисла, туку е исполнет со градини, тревни површини, патеки, мали обработливи парцели и природни падини. Затоа дворната матрица во Бродец не може да се чита како

систем на последователни улични фронтови и компактни блокови, туку како мрежа на автономни микроструктури чија поврзаност е условена од теренот, пристапите и локалната економска логика.

### 3.6.3. Анализа на селото според факторите на одржливост

Резултатите од анализата на селото Бродец се систематизирани според петте фактори на одржливост на ниво на село, кои се редоследно подредени и прикажани:

#### (1) Население

Во табелата за селото Бродец, исто како и кај селото Горњане, јасно се забележливи демографските промени во селото од 1948 до 2002 година, кои се карактеризираат со постојан и уште посериозен пад на населението во втората половина на XX век поради тешките услови за живот и зачестената миграција на жителите од село во град (Државен завод за статистика, 1948–2002).

Според последниот попис од 2021 година, во селото Бродец за првпат се забележува зголемување на бројот на жители (Државен завод за статистика, 2021).

Табела 15: *Преглед на населението по пописни години во селото Бродец*

| Население по пописни години | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1991 | 1994 | 2002 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бродец | 191 | 170 | 129 | 44 | 28 | 14 | 6 | 3 | 11 |

Според бројот на население, селото Бродец спаѓа во групата мали села. Од село со 191 жител во 1948 година, селото доживеало постојана депопулација опаѓајќи на само 3 жители во 2002 година. Тешките услови за живот во селото се најголемата причина за малиот број жители, бидејќи младите во потрага по подобри услови најчесто се решаваат да ги напуштат селата и да се преселат во урбаните средини. Иако скромно, малото зголемување на населението во Бродец на 11 жители може да биде показател за обновен интерес за руралниот живот и ревитализација на селото. Со постепено инвестирање во руралниот развој, би се создале предуслови младите да се вратат во своите домови и самите да придонесат за искористување на потенцијалите што ги нуди селото.

## (2) Селски атар

Селото е планинско, на надморска височина од 870 m. Од градот Скопје е оддалечено 24 km. Атарот зафаќа простор од 9,2 km². На него шумите заземаат површина од 480,3 ha, на пасишта отпаѓаат 371,8 ha, а на обработливо земјиште 51,7 ha (Панов, 1998).

Табела 16: *Процентуална искористеност на површината на селскиот атар во селото Бродец*

| Селски атар | Бродец |
|---|---|
| Површина | 903,8 ha |
| Шуми | 480,3 ha (53 %) |
| Пасишта | 371,8 ha (41 %) |
| Обработливо земјиште | 51,7 ha (6 %) |

Селскиот атар е исклучително богат со шуми и пасишта, што само го потврдува фактот дека селото во минатото имало сточарско-шумарска функција. Спротивно на тоа, обработливото земјиште опфаќа само 6 % од површината на селскиот атар, што укажува на ограничената земјоделска продуктивност. Со денешниот начин на живот, шумите и пасиштата можат да претставуваат важен ресурс за развој на руралниот туризам.

## (3) Услови за живот

Условите за живот во селото Бродец во моментов се многу ограничени и се одраз на проблемите поврзани со процесите на депопулација. Во селото има недостиг на објекти од социјална, културна и здравствена природа. Поради неговата оддалеченост и екстремно малиот број жители, селото нема училиште, здравствен дом и пошта, а нема ниту продавница со основни продукти, што значително влијае врз квалитетот на живот. Жителите се принудени да патуваат до другите села за најосновните потреби и услуги. Не постои ниту еден јавен објект којшто функционира како некаква месна заедница во која би се собирале жителите. Низ историјата во селото постоела поголема социјална динамика, но денес, за жал, сето тоа недостасува. Селото е опкружено со исклучителна природна убавина и нуди можности за планинарење и рекреација во природа. Во летните месеци во селото има посетители и планинари од градот Скопје и околните села, коишто доаѓаат да ги истражат и да уживаат во прекрасните шуми. Во последните години се прават одредени напори на поранешните жители на селото за ревитализација на селото преку организирање собири околу големите верски празници, кои најчесто се случуваат на отворените простори во близина на старото училиште или во дворот на црквата.

Табела 17: *Програмски содржини во селото Бродец*

| Програмски содржини | Бродец |
|---|---|
| Училиште | нема / проблематично |
| Здравствен дом | нема / проблематично |
| Пошта | нема / проблематично |
| Продавница | нема / проблематично |
| Месна заедница | нема / проблематично |
| Ресторан | развиено / задоволително |
| Црква | развиено / задоволително |
| Парк | постои / незадоволително |

Сепак, овие напори остануваат архитектонски и инфраструктурно неподдржани, што ја истакнува итната потреба од пострагегиска рамка за просторни интервенции. Одржливата реинтеграција на селото Бродец во поширокиот регионален контекст ќе бара насочени инвестиции и адаптивни стратегии за повторна употреба и редефинирање на неговите архитектонски знаменитости како дел од една долгорочна визија за рурален просперитет.

Табела 18: *Архитектонско и културно наследство во селото Бродец (авторски фотографии)*

| Архитектонско и културно наследство | Бродец |
|---|---|
| Традиционална куќа |  |
| Црква |  |
| Старо училиште |  |

### (4) Инфраструктура

За основните инфраструктурни системи во селото Бродец може да се каже дека тие се на најминимално ниво или, пак, во целост ги нема. Електрична енергија има во сите куќи, но електричната мрежа треба да се подобри. Не постои систем за водоснабдување, па поради тоа водата се обезбедува преку бунари или природни извори. Во селото нема канализациски систем, па затоа отстранувањето на отпадните води најчесто се врши преку импровизирани септички јами или со директно исфрлање во земја што претставува хигиенски и здравствен ризик, а го загрозува квалитетот на животната средина. Управувањето со отпадот е организирано и општинските служби навремено си ја извршуваат својата работа. Телекомуникациските системи се достапни, но понекогаш сигналот е слаб или неконзистентен поради планинскиот терен. Патната мрежа е во многу лоша состојба. Единствено главната улица низ селото е асфалтирана, а сите други улици во селото се во лоша состојба. Јавниот превоз не го опслужува селото, па поради тоа жителите и посетителите се принудени да користат сопствен превоз.

Табела 19: *Инфраструктурни системи во селото Бродец*

| Инфраструктурни системи | Бродец |
|---|---|
| Ел. енергија | постои / незадоволително |
| Вода за пиење | постои / незадоволително |
| Канализација | нема / проблематично |
| Комунален отпад | развиено / задоволително |
| Телевизија | постои / незадоволително |
| Интернет | постои / незадоволително |
| Телефон | постои / незадоволително |
| Патна мрежа | постои / незадоволително |

Исто како и за селото Горјане, така и за селото Бродец важи констатацијата дека е неопходно подобрување на инфраструктурните системи, за да може потоа да се размислува за ревитализација на селото и негов рурален развој.

### (5) Постојна состојба на домаќинствата и објектите во стопанските дворови

Направени се пет аналитички карти за стопанските дворови во селото Бродец. Аналитичките карти даваат информации за површината и формата на парцелата, изградената површина, функционалното зонирање (станбен, економски и градинарски дел), бројот и квалитетот на објектите, како и за бројот на членови и типот на домаќинството.

| БРОДЕЦ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.1 | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА<br>(ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 1982 m²<br>(ГОЛЕМ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА<br>(БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | НЕПРАВИЛНА<br>(3) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА<br>(ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 352 m²<br>(18%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ<br>(СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | ДА<br>(1+1+1) |
| БРОЈ НА<br>ОБЈЕКТИ | 5 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО<br>ДОМАЌИНСТВО | 2 |
| КВАЛИТЕТ НА<br>ОБЈЕКТИ | НОВА ГРАДБА | ТИП НА<br>ДОМАЌИНСТВО | МЕШАНО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH




ЛЕГЕНДА:

1. НОВА КУЌА
2. МАГАЦИН
3. ШУПА
4. НАСТРЕШНИЦА
5. ЛЕТНИКОВЕЦ





Слика 57: Аналитичка карта за стопански двор бр. 1 во Бродец
Извор: Авторски цртежи и фотографии

| БРОДЕЦ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.2 | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА<br>(ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 2853 m²<br>(ГОЛЕМ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА<br>(БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | НЕПРАВИЛНА<br>(3) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА<br>(ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 345 m²<br>(12%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ<br>(СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | ДА<br>(1+1+1) |
| БРОЈ НА<br>ОБЈЕКТИ | 7 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО<br>ДОМАЌИНСТВО | 3 |
| КВАЛИТЕТ НА<br>ОБЈЕКТИ | НОВА ГРАДБА | ТИП НА<br>ДОМАЌИНСТВО | СТОПАНСКО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH




ЛЕГЕНДА:
1. НОВА КУЌА
2. МАГАЦИН
3. ШУПА
4. НАСТРЕШНИЦА
5. ШАНК-БАР
6. СТАЈСКИ ОБЈЕКТ
7. ПЛЕВНА





Слика 58: Аналитичка карта за стопански двор бр. 2 во Бродец
Извор: Авторски цртежи и фотографии

| БРОДЕЦ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.3 | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 1131 $m^2$ (ГОЛЕМ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА (БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | НЕПРАВИЛНА (2) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 72 $m^2$ (6%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ (СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | НЕ (1+0+0) |
| БРОЈ НА ОБЈЕКТИ | 1 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО ДОМАЌИНСТВО | 2 |
| КВАЛИТЕТ НА ОБЈЕКТИ | НОВА ГРАДБА | ТИП НА ДОМАЌИНСТВО | НЕСТОПАНСКО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH



ЛЕГЕНДА:

1. НОВА КУЌА



Слика 59: Аналитичка карта за стопански двор бр. 3 во Бродец
Извор: Авторски цртежи и фотографии

| БРОДЕЦ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.4 | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 1827 m² (ГОЛЕМ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА (БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | НЕПРАВИЛНА (1) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 87 m² (5%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ (СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | НЕ (1+0+1) |
| БРОЈ НА ОБЈЕКТИ | 1 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО ДОМАЌИНСТВО | 1 |
| КВАЛИТЕТ НА ОБЈЕКТИ | ТРАДИЦИОНАЛНА ГРАДБА | ТИП НА ДОМАЌИНСТВО | СТОПАНСКО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH



ЛЕГЕНДА:
1. СТАРА КУЌА
2. РУШЕВИНА



Слика 60: Аналитичка карта за стопански двор бр. 4 во Бродец
Извор: Авторски цртежи и фотографии

| **БРОДЕЦ - СТОПАНСКИ ДВОР БР.5** | | | |
|---|---|---|---|
| ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА<br>(ВИД НА СТОПАНСКИ ДВОР) | 580 m²<br>(МАЛ И.С.Д.) | ФОРМА НА ПАРЦЕЛА<br>(БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ) | НЕПРАВИЛНА<br>(1) |
| ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА<br>(ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ) | 60 m²<br>(10%) | ФУНКЦИОНАЛНО ЗОНИРАЊЕ<br>(СТАНБ./ЕКОНОМ./ГРАДИНАР.) | НЕ<br>(1+0+0) |
| БРОЈ НА<br>ОБЈЕКТИ | 1 | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО<br>ДОМАЌИНСТВО | 1 |
| КВАЛИТЕТ НА<br>ОБЈЕКТИ | НОВА ГРАДБА | ТИП НА<br>ДОМАЌИНСТВО | НЕСТОПАНСКО |

КАТАСТАРСКА ПОДЛОГА - OSSP




САТЕЛИТСКА СНИМКА - GOOGLE EARTH



ЛЕГЕНДА:

1. НОВА КУЌА



Слика 61: Аналитичка карта за стопански двор бр. 5 во Бродец
Извор: Авторски цртежи и фотографии

Кај стопанските дворови во селото Бродец може да се издвојат неколку различни начини на формирање и конфигурирање на парцелите и функционалното зонирање во нив. Поголемите стопански дворови којшто се од поново време, се составени од неколку парцели и кај нив постои видливо функционално зонирање и поголем број објекти. Спротивно на тоа, помалите стопански дворови коишто се дел од наследената мофрологија во селото, се состојат од една парцела и најчесто имаат и само еден објект за домување со минимална изградена површина.

Од урбанистичка гледна точка, процентот на изграденост кај анализираните стопански дворови се движи од 5 до 18 %, што укажува на развоен модел со мала густина, којашто е во согласност со традиционалните стопански дворови. Денес стопанските дворови во кои домаќинствата остануваат да се занимаваат со земјоделско-стопанска дејност имаат тенденција да зафаќаат поголема површина со спојување на неколку парцели. Поголемите површини се формираат со спојување на две или три соседни парцели и со тоа се овозможува просторно поефикасна функционална организација на станбениот, економскиот и градинарскиот дел. Таквиот процес на спојување на парцелите претставува одговор на современите потреби на домаќинствата во рамките на просторната морфологија на селото. Дополнително со изградбата на нови објекти, кај овие стопански дворови се забележува дека постои одредена чувствителност и кон традиционалниот начин на живот во селото.

Доминантна просторна карактеристика на традиционалните стопански дворови во селото Бродец е присуството на една мултифункционална куќа со приземје и кат, која е изградена на една парцела. Таквата мултифункционална куќа претставувала интегрирана целина во која биле сместени луѓето и добитокот коишто тие го чувале. Приземјето служело како стајски дел во кој бил сместен добитокот, додека катот бил резервиран за домување. Во текот на зимските месеци телесната температура од добитокот во приземјето придонесувала за загревање на просторот за домување на катот. Денес, најголемиот број од старите куќи се обновени или на нивно место се изградени нови, па во нив приземјето повеќе не се користи за чување добиток и најчесто е пренаменет во простор за складирање земјоделски производи и дрва или за домување. Со тоа куќите се претворени и функционираат како целосно станбени објекти што се приспособени кон современите услови за живот.

Карактеристично за домаќинствата е тоа што во поголемите стопански дворови тие се занимаат со земјоделство, а во помалите најчесто се неземјоделски. Тоа укажува дека големината на стопанските дворови и нивната просторна организација во голема мера ја детерминираат и економската активност на домаќинствата во селото.

Табела 20: *Презентација на постојната состојба на анализираните стопански дворови во селото Бродец*

| Стопански дворови (реден број) | Бродец | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Површина на парцела (вид стопански двор) | 1982 m² (голем и.с.д.) | 2853 m² (голем и.с.д.) | 1131 m² (голем и.с.д.) | 1827 m² (голем и.с.д.) | 580 m² (мал и.с.д.) |
| Форма на парцела (број на парцели) | неправилна (3) | неправилна (3) | неправилна (2) | неправилна (1) | неправилна (1) |
| Изградена површина (процент) | 352 m² (18 %) | 345 m² (12 %) | 72 m² (6 %) | 87 m² (5 %) | 60 m² (10 %) |
| Функционално зонирање (станб./екон./град.) | да (1 + 1 + 1) | да (1 + 1 + 1) | не (1 + 0 + 0) | не (1 + 0 + 1) | не (1 + 0 + 0) |
| Број на објекти | 5 | 7 | 1 | 1 | 1 |
| Квалитет на објекти | нова градба | нова градба | нова градба | традиционална градба | нова градба |
| Број на членови во домаќинство | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 |
| Тип домаќинство | мешано | стопанско | нестопанско | стопанско | нестопанско |

Генерално, анализата на стопанските дворови во селото Бродец открива нивно постепено приспособување кон современите услови за живот, при што се издвојуваат два начина на трансформација. Првиот начин се карактеризира со спојување на две или на повеќе парцели во една единствена целина, која овозможува поефикасна организација на економските активности во флексибилни функционални зони. Вториот начин на трансформација се одликува со задржување на постојните парцели и објектите во нив, но се менува намената на самите објекти во парцелите од објекти за домување во сместувачки капацитети. Двете трансформации сугерираат просторно редефинирање на стопанските дворови преку окрупнување и формирање земјоделски комплекси, односно функционална пренамена како одговор на новите економски можности и демографски промени.

### 3.6.4. Типологија на стопанските дворови

Во Бродец се јавува јасна морфолошка поларизација меѓу интегрални и повеќеобјектни комплекси и редуцирани еднообјектни стопански дворови. Идентификувани се два доминантни типа стопански дворови што веќе беа препознаени во Кучевиште и во Горњане:

- Тип А – интегрален стопански двор
- Тип Г – фрагментиран стопански двор со градинарска зона
- Тип Д – фрагментиран стопански двор

Тип А (интегрален стопански двор) – се одликува со окрупнување на неколку помали парцели во еден единствен стопански двор со поголем број објекти и целосно функционално зонирање. Просторната структура е стабилна, јасно артикулирана и со висок степен на морфолошка читливост. Во Бродец овој тип ги опфаќа стопанските дворови: 1 и 2. Во ваквите примероци се задржува логиката на традиционалниот повеќеобјектен стопански двор, што значи дека и покрај општата дифузност на селото, постојат поединечни јадра во кои дворната организација сè уште функционира како комплетна производна и просторна микроструктура.

Тип Г (фрагментиран стопански двор со градинарска зона) – се карактеризира со единствен станбен објект и без развиена економска структура. Во рамките на парцелата постои значителна градинарска зона. Овој тип ги вклучува стопанските дворови: 4 и 5. Овој тип покажува дека дел од дворовите во Бродец го губат повеќеобјектниот стопански капацитет, но сепак задржуваат одредена отворена и продуктивна димензија преку градинарскиот дел.

Тип Д (фрагментиран стопански двор) – е морфолошки редуциран модел, со единствен станбен објект и без развиена економска и градинарска зона. Иако парцелата може да биде со значителна површина, дворната организација не воспоставува повеќеобјектна матрица. Од овој тип е стопанскиот двор: 3. Ова е важен индикатор, затоа што покажува дека во дифузна планинска матрица редукцијата не мора секогаш да се појави како згуснување. Таа може да се манифестира и како просторно широка, но структурно испразнета парцела.

Бродец покажува изразено структурно раслојување. Интегралните повеќеобјектни комплекси коегзистираат со целосно фрагментирани резиденцијални типови со или без градинарска зона, што укажува на различни степени на зачувување или трансформација на традиционалниот стопански двор.

Локалната типолошка синтеза за Бродец покажува дека селото има изразено поларизиран морфолошки профил. За разлика од Кучевиште каде што коегзистираат повеќе посредни и паралелни дворни логики, како и за разлика од Горњане каде што доминира редукциската компресија, во Бродец истовремено опстојуваат окрупнети и целосно зонирани интегрални дворови и фрагментирани резиденцијални типови со или без градинарска зона. Тоа значи дека селото не произведува средна или постепена типолошка скала, туку поостар јаз меѓу зачуваните силни дворни единици и структурно редуцираните стопански дворови.

Во таа смисла, Бродец треба да се чита како дифузна селска матрица со внатрешно нееднаква морфолошка стабилност. Дифузноста овде не значи хаотична распрснатост, туку поле на различни интензитети, односно одделни групирања и дворови сѐ уште задржуваат висока организација и читливост, додека други минуваат низ радикална редукција. Токму затоа локалната синтеза на Бродец е многу важна за компаративната рамка на трудот. Таа покажува дека во планинско и разбиено село, стопанскиот двор може истовремено да дејствува и како носител на традиционален интегритет, но и како место на целосна трансформација кон поедноставена резиденцијална структура.

Тип А – Интегрален стопански двор




Слика 62: Стопански дворови бр. 1 и бр. 2 во Бродец
Извор: Авторски цртеж

Тип Г – Фрагментиран стопански двор со градинарска зона




Слика 63: Стопански дворови бр. 4 и бр. 5 во Бродец
Извор: Авторски цртеж

Тип Д – фрагментиран стопански двор




Слика 64: Стопански двор бр. 3 во Бродец
Извор: Авторски цртеж

## 3.7. Компаративна типолошка синтеза на стопанските дворови и модели на трансформација

Компаративната типолошка синтеза има задача врз основа на дваесетте репрезентативни стопански дворови од Кучевиште, Горњане и Бродец, да покаже:

- кои просторни правила се повторуваат;
- кои варијации се локално условени и
- како поединечните типови се поврзуваат во поширока регионална типологија.

Во оваа секција споредбата не се темели врз површна формална сличност, туку врз истиот аналитички апарат што беше применет во сите три студии на случај: парцелација, повеќеобјектност, степен на функционално зонирање, однос меѓу станбениот, економскиот и градинарскиот дел, како и начинот на врзување на дворот со уличниот фронт. Токму поради тоа, компаративната слика е синтеза на три различни, но споредливи морфолошки ситуации, а не просек на три села.

Од трите локални анализи произлегува регионален репертоар од пет типа стопански дворови:

- Тип А – интегрален стопански двор;
- Тип Б – дисперзиран стопански двор без градинарска зона;
- Тип В – компактен стопански двор без градинарска зона;
- Тип Г – фрагментиран стопански двор со градинарска зона;
- Тип Д – фрагментиран стопански двор.

Тие заедно формираат поле на типолошки релации во кое може да се читаат два главни аспекта на дворната организација: степенот на интегритет на повеќеобјектниот систем и карактерот на преостанатиот отворен простор. Во тој поглед, тип А ја претставува најконсолидираната варијанта со целосно функционално зонирање; типовите Б и В ја означуваат зоната на делумна редукција, при што се губи градинарскиот дел, но не и целосно економската структура; а типовите Г и Д ја означуваат зоната на фрагментација, со тоа што кај тип Г опстојува градинарска зона, додека кај тип Д дворот се сведува на минимална резиденцијална организација.

Во Кучевиште се појавува најголема типолошка амплитуда во целиот корпус. Во него коегзистираат интегрални стопански дворови со целосно зонирање (тип А), дисперзирани стопански дворови без градинарска зона (тип Б) и компактни стопански дворови без градинарска зона (тип В). Важен е токму составот на овој репертоар каде што селото истовремено ги задржува најчитливите повеќеобјектни и целосно артикулирани дворови, но развива и варијанти на компресија и делумна редукција. Отсуството на фрагментираните типови Г и Д покажува дека во Кучевиште дворната матрица, дури и кога се трансформира, таа најчесто сè уште опстојува во релативно стабилна организациска рамка. Компаративно гледано, Кучевиште се појавува како село на типолошка полифонија, а не како село на крајна редукција.

Во Горњане, напротив, се појавува најјасно редукциско типолошко јадро. Во него не доминира интегралниот тип, а локалниот репертоар го сочинуваат (тип Б), (тип В), (тип Г) и (тип Д), со јасна преовладувачка улога на компактните и фрагментираните варијанти. Ова е значаен компаративен наод затоа што покажува дека дворната трансформација тука не произведува типолошка широчина во смисла на коегзистенција на силни интегрални и компримирани форми, туку постепено оттурнување кон поедноставени и структурно редуцирани модели. Во Горњане повеќеобјектната

традиција не исчезнува целосно, но ја губи својата доминантна позиција, односно отворениот простор е компримиран, зонирањето е нецелосно, а фрагментираниот резиденцијален двор станува важен локален репер.

Бродец покажува поларизирана типолошка логика. Во него се јавуваат интегрални стопански дворови (тип А), фрагментирани стопански дворови со градинарска зона (тип Г) и фрагментирани стопански дворови без градинарска и економска зона (тип Д), додека посредните типови Б и В изостануваат. Токму отсуството на овие меѓни форми е еден од најважните компаративни показатели. Во Бродец дворниот систем не се трансформира првенствено преку компресија и постепено згуснување. Главната трансформација е преку раздвојување на две морфолошки крајности, од една страна, силно артикулирани и окрупнети интегрални комплекси, а од друга страна, изразито редуцирани резиденцијални дворови. Затоа Бродец не треба да се чита како средна варијанта меѓу Кучевиште и Горњане, туку како село со јасна структурна поларизација.

Компаративно земено, ниту еден тип не доминира универзално во сите три села. Типовите се распределуваат во преклопувачки, но не и идентични групи: тип А се јавува во Кучевиште и Бродец; типовите Б и В во Кучевиште и Горњане; типовите Г и Д во Горњане и Бродец. Оваа дистрибуција е аналитички значајна бидејќи покажува дека регионалната типологија на стопански дворови не може да се сведе на еден нормативен образец. Таа се гради кумулативно, преку суперпозиција на локални репертоари каде што секое село зафаќа различна позиција во полето меѓу интегралност, компресија и фрагментација. Во таа смисла, типологијата претставува компаративна матрица на просторни состојби, а не е каталог на форми.

Во рамките на оваа глава можат да се издвојат три јасни компаративни типолошки профили и модели на трансформација:

1. Кучевиште – како полифонична и слоевита матрица со широка внатрешна варијабилност;
2. Горњане – како редукциско-компресивна матрица во која доминираат компактни и фрагментирани форми;
3. Бродец – како поларизирана матрица во која коегзистираат интегрални и силно редуцирани стопански дворови.

Со ова емпириски се стабилизира регионалната типологија на стопанските дворови во Скопска Црна Гора. Следниот аналитички чекор повеќе не е типолошко опишување, туку објаснување на тоа како ваквите типови и нивните трансформации влијаат врз континуитетот на ткивото, јадрата и модусите на просторна еволуција на селото.

# 4. ВЛИЈАНИЈАТА НА СТОПАНСКИТЕ ДВОРОВИ ВРЗ ПРОСТОРНИТЕ ПРОМЕНИ ВО СЕЛАТА

По изведената типологија на стопанските дворови и по компаративната синтеза на трите студии на случај, следниот аналитички чекор е објаснување на начинот на кој тие форми дејствуваат врз селската матрица. Со други зборови, ако во претходната глава централно прашање беше кои типови стопански дворови постојат и како тие се распределуваат во Кучевиште, Горњане и Бродец, во оваа глава клучно прашање станува како нивните трансформации произведуваат просторни исходи. На тој начин, тежиштето се поместува од морфолошко-типолошка дијагноза кон морфогенетска интерпретација, односно од опис на конфигурациите на стопанските дворови кон објаснување на механизмите преку кои тие конфигурации влијаат врз густината, континуитетот, јадрата и модусите на просторна еволуција на селото.

## 4.1. Стопанскиот двор како клучен морфогенетски елемент на селската матрица

Во таква поставеност, стопанскиот двор не се третира како периферен остаток од традиционалното стопанство, ниту како спореден прилог на селската куќа. Стопанскиот двор тука претставува основна просторна и функционална единица преку која руралното живеење добива материјална организација. Неговата важност произлегува од тоа што го поврзува микронивото на парцелата, куќата, стопанските објекти и дворните движења со макронивото на селската матрица, јадрата и уличната мрежа. Токму затоа, стопанскиот двор треба да се чита како морфогенетски елемент, кој е производ на веќе постојната просторна структура, но претставува и елемент, кој преку сопствената трансформација, учествува во нејзиното натамошно генерирање и менување.

Од ова следува дека стопанскиот двор е истовремено и архитектонски и урбанистички проблем. Архитектонски е затоа што во себе ја концентрира организацијата на изградените објекти, секојдневните системи на домување и работа, материјалната артикулација на границите и внатрешното функционално зонирање. Урбанистички е затоа што преку начинот на кој се поставува кон улицата, соседните парцели и поширокото ткиво, директно влијае врз формирањето на селските фронтови, врз односот меѓу приватното и колективното и врз читливоста на блоковите, патеките и уличната мрежа. Па според тоа, стопанскиот двор престанува да е само композиција на куќа и помошни објекти и станува посредничка морфолошка алка што ја врзува внатрешната логика на домаќинството со пошироката логика на селото.

Просторните промени во селата на Скопска Црна Гора не треба да се разгледуваат само како ширење во општа урбанистичка смисла, туку како реорганизација на дворната матрица. Под ова овде се подразбира најнеопходниот минимум од систем на повторливи правила преку кои стопанскиот двор се организира како просторна структура (граници, пристапи, патеки, внатрешно функционално зонирање, распоред на објекти и однос двор – улица). Кога овие правила се адаптираат без да се распуштат, трансформацијата има тенденција да води кон консолидирање на ткивото. Но кога тие правила се нарушуваат преку парцеларна фрагментација, дисперзни пристапи, бришење на фронтот или губење на функционалната артикулација, исходот најчесто е фрагментација, периферизација и слабеење на јадрата. Објаснувачката сила на стопанскиот двор е во неговата способност преку себе да ја направи видлива логиката на просторната промена.

За да се избегне дескриптивен пристап, ова истражување јасно разликува процес од механизам. Процесот е набљудлив тек на промена во време, а механизмот е објаснувачка врска преку која индикаторите на стопанскиот двор се преведуваат во морфолошки исходи на ниво на село.

Па така, секое суштинско тврдење во ова поглавје ќе се темели врз стандардна морфогенетска секвенца:

**индикатор → механизам → морфолошки исход**

Тоа значи дека промената на односот изградено–неизградено, редукцијата или пренамената на стопанските објекти, модификацијата на пристапите и трансформацијата на односот двор – улица нема да се третираат само како поединечни факти, туку како показатели преку кои се чита како селската матрица згуснува, се распрснува, ги слабее микројадрата или ги стабилизира.

## 4.2. Дворната матрица како објаснувачка рамка и аналитички јазик

За да може да се објасни влијанието на стопанскиот двор врз селската матрица, потребно е да се воспостави јасен аналитички јазик. Во ова истражување тој јазик е поимот дворна матрица. Под овој поим се подразбира систем на повторливи просторни правила преку кои стопанскиот двор ја организира парцелата и посредува кон пошироката морфологија на селото. Во таа смисла, дворната матрица ја сочинуваат релациите меѓу границите, пристапите, внатрешните патеки, функционалното зонирање и односите меѓу куќата, стопанските објекти и отворените работни површини. Токму преку тие правила стопанскиот двор станува читлив како организациска структура, а не како случајна акумулација на објекти.

Во овој контекст е важно да се направи разлика меѓу типот и матрицата. Типот упатува на препознатлива просторна конфигурација, односно на состојба што може да се класифицира како интегрална, дисперзирана, компактна или фрагментирана. А матрицата не се однесува само на тоа како стопанскиот двор изгледа, туку на тоа според кои правила е организиран и како тие правила опстојуваат, се редуцираат или се преформулираат. Оттука, типологијата во ова истражување претставува основа за подлабоко читање на релациската логика на дворот. Со други зборови, типот ја именува конфигурацијата, а матрицата ја објаснува нејзината внатрешна логика.

Таквата поставеност овозможува стопанскиот двор да се чита на два меѓусебно поврзани нивоа:

1. Микрониво – дворот се појавува како структуриран простор на секојдневни рутини, во кој се артикулираат станбениот, економскиот и градинарскиот дел, како и внатрешните движења и контактите со соседството;
2. Макрониво – истиот тој двор престанува да биде само приватна парцела и станува морфолошка алка меѓу руралниот пејзаж, моделот на населување и селската матрица.

На овој начин, промените во стопанскиот двор не се само изолирани интервенции на ниво на објект, туку се и јасни показатели за подлабоки промени во внатрешната просторна логика на селото.

Особено важен е фактот што дворната матрица ја прави видлива границата меѓу приватното и колективното. Односот двор – улица не е само место на пристап. Тоа е простор каде што стануваат читливи фронтот, ритамот на влезовите, степенот на отвореност или затвореност и начините на вклучување на домаќинството во поширокото селско ткиво. Токму тука се гледа дали стопанскиот двор ја задржува својата улога на посредник или почнува да се распушта како организациска целина. Кога овој праг останува јасен и структурно читлив, селската матрица има тенденција кон консолидирање, а кога тој се брише или се распаѓа, слабее и континуитетот на ткивото. Затоа за дворната матрица може да се каже дека претставува аналитички инструмент преку кој може да се чита јадреноста, релациската логика и стабилноста на селската форма.

Вредноста на оваа рамка е и во тоа што не го третира руралниот простор како хомоген појас. Напротив, селата се разбираат како регионално и морфолошки диференцирани системи, во кои слични форми можат да имаат различни значења, зависно од топографијата, земјишната организација, историските слоеви, сопственичките режими и начинот на живеење. Поради тоа, предложената рамка не треба да се сфати како универзален рецепт, туку како аналитички јазик што бара калибрација таму каде што дворната организација не е историски централна или каде што продуктивната логика е радикално променета. Нејзината сила е во способноста од разнородни рурални ситуации да извлече споредливи просторни правила.

Поради ова, произлегува и потребата читањето на дворната матрица да се поврзе со двојниот клуч:

- типот на руралната средина (компактна, полицентрична или дифузна), како морфолошка состојба на селската матрица;
- типот на ширењето (компактно, полицентрично или дифузно), како модус на современа трансформација.

Ова разграничување е суштинско, бидејќи ја елиминира честата заблуда дека она што селото претставува, автоматски значи и како расте. Само со вакво двојно читање дворната матрица станува доволно прецизен јазик за споредување на Кучевиште, Горњане и Бродец, без да ги сведува на една иста развојна шема.

Дворната матрица во ова поглавје функционира како објаснувачка рамка и како аналитички јазик. Таа ги преведува видливите просторни својства во читлив систем на релации, а тој систем понатаму овозможува промените да се следат дисциплинирано и споредливо. Затоа следниот чекор на анализата повеќе не е дополнително поимовно дефинирање, туку јасно издвојување на трансформациските механизми преку кои индикаторите на стопанскиот двор се преведуваат во морфолошки исходи на ниво на село.

## 4.3. Трансформациски механизми и морфогенетска секвенца

По дефинирањето на дворната матрица како објаснувачка рамка и аналитички јазик, следниот чекор е да се покаже на кој начин промените во структурата на стопанскиот двор се преведуваат во пошироки просторни промени на ниво на селска матрица. Во оваа секција, типологијата на стопанските дворови не се третира како крајна класификациска цел, туку како аналитичка основа врз која може да се препознаат повторливи трансформациски механизми. Оттука, стопанскиот двор не се чита само како архитектонска композиција, туку како посредничка морфолошка алка меѓу микронивото

на парцелата (куќата, стопанските објекти и внатрешните патеки) и макронивото на селската матрица (јадрата и модусите на раст).

За да се избегне премин од опис кон заклучок без експлицитен механизам, анализата во ова поглавје се темели врз стандардна морфогенетска секвенца:

**индикатор → механизам → морфолошки исход**

Индикаторот ја претставува набљудливата трага на промена на ниво на стопански двор, механизмот е објаснувачката врска преку која таа трага добива просторна логика, а исходот е ефектот што преку акумулација на повеќе такви промени станува читлив на ниво на село.

Во тој систем, индикаторите се групираат во четири класи:
1. Просторни;
2. Функционални;
3. Релациски;
4. Хронолошки.

Просторните индикатори ја покажуваат промената на односот изградено – неизградено, бројот и позицијата на стопанските објекти и промената на пристапите. Функционалните ја покажуваат редукцијата, интеграцијата или пренамената на стопанските содржини. Релациските го прават видлив односот двор – улица – јадро. Хронолошките ја реконструираат фазноста на трансформацијата, периодите на напуштање и повторно активирање и појавата на хибридни состојби.

Врз основа на индикаторите, се дефинираат и четири доминантни механизми:
1. Компресија и згуснување;
2. Редукција и пренамена на објектите;
3. Парцеларна сегментација или окрупнување;
4. Промена на пристапите и односот двор – улица.

Првиот доминантен механизам е компресија и згуснување. Тој најчесто се препознава таму каде што расте односот изградено – неизградено, се намалуваат дворните празнини, се додаваат нови градби или доградби во рамките на постојната парцела, а внатрешните движења стануваат позгуснати и пократки. Во такви случаи стопанскиот двор не се шири надвор од себе, туку ја апсорбира развојната енергија внатре во постојната рамка. На аналитички план, ова може да се прочита како:

**пораст на изграденост + редукција на слободен работен простор + задржан фронт кон улица → компресија → компактен исход.**

Овој механизам е особено важен затоа што покажува дека руралната трансформација не мора нужно да значи распрснување, туку таа може да произведе и внатрешна консолидација на ткивото.

Вториот механизам е редукција и пренамена на стопанските објекти. Во услови кога земјоделството повеќе не е единствена основа на домаќинството, стопанскиот двор не исчезнува, туку селективно ја менува сопствената програмска структура. Шталите, амбарите, плевните и другите економски објекти може да бидат напуштени, делумно урнати, сведени на складишна или сервисна улога, или да се пренаменат во објекти за

туризам, услуги, гаражи, викенд-домување или помошни резиденцијални простори. На ниво на анализа, тоа значи:

**исчезнување или слабеење на економската зона + појава на нова неруралнa програма + хибридна употреба → редукција/пренамена → поедноставување или резиденцијализација на дворната матрица.**

Овде е особено важно што редукцијата не е само губење, туку таа може да биде и адаптација, но само ако новата програма воспоставува нова, а не хаотична просторна логика.

Третиот механизам е парцеларна сегментација или окрупнување. Сегментацијата најчесто се појавува како последица на наследни поделби, промена на сопственички односи или ослабување на интегралното стопанство, при што една порано функционално целосна парцела се дели на повеќе помали единици со нови пристапи, нови влезови и нови граници. Во таа ситуација се нарушува првичната дворна граматика и се губи организациското единство меѓу станбениот, стопанскиот и градинарскиот дел. Наспроти тоа, окрупнувањето на повеќе парцели може да го поддржи интегралниот стопански двор и да ја стабилизира повеќеобјектната матрица. На аналитички план, тоа би се прикажало:

**поделба на парцела + нови пристапи + слабеење на внатрешно зонирање → сегментација → фрагментација и дифузен раб, или обратно, спојување на парцели + задржана повеќеобјектност + целосно зонирање → окрупнување → интеграција и структурна стабилност.**

Па така, истиот морфолошки параметар (промена на парцелата) може да произведе два различни исхода.

Четвртиот механизам е промена на пристапите и односот двор – улица. Овој праг е критично место на руралната морфологија, затоа што токму тука се чита дали стопанскиот двор и натаму посредува меѓу приватното и колективното или почнува да се затвора, да се распаѓа или да се губи фронталната артикулација. Промената на влезот, воведувањето нови колски пристапи, губењето на јасен фронт или преместувањето на активностите подлабоко во парцелата ја менуваат не само организацијата на стопанскиот двор туку и читливоста на улицата и селското јадро. Затоа, аналитичкиот приказ тука е особено директен:

**нов или дезинтегриран пристап + ослабен двор – улица праг → промена на односот двор – улица → слабеење на ткивниот континуитет и релациската логика на селото**

Таму каде што фронтот останува јасен, континуитетот на ткивото се стабилизира; таму каде што се брише, се губат и континуитетот и јадреноста.

Во оваа рамка, типовите стопански дворови од претходната глава повеќе не се читаат само како формални категории, туку како преодни правила преку кои се препознаваат доминантните механизми. Интегралниот тип најчесто упатува на стабилност, целосно зонирање и можност за окрупнување или контролирана интеграција. Дисперзираниот тип покажува ослабена, но сè уште активна стопанска логика. Компактниот тип е типично поврзан со постепено згуснување и редукција на дворните празнини. Фрагментираниот тип со градинарска зона упатува на адитивен раст без јасна структурна

кохезија; а фрагментираниот тип без економска и градинарска зона најчесто е поврзан со редукција и резиденцијализација. Ова значи дека типот не е исто што и механизмот, но е негов важен носител и индикаторска основа.

Сепак, крајниот аналитички интерес не е описот на поединечниот стопански двор, туку објаснувањето на тоа како повеќе микротрансформации се акумулираат во компактни, полицентрични или дифузни морфолошки исходи. Компресијата и згуснувањето најчесто продуцираат компактен модус на ширење; редукцијата и резиденцијализацијата можат да го ослабат внатрешното јадро и да придонесат за дифузна периферизација; а селективната пренамена и концентрација на нови програми во повеќе точки може да создадат микројадра и полицентрична логика. Но овие релации не се механички и еднонасочни: ист механизам може да произведе различен исход во зависност од типот на руралната средина, положбата на парцелата и степенот на зачуваност на дворната матрица. Токму затоа, двојниот клуч „тип рурална средина / тип ширење“ останува неопходен за споредливост на исходите.

Со тоа, оваа секција го поставува оперативното јадро. Натамошната анализа на Кучевиште, Горњане и Бродец нема да се темели само врз опис на состојбите во стопанските дворови, туку врз дисциплинирано покажување кој индикатор упатува на кој механизам и каков морфолошки исход произведува. Во таа смисла, моделите на трансформација на стопанските дворови во Кучевиште, Горњане и Бродец можат да се разберат како различни морфолошки исходи на ист процес, односно преобликување на селскиот простор во услови на изменета релација меѓу руралниот животен модел и урбаната гравитација (Темелкоска, 1981). Само во таква рамка селската трансформација станува читлива и споредливо објаснива.

## 4.4. Кучевиште

Кучевиште во ова поглавје се чита како село во кое трансформацијата на стопанските дворови не произведува распрснување на матрицата, туку нејзино внатрешно преформулирање. За ова село е клучна типолошката полифонија, односно коегзистенцијата на интегрални, дисперзирани и компактни дворни форми. Токму таа коегзистенција овозможува Кучевиште да се интерпретира како село со хетерогена, но структурно читлива матрица во која различни дворни логики паралелно опстојуваат и произведуваат различни локални јазли на активност.




Сл. 65: Приказ на просторни промени во урбаната форма во селото Кучевиште од 2001-2025 година
Извор: Google Earth Pro

### 4.4.1. Тип на рурална средина: полицентрична

Полицентричноста на Кучевиште во строга урбана смисла не треба да се разбере како постоење на неколку формално автономни центри. Таа ја означува внатреселска мрежа на микројадра што произлегуваат од различни, но активни дворни структури. Основата за вакво читање е јасна бидејќи во селото коегзистираат три доминантни типа стопански дворови: тип А (интегрален стопански двор), тип Б (дисперзиран стопански двор без градинарска зона) и тип В (компактен стопански двор без градинарска зона). Самото присуство на овие три типа покажува дека селото не е морфолошки еднослојно, туку дека развојот на дворната матрица се одвивал низ повеќе паралелни линии.

Тип А ја претставува најинтегралната и морфолошки најкомплетна варијанта, која се карактеризира со повеќеобјектен состав, јасно диференцирани станбена, економска и градинарска зона и висок степен на функционална интеграција. Тип Б морфолошки се доближува до него, но без целосна артикулација на сите зони, односно со редуцирана или дислоцирана градинарска зона. Тип В се јавува во услови на ограничен просторен капацитет, со висока изграденост, редуциран број објекти и оттурнување на отворениот простор кон претежно комуникациска и сервисна улога. Овие разлики не се само формални. Тие произведуваат различни начини на функционирање на стопанскиот двор и, следствено на тоа, различни локални тежишта на активност во рамките на селото.

Кучевиште може да се дефинира како полицентрична рурална средина, бидејќи неговата матрица не е стабилизирана од еден единствен морфолошки центар, туку од повеќе локални јазли што произлегуваат од различни дворни системи. Интегралните дворови ја носат логиката на стабилни стопански комплекси, дисперзираните ја задржуваат делумната повеќеобјектност и просторна еластичност, а компактните форми создаваат поинаква логика на внатрешна компресија. Токму затоа полицентричноста тука треба да се чита како комплементарност на микројадра, а не како геометриски распоред на повеќе центри на карта.

Дополнителна потврда за оваа слоевитост дава и квалитативната анализа на стопанските дворови, каде што во повеќето случаи се појавуваат комбинации од постари традиционални структури и понови интервенции, а како преовладувачки социоекономски модел се јавуваат мешани домаќинства. Во таков контекст, стопанскиот двор повеќе не функционира исклучиво како класична продуктивна единица, но не се сведува ни на чисто резиденцијална парцела, туку станува хибридна станбено-економска база. Токму таа адаптивна хибридност ја објаснува внатрешната диференцијација на матрицата и ја поддржува полицентричната логика на селото.

### 4.4.2. Тип на урбано ширење: компактно

Иако Кучевиште се чита како полицентрична рурална средина, модусот на современа трансформација е компактен. Ова е важна аналитичка дистинкција, бидејќи покажува дека типот на руралната средина и типот на ширењето не мора да бидат исти. Во методолошката рамка на трудот, компактното ширење се препознава преку: континуитет на изграденост, доминација на доградби во постојни парцели, редукција на дворни празнини и ограничено излегување надвор од постојното јадро. Токму овие индикатори се најсоодветни за читање на Кучевиште.

Во Кучевиште компактниот модус на ширење се остварува преку два доминантни канала. Првиот е стабилизирачкиот капацитет на тип А и делумно тип Б, каде што

дворната логика и натаму ја задржува активноста внатре во селското ткиво, преку повеќеобјектност, јасни пристапи и функционална интеграција. Вториот е компресијата на тип В, кој настанува како резултат на постепени адитивни интервенции во просторни услови на ограниченост. Наместо да продуцира периферни, изолирани пунктови, ова згуснување најчесто се реализира како внатрешно пополнување на постојните парцели и микроструктури.

Затоа, кога картографски се читаат промените во урбаната форма на селото, Кучевиште не покажува доминантна логика на распрснување, туку консолидирачка логика на задржување и пополнување. Дури и таму каде што се вршат доградби, нови интервенции или адаптации, тие претежно не ја оттурнуваат активноста кон периферијата, туку ја згуснуваат и ја реорганизираат рамката на веќе постојното ткиво. Во таа смисла, Кучевиште претставува случај во кој компактното ширење не е производ на еднообразна компресија, туку резултат на повеќе дворни логики што сепак се акумулираат во континуитет на селската изграденост.




Сл. 66: Промени во урбаната форма во селото Кучевиште

### 4.4.3. Доминантни трансформациски механизми и просторни исходи

Во Кучевиште доминантните трансформациски механизми не дејствуваат како сила на распуштање, туку како сила на адаптивна интеграција.

Првиот механизам е окрупнување и задржување на повеќеобјектна структура кај интегралните дворови. Во дел од примероците тип А е и резултат на окрупнување на повеќе помали парцели, а ова не води кон фрагментација, туку кон стабилизирање на станбено-економската и градинарската логика во рамките на стопанскиот двор. Просторниот исход од овој механизам е формирање стабилни локални јазли со висока морфолошка читливост.

Вториот механизам е селективна редукција без целосен распад на организацијата, видлив кај тип Б. Иако градинарската зона е редуцирана или изместена, останува јасна станбено-економската структура и повеќеобјектниот карактер. Тоа значи дека

стопанскиот двор претрпува трансформација, но не ја губи целосно улогата на просторен посредник меѓу домаќинството и селската матрица. Морфолошки, ова продуцира диференцирани, но сѐ уште активни и читливи микроструктури, кои ја поддржуваат полицентричната организација на селото наместо да ја распуштат.

Третиот механизам е компресија и адитивно згуснување кај компактните дворови од тип В. Тука просторниот капацитет е ограничен, изграденоста е висока, а отворениот простор е сведен на комуникациска и сервисна функција. Ваквата логика е резултат на доградувања и пополнувања во рамките на постојната парцела, односно на процеси на внатрешна реорганизација наместо екстензивна експанзија. На ниво на селска матрица, исходот е постепено згуснување на ткивото и редукција на дворните празнини, но без прекин на континуитетот.

Четвртиот механизам е адаптивна модернизација на дворниот фонд, видлива преку коегзистенцијата на традиционални и понови градби и преку појавата на мешани домаќинства. Тоа покажува дека трансформацијата во Кучевиште најчесто не оди по линија на целосна супституција, туку по линија на наслагување, доградување и програмска адаптација. Овој механизам е различен од оние случаи каде што стопанскиот двор се редуцира до еднообјектен или чисто резиденцијален образец, затоа што овде структурата на дворот продолжува да ја носи логиката на селото.

Сумирано, просторните исходи во Кучевиште можат да се формулираат како:

**хетерогена, но стабилизирана селска матрица; повеќе микројадра наместо еден единствен центар; компактно згуснување наместо дифузно распрснување; и задржување на морфолошката читливост преку стопанскиот двор како посредничка алка.**

Токму затоа, Кучевиште се издвојува како пример во кој трансформацијата на стопанските дворови има претежно консолидирачки, а не дезинтегрирачки ефект. Во ова село дворната матрица функционира како стабилизатор на руралната морфологија, па дури и кога се менува програмата, основната релациска логика на стопанскиот двор останува активна и продолжува да го обликува селското ткиво.



Сл. 67: Дронски снимки на постојната состојба во селото Кучевиште
Извор: Авторски фотографии

## 4.5. Горњане

Горњане во ова поглавје се чита како случај во кој стопанскиот двор повеќе не дејствува првенствено како механизам на внатрешна консолидација, туку како медиум преку кој компактната наследена селска матрица постепено ја губи својата производна логика и се оттурнува кон дифузна трансформација. Токму оваа комбинација (компактна историска основа, мал број жители и ослабена стопанска активност) го прави Горњане особено значајно за морфогенетска интерпретација. Во него промената се манифестира како постепено слабеење на неговата дворна организација и прелевање на новите просторни интервенции кон периферните и линеарно достапни делови.




Сл. 68: Приказ на просторни промени во урбаната форма во селото Горњане од 2001-2025 година
Извор: Google Earth Pro

### 4.5.1. Тип на рурална средина: компактна

Горњане треба да се дефинира како компактна рурална средина, затоа што и покрај малите димензии и силната редукција на стопанските функции, селото сè уште задржува јасно читливо збиено јадро. Компактноста тука не значи морфолошка полнота или висока програмска комплексност, туку континуитет на ткивото, блискост меѓу парцелите и концентрација на градбите во ограничен просторен склоп. Со други зборови, Горњане е компактно по наследената форма на селската матрица, а не по современата виталност на неговата дворна економија.

Типолошката анализа ова јасно го потврдува. Во Горњане не доминира интегралниот повеќеобјектен стопански двор, туку преовладуваат: тип В – компактен стопански двор без градинарска зона, тип Г – фрагментиран стопански двор со градинарска зона и тип Д – фрагментиран стопански двор, со ограничено присуство на тип Б – дисперзиран стопански двор без градинарска зона. Овој состав на репертоарот е клучен и тој покажува дека селото се движи кон компресија, редукција и поедноставување на дворната структура. Отсуството на силно застапен интегрален тип е формална констатација, но и показател дека компактната матрица во Горњане веќе не е потпирана од силна стопанска организација, туку од наследеното збиено ткиво.

Оваа редукциска логика се гледа и во поширокata анализа на домаќинствата и објектите. Во старото јадро на селото стопанските дворови се преоптоварени со времени објекти и интервенции со поевтини материјали, додека кај новоформираните стопански дворови доминираат објекти за домување. Таквата состојба јасно укажува дека стопанскиот двор постепено престанува да функционира како производна микроструктура и се трансформира во претежно резиденцијален простор. Оттука, компактноста на Горњане е знак на морфолошка компресија во услови на ослабена дворна економија.

### 4.5.2. Тип на урбано ширење: дифузно

Иако Горњане морфолошки останува компактно село, современиот модус на трансформација е дифузен. Оваа разлика меѓу типот на рурална средина и типот на ширење е суштинска за правилно читање на случајот. Просторните промени на селото јасно покажуваат дека компактното јадро е задржано како сива згусната матрица, додека поновите промени се појавуваат како црвени дифузни излегувања покрај пристапните линии и на периферните делови на селото. Со тоа визуелно се потврдува дека новата трансформација не се реализира првенствено како пополнување во постојното јадро, туку како распрснувачки слој што се надоврзува на него.

Причината за оваа дифузност лежи во промената на внатрешната логика на стопанскиот двор. Кога стопанските објекти исчезнуваат или се сведуваат на маргинална улога, стопанскиот двор веќе нема силна потреба да остане цврсто организиран околу централна работна и производна шема. Наместо тоа, новите интервенции се пренасочуваат кон резиденцијални и викенд-станбени модели, а тие полесно се реализираат на периферни, полуслободни или линеарно достапни парцели отколку во веќе компримираното старо јадро. Затоа во Горњане редукцијата на дворната економија не произведува компактно згуснување, туку периферизација на трансформацијата.

Во таа смисла, дифузното ширење во Горњане не треба да се сфати само како визуелна дисперзија на поединечни објекти, туку како промена на самата просторна логика на растот. Наместо новите или адаптирани парцели да ја затвораат селската матрица и да го зајакнуваат континуитетот на ткивото, тие се појавуваат како распрснати точки што сè помалку зависат од традиционалната дворна граматика. Оттука произлегува специфичната дисонанца на Горњане: компактна основа, но дифузен современ слој. Старото јадро останува збиено, но новата логика на трансформација постепено го оттурнува селото кон послабо кохерентна периферија.




Сл. 69: Промени во урбаната форма во селото Горњане

### 4.5.3. Доминантни трансформациски механизми и просторни исходи

Во Горњане доминантните трансформациски механизми јасно покажуваат дека промената на стопанскиот двор не се акумулира во правец на интеграција, туку во правец на редукциско-дисперзивен профил. Првиот механизам е компресија и згуснување во рамките на старото јадро. Овој механизам најдиректно се чита кај тип В, каде што парцелите се мали, изграденоста е висока, бројот на објекти е ограничен, а дворниот простор е сведен претежно на комуникациска и сервисна функција. Овде стопанскиот двор не исчезнува, но ја губи својата трозонска организација и се сведува на компримирана резиденцијално-стопанска шема. Морфолошкиот исход на овој механизам е задржување на збиеноста на јадрото, но со намален внатрешен капацитет за продуктивна репродукција.

Вториот механизам е редукција и резиденцијализација на дворниот систем. Кај тип Д, а делумно и кај тип Г, се гледа најјасно исчезнувањето на економските објекти и слабеењето на стопанската логика. Дворот станува еднообјектен или програмски поедноставен, при што економската и градинарската зона се сведуваат или сосем исчезнуваат. Ова не е само функционална промена, туку суштинска промена на морфологијата. Стопанскиот двор повеќе не посредува меѓу живеењето и производството, туку се претвора во резиденцијален остаток од поранешната повеќеобјектна структура. На ниво на селска матрица, овој механизам го слабее јадрото како организирана мрежа од продуктивни микроцелини.

Третиот механизам е адитивна фрагментација без јасна структурна кохезија. Тој е особено видлив кај тип Г, каде што постои градинарска зона, но без економски објекти и без јасно воспоставена повеќеобјектна логика. Таквиот стопански двор не е целосно редуциран, но неговата организација повеќе не следи стабилна дворна граматика и расте низ адитивни и парцијални интервенции. Просторниот исход е создавање локални џебови на растегнатост и намалување на читливоста на традиционалниот дворен поредок. Овој механизам е важен затоа што покажува дека фрагментацијата во Горњане не доаѓа само од периферниот раст, туку и од внатрешното ослабување на самата структурна логика на парцелата.

Четвртиот механизам е периферизација на новите интервенции во должина на пристапните линии. Бидејќи патната мрежа во селото е оскудна, а теренот ограничувачки, новите и адаптирани резиденцијални парцели не се распределуваат рамномерно, туку се насочуваат кон оние делови каде што пристапот е полесен и каде што постои простор за нова изведба или адаптација. Наместо да се јави пополнување што би ја зајакнало компактната матрица, се добива развој што ја оттурнува активноста кон рабовите на селото. На ниво на селска форма, тоа произведува дифузен раб, намалена ткивна читливост и постепено слабеење на компактното јадро како единствен просторен фокус.

Сумирано, просторните исходи во Горњане можат да се формулираат како:

**задржано компактно јадро, но со ослабена производна логика; редукција на дворната матрица од повеќеобјектен кон еднообјектен модел; распрснување на современите интервенции кон периферијата; и постепено претворање на селото од компактна продуктивна структура во компактна школка со дифузен современ слој.**

Токму затоа Горњане е значајно како морфогенетски профил во кој се гледа дека компактноста сама по себе не гарантира консолидација. Ако дворната матрица ја изгуби својата функционална и организациска сила, тогаш и компактното село може да влезе во дифузна траекторија на просторна еволуција.



Сл. 70: Дронски снимки на постојната состојба во селото Горњане
Извор: Авторски фотографии

## 4.6. Бродец

Бродец во ова поглавје се чита како село во кое трансформацијата на стопанските дворови не произведува единствен и линеарен образец на просторна промена, туку поларизирана морфолошка слика. За разлика од Кучевиште каде што хетерогеноста се акумулира во консолидирачка матрица и од Горњане каде што компактната основа се разградува преку редукција и периферизација, во Бродец доминира односот меѓу силни, окрупнети и организациски стабилни комплекси и слаби, редуцирани и морфолошки осиромашени резиденцијални дворови. Оттука, Бродец може да се опише како село со разбиена планинска матрица во која неколку активни точки почнуваат да дејствуваат како микројадра.




Сл. 71: Приказ на просторни промени во урбаната форма во село Бродец од 2001 до 2025 година
Извор: Google Earth Pro

### 4.6.1. Тип на рурална средина: дифузна

Бродец е јасно издвоен како планинско село од разбиен тип, што уште на општото морфолошко ниво го разликува од претежно збиените села во регионот. Во табеларниот преглед на селата на Скопска Црна Гора тој е означен како планинско, мало и разбиено село, а во самиот текст е дефиниран како целина во која ткивото е дисперзирано, со поголема дистанца меѓу групирањата и со силна зависност од топографијата и пристапноста. Тоа значи дека дифузноста во Бродец не е секундарен ефект на понова експанзија, туку основна морфолошка состојба на селската матрица.

Но оваа дифузност не треба да се сфати како едноставна и еднолична распрснатост. Напротив, во Бродец станува збор за поле на различни интензитети, каде што некои групи задржуваат висока просторна организација, додека други минуваат низ радикална редукција. Токму тука типологијата има пресудно значење. Во Бродец се појавуваат: тип А – интегрален стопански двор, тип Г – фрагментиран стопански двор со градинарска зона и тип Д – фрагментиран стопански двор, што значи дека селото функционира како мозаик од силни и слаби морфолошки единици. Оттука, дифузноста е структура со ниска континуираност и висока дистанцираност меѓу јадрата.

Оваа состојба дополнително се чита и преку програмската слика на селото. Во Бродец недостасуваат повеќе класични јавни содржини, како што се училиште, здравствен дом, пошта и продавница, додека како развиени или активни точки се издвојуваат ресторанот, црквата и одделни елементи на архитектонско наследство, како што се традиционална куќа и старо училиште. Тоа покажува дека функционалниот живот на селото не е собран во едно силно јадро, туку е распослан во повеќе одвоени точки на активност, што ја зацврстува интерпретацијата на Бродец како дифузна рурална средина со растресита, но не и празна матрица.

### 4.6.2. Тип на урбано ширење: полицентрично

Иако Бродец е дифузен по својата основна морфолошка состојба, модусот на трансформација и ширење може да се чита како полицентричен. Оваа дистинкција е особено важна, затоа што токму во Бродец најјасно се гледа смислата на двојниот клуч на ова истражување, односно она што селото претставува не е исто со начинот на кој тоа се менува. Во теоретско-методолошката рамка на трудот веќе е поставено дека полицентричното ширење не значи нужно повеќе центри во урбана смисла, туку повеќе морфолошки и функционални микројадра што создаваат активности и релации во рамките на селото. Токму на таков начин треба да се разбере и трансформацијата во Бродец.

Јасно се издвојуваат двата доминантни механизма преку кои Бродец добива полицентричен модус на ширење. Првиот е окрупнување и формирање комплекси, односно спојување на парцели и создавање на поголеми дворни целини со поефикасно зонирање и организација на активности. Вториот е функционална пренамена кон сместувачки и услужни содржини, при што поранешни дворни структури почнуваат да продуцираат нови точки на атракција и присуство. Овие два механизма не ја укинуваат дифузноста на матрицата, туку ја реорганизираат преку повеќе активни јадра.

Картографскиот приказ на промените во урбаната форма го потврдува токму тоа читање. Бродец е претставен како дифузна средина, но со полицентрично ширење означено во неколку посебни зони, односно не како една континуирана експанзија, туку како повеќе раздвоени активни точки во рамките на разбиената селска матрица. Во руралниот контекст на Бродец центарот не е класичен урбан центар, туку јадро на активности поврзано со окрупнет комплекс, пристапен правец или пренаменет двор. Оттука, полицентричноста овде не е апстрактна шема, туку мрежа од повеќе јазли што ја структурираат постојната дисперзија.




Сл. 72: Промени во урбаната форма во село Бродец

### 4.6.3. Доминантни трансформациски механизми и просторни исходи

Во Бродец првиот доминантен механизам е окрупнување и стабилизација на интегрални стопански комплекси. Типот А е директно поврзан со спојување на неколку помали парцели во една единствена дворна целина, со повеќе објекти и целосно функционално зонирање. Во типолошката анализа овој модел е опишан како просторна структура со висок степен на морфолошка читливост, а во табеларниот приказ на анализираните дворови токму дворните единици 1 и 2 покажуваат повеќеобјектен состав, целосно зонирање и значително поголем организациски капацитет од другите примероци. На ниво на селска матрица, исходот од ваквиот механизам не е создавање компактен централен јадрен систем, туку појава на силни локални кластери во рамките на разбиената структура.

Вториот механизам е функционална пренамена на постојните дворни структури. Во компаративната синтеза за Бродец јасно се наведува дека еден од двата клучни начина на трансформација се состои во тоа што постојните парцели и објекти се задржуваат, но им се менува намената од домување во сместувачки капацитети. Ова е механизам, којшто не се сведува само на губење на традиционалната стопанска логика, туку отвора нов тип на просторна реактивација. Стопанскиот двор овде не исчезнува. Тој само ја менува својата програмска улога и почнува да продуцира нови точки на присуство, услуга и престој, што директно го поддржува полицентричниот образец на трансформација.

Третиот механизам е редукција и фрагментација на дел од дворниот фонд, видлива кај тип Г и тип Д. Во овие стопански дворови се јавува единствен станбен објект, а економската структура или е редуцирана до минимум или целосно отсуствува. Кај тип Г постои градинарска зона, но без развиена повеќеобјектна стопанска логика, а кај тип Д стопанскиот двор е морфолошки сведен на речиси чисто резиденцијален модел. Ова значи дека Бродец не се развива само преку активирање на нови јадра, туку истовремено и преку слабеење на дел од поранешната повеќеобјектна дворна мрежа. Оттука и неговиот карактеристичен исход според кој селото не е ниту интегрално консолидирано ниту целосно распаднато, туку поларизирано меѓу активни комплекси и слаби резиденцијални фрагменти.

Четвртиот механизам е топографско-реалциско канализирање на промената. Во Бродец топографијата и пристапноста претставуваат рамка што активно ја насочува просторната еволуција. Бидејќи селото е разбиено и зависно од линиите на движење, новите активни точки не се распоредуваат произволно, туку се појавуваат таму каде што постојат услови за пристап, групирање и програмска адаптација. Затоа полицентричноста во Бродец не треба да се чита како геометриска правилност, туку како селективна организација на повеќе јазли во теренски условена мрежа.

Сумирано, просторните исходи во Бродец можат да се формулираат како:

**дифузна, разбиена и топографски условена селска матрица; неколку активни микројадра наместо еден доминантен центар; коегзистенција на интегрални комплекси и фрагментирани резиденцијални дворови; и полицентрична реактивација наместо компактно згуснување.**

Во Бродец стопанскиот двор не дејствува првенствено како механизам на компактна консолидација, туку како селектор и активатор на јазли во веќе дисперзирана матрица. Токму затоа ова село е најјасниот пример во трудот дека дифузната рурална средина не мора нужно да продуцира само дифузно ширење. Таа во одредени случаи може да развие и полицентричен профил на просторна еволуција.



Сл. 73: Дронски снимки на постојната состојба во село Бродец
Извор: Авторски фотографии

## 4.7. Компаративна синтеза на профилите на просторна еволуција

По поединечната интерпретација на Кучевиште, Горњане и Бродец, следниот чекор е нивно компаративно читање во единствена аналитичка рамка. Ваквата синтеза значи прецизно издвојување на разликите преку заеднички јазик. Токму затоа двојниот клуч „тип на рурална средина“ / „тип на ширење“ е пресуден и тој овозможува селата да се споредуваат според односот меѓу наследената морфолошка состојба и актуелниот модус на трансформација. Со тоа се елиминира честата заблуда дека она што селото претставува, автоматски значи и како селото расте.

Компаративната анализа покажува дека клучната варијабла не е самото постоење или непостоење на стопанскиот двор, туку степенот до кој неговата дворна матрица останува организациски активна. Кога стопанскиот двор и натаму задржува јасни односи меѓу куќата, стопанските објекти, пристапите, работниот простор и интерфејсот кон улицата, трансформацијата има тенденција да произведува консолидирачки исходи. Кога тие односи се редуцираат, се распаѓаат или се сведуваат на чисто резиденцијален минимум, исходот најчесто е слабеење на ткивниот континуитет, фрагментација и периферизација. Со други зборови, просторната промена на селото е директна последица на начинот на кој се преформулира внатрешната граматика на стопанскиот двор.

Во таа рамка, Кучевиште се издвојува како полицентрична рурална средина со компактен модус на ширење. Неговата морфолошка стабилност не се должи на еднообразност, туку на коегзистенција на повеќе типови на стопански дворови што формираат микројадра и структурна диференцијација, додека современата трансформација главно се остварува преку компресија, адитивни интервенции и згуснување во рамките на постојните парцели. Токму затоа Кучевиште покажува дека типолошката хетерогеност не мора да води кон распрснување. Таа може да продуцира и консолидирачка матрица, под услов дворната граматика да остане читлива и активна.

Горњане, напротив, се чита како компактна рурална средина со дифузно ширење. Тука наследената збиеност на селската матрица и натаму е видлива, но современиот трансформациски режим не ја храни таа компактност, туку постепено ја ослабува. Редукцијата на економските функции, поедноставувањето на дворниот систем, резиденцијализацијата и периферизацијата на новите интервенции создаваат дифузен современ слој над компактната основа. Ова е можеби најјасниот доказ дека компактната морфолошка состојба сама по себе не гарантира компактен раст. Кога стопанскиот двор ја губи својата производна и организациска сила, селото почнува да се развива во насока на ткивно разредување и слабеење на јадрото.

Бродец го претставува третиот најполаризиран профил на дифузна рурална средина со полицентрично ширење. Неговата основна матрица е разбиена и топографски условена, но токму во таа дисперзирана рамка се појавува селективно формирање на повеќе активни јадра. Овој исход е поврзан со окрупнување на одделни парцели, стабилизација на интегрални комплекси и пренамена на дел од дворниот фонд во нови функции што повторно активираат присуство и релации. Истовремено, дел од стопанските дворови минуваат низ редукција и фрагментација. Па така, Бродец е пример на поларизирана селска матрица во која коегзистираат силни кластери и слаби резиденцијални фрагменти.

Од споредбата на трите случаи произлегува дека трансформациите на стопанските дворови можат да се кондензираат во три профили на просторна еволуција. Првиот е интегративно-консолидирачки, каде што доминираат задржување на повеќеобјектната структура, контролирана компресија и внатрешно згуснување (најјасно се манифестира во Кучевиште). Вториот е редукциско-дисперзивен, каде што редукцијата на стопанските функции, резиденцијализацијата и периферните интервенции го ослабуваат континуитетот на ткивото (највидлив во Горњане). Третиот е поларизирано-реактивирачки, каде што дифузната матрица не се укинува, туку се преуредува преку селективни јадра на окрупнување и пренамена (најјасно се чита во Бродец). На тој начин профилите не се само описни ознаки, туку резултат на јасна врска меѓу типолошката состојба на дворовите, доминантните механизми и морфолошките исходи на ниво на село.

Компаративната синтеза дозволува да се формулираат и две пошироки научни последици.

1. Просторните промени во селата треба да се читаат како траектории на дворната матрица (интеграција, компресија, редукција и пренамена), а не само како општ процес на градење;
2. Се избегнува универзален заклучок според кој иста регионална рамка не произведува исти морфолошки исходи, затоа што ефектите на трансформацијата во голема мера зависат од потесниот морфолошки и функционален контекст на селото.

Оттука, стопанскиот двор во ова истражување не е само единица на опис, туку претставува важна објаснувачка алка преку која руралната трансформација станува споредливо читлива.

## 5. ДИСКУСИЈА

Целта на оваа глава е да ги подигне резултатите од претходните поглавја од ниво на аналитичка дескрипција и компаративна интерпретација кон ниво на научна дискусија, објаснувачка консолидација и концептуална синтеза. На тој начин трудот преминува од анализа на појавите кон нивно објаснување, а од објаснување кон инструментализација, односно кон можност резултатите да се преведат во просторно-планерски правила и мерки.

### 5.1. Дискусија на резултатите – од индикатор до просторна еволуција

Основната позиција на овој труд е дека руралната трансформација не треба да се чита како збир на изолирани градежни интервенции, ниту како општ и недиференциран процес на ширење, напуштање или модернизација, туку како промена на просторните правила што го организираат селото. Во таа рамка, стопанскиот двор е прочитан како морфогенетски елемент: преку својата организација и трансформација ја посредува врската меѓу микроскалата на парцелата, куќата и дворот и макроскалата на селската матрица, јадрата и уличната мрежа. Најважниот емпириски наод што се потврдува низ трите студии на случај е дека дворната трансформација не е изолиран настан, туку повторлив извор на морфолошки последици: промени на односот изградено – неизградено, редефинирање на пристапи и фронтови, реконфигурација на односот двор – улица, редукција или пренамена на стопански објекти и, како акумулиран ефект, промени на континуитетот на ткивото, јачината на јадрата и модусите на ширење.

Научната релевантност на овој резултат не лежи само во тоа што опишува промена, туку во тоа што ја прави промената објаснива. Наместо трудот да се задржи на ниво на дескрипција, тој воспоставува аналитички премин од индикатор, преку механизам, до морфолошки исход. Токму тука е и неговата главна сила: промената не е претставена како случајна или интуитивна, туку како процес што може да се чита, да се споредува и да се аргументира. На тој начин руралната морфологија повеќе не се третира како пасивна заднина на демографски и економски движења, туку како активна просторна структура што реагира на трансформацијата на дворната матрица.

Анализата потврди четири доминантни механизми. Првиот е компресија и згуснување, видлив таму каде што расте изграденоста, се скратуваат внатрешните растојанија и се редуцира отворениот работен простор. Вториот е редукција и пренамена на стопанските објекти, односно слабеење или исчезнување на економската зона и нејзино претворање во резиденцијална, сервисна или хибридна програма. Третиот е парцеларна сегментација или окрупнување, што покажува дека и самата парцела е активен носител на трансформација, а не само неутрална подлога. Четвртиот е промена на пристапите и односот двор – улица, преку што станува видливо до кој степен дворот ја задржува или ја губи својата посредничка улога меѓу куќата и селото.

Особено важно е што врската меѓу индикаторот и исходот не е третирана како механичка и еднонасочна. Ист индикатор може да произведе различен исход, зависно од типот на руралната средина, положбата на парцелата и степенот на зачуваност на дворната матрица. Компресијата, на пример, во едно село може да води кон консолидирање на ткивото, а во друго да биде симптом на слабеење на продуктивниот капацитет. Истото важи и за пренамената: некаде таа е адаптивна реактивација, а некаде е чекор кон резиденцијална празнина. Оттука произлегува една суштинска методолошка поента: морфолошките исходи секогаш се контекстуално посредувани.

Трите студии на случај ја потврдуваат оваа теза на различен начин. Кучевиште покажува дека типолошката разновидност на дворовите не мора да доведе до распрснување, туку може да произведе стабилизирана полицентрична средина со компактен модус на ширење. Горњане покажува дека наследената компактност не гарантира компактен современ развој: кога дворната логика се редуцира, а стопанските функции слабеат, компактната основа може да произведе дифузна траекторија. Бродец, пак, покажува дека дифузната основа не мора да значи едноставно натамошно распрснување; под одредени услови, преку окрупнување и пренамена, таа може да генерира повеќе активни микројадра и полицентричен профил на еволуција. Затоа, просторот на селото не треба да се чита како линеарен премин од „традиционално“ кон „модерно“, туку како поле на повеќе можни траектории во кои дворната трансформација ја има улогата на главен посредник.

## 5.2. Поширок просторен контекст на студиите на случај

Трансформациите на стопанските дворови во селата на Скопска Црна Гора не можат да се разберат ако се читаат само како внатреселски промени. Иако непосредниот предмет на ова истражување е дворната матрица и нејзините морфолошки последици, самата логика на тие последици е обликувана од пошироки сили: регионалната гравитација на Скопје, нерамномерната инфраструктурна достапност, историските промени во земјишниот и стопанскиот режим, како и селективната демографска концентрација во делови од Скопскиот Регион. Затоа Кучевиште, Горњане и Бродец не треба да се сфатат како три изолирани локални појави, туку како три различни позиции во рамките на едно пошироко метрополитенско регионално поле.

Во таков контекст, Скопска Црна Гора не е хомоген рурален појас, туку простор со јасно диференцирани ридско-планински и подгорски зони, во кои се развиле различни стопански режими и различни модели на селска морфологија. Повеќето села во пониските и подгорските делови имаат покомпактна основа, додека повисоките и планинските населби покажуваат поразбиена, односно подифузна структура. Оваа разлика е суштинска, затоа што типот на селото непосредно го условува односот меѓу парцелата, објектите, пристапите и уличната мрежа, односно ја задава основната рамка во која стопанскиот двор може да се трансформира.

Во рамките на истиот регион, Кучевиште, Горњане и Бродец заземаат различни позиции. Кучевиште има поголема демографска и програмска маса, поголем атар и поизразена улога на локално средиште, што му дава поголем капацитет за внатрешна консолидација. Горњане, иако релативно блиску до Скопје и подобро поврзано, има многу послаб демографски и економски капацитет и покажува тенденција на редукција и контракција. Бродец е најоддалечен и најизразено планински случај, со сточарско-шумарска основа и разбиен тип на населба, во која дифузијата не е секундарен феномен, туку дел од самата почетна просторна конфигурација. Овие позиции не се само описни разлики, туку услови што директно влијаат врз начинот на кој дворната трансформација произведува пошироки морфолошки последици.

Поширокиот контекст на овие села е и историско-структурен. Просторните промени не произлегуваат само од спонтани локални адаптации, туку и од поранешни државно посредувани интервенции во земјиштето, стопанските згради и ресурсната база на домаќинството. Аграрната реформа, деаграризацијата, отворањето можности за работа во Скопје и постепениот премин од примарно земјоделски кон мешани или претежно резиденцијални стратегии ја менуваат внатрешната логика на дворот. Оттука,

трансформацијата на стопанските дворови не треба да се толкува како едноставен локален одговор на современите потреби, туку како резултат на повеќеслојна условеност: од една страна морфоструктурата на Скопска Црна Гора, од друга страна релацијата кон Скопје, а од трета страна историските промени во сопственичката и стопанската основа на селото.

## 5.3. Концептот „дворна матрица" како објаснувачка рамка

Во ова истражување концептот „дворна матрица" е клучот преку кој резултатите стануваат објаснувачки кохерентни. Тој не ја сведува анализата на визуелна форма или на каталог на објекти, туку ја насочува кон просторната граматика на дворот: граници, пристапи, внатрешни патеки, зонирање и релации меѓу куќата и стопанските објекти. Матрица тука не означува фиксна шема, туку логика на организација. Дури и кога поединечни елементи се менуваат, исчезнуваат или добиваат нова намена, токму преку оваа логика може да се прочита што е зачувано, што е нарушено и во која насока се движи трансформацијата.

Со воведувањето на овој поим, стопанскиот двор се позиционира како просторно-програмска единица што ја поврзува парцелата со селската матрица. Неговата вредност е токму во тоа што овозможува руралната трансформација да се чита како промена на генеративни правила, а не како проста замена на поединечни објекти или функции. Исчезнувањето на стопанскиот објект, појавата на нов пристап, бришењето на внатрешна патека или слабеењето на фронтот кон улицата не се третираат како изолирани епизоди, туку како траги на подлабока промена во начинот на кој дворот ја структурира парцелата и го посредува односот кон селото.

Токму затоа дворната матрица има морфогенетски статус. Таа не е само матрица на внатрешна организација, туку матрица на просторна еволуција. Кога правилата на дворната организација остануваат читливи, и самата селска матрица има поголем капацитет да задржи морфолошка стабилност, континуитет и јасност на ткивото. Кога тие правила се нарушуваат, последиците не остануваат затворени во рамките на една парцела, туку се акумулираат на ниво на микројадро, уличен фронт, блок и модус на раст на селото. Со тоа, поимот овозможува микропромената да не се изгуби во локалниот опис, туку да се преведе во поширока просторна интерпретација.

Во оваа рамка, дворната матрица има и јасна методолошка функција. Таа ја дисциплинира објаснувачката логика на трудот преку разликување процес, механизам и исход. Процесот е набљудливата последователност на промени низ време; механизмот е објаснувачката врска преку која тие промени се преведуваат во просторна трансформација; а исходот е поширокaта последица на ниво на селска матрица. Со тоа, поимот не е дополнителен термин покрај анализата, туку нејзин внатрешен организатор: токму преку него индикаторите добиваат значење, механизмите стануваат читливи, а исходите – споредливи.

## 5.4. Двојниот клуч како инструмент за споредливост

Една од најсилните аналитички придобивки на трудот е јасното разграничување меѓу типот на рурална средина и типот на ширење. Ова разграничување е пресудно затоа што овозможува селото да не се чита само како затечена морфолошка состојба, ниту само како актуелен процес на трансформација, туку како однос меѓу состојба и процес. Во таа

смисла, првиот поим се однесува на морфолошката конфигурација на селската матрица, а вториот на доминантниот модус преку кој таа матрица се менува во современи услови.

Типот на рурална средина се чита преку степенот на континуитет на изграденоста, распоредот на јадрата, присуството или отсуството на мрежа од микроцентри и степенот на дисперзија на ткивото. Типот на ширење, пак, се чита преку начинот на кој трансформацијата се манифестира во просторот: дали се одвива како внатрешно згуснување и консолидирање, како периферно и распрснато излегување од матрицата, или како активирање на повеќе јадра и кластери. На овој начин се избегнува честата методолошка грешка морфолошката состојба автоматски да се земе и како доказ за развојната динамика.

Токму преку овој двоен клуч станува јасно дека матрицата и модусот на раст можат да бидат во сложен однос. Полицентрична средина може да се развива компактно; компактно јадро може да продуцира дифузна траекторија; а дифузна средина може да покаже полицентричен потенцијал. Со тоа, двојниот клуч не останува на ниво на класификација, туку станува вистинска аналитичка алатка за споредливост, што овозможува трите села да се читаат како споредливи, но не идентични профили на просторна еволуција.

Критичниот придонес е што двојниот клуч не се применува надвор од дворната матрица, туку токму преку неа. Промената на односот двор – улица, редукцијата и пренамената на стопанските објекти, сегментацијата или консолидирањето на парцелата и промената на пристапите не се само индикатори на локално ниво, туку и врската преку која станува читлив поширокиот профил на селото. На тој начин, споредливоста не е постигната преку поедноставување на случаите, туку преку прецизна аналитичка дисциплина.

### 5.5. Научни придонеси

Научните придонеси на овој труд не се декларативно набројување на однапред поставени цели, туку проверливи резултати што произлегуваат од целокупниот доказен синџир на дисертацијата: од типолошкото читање на стопанските дворови, преку индикаторите и механизмите на трансформација, до морфолошките исходи на ниво на селска матрица.

За да се избегне описност, придонесите се формулираат како проверливи резултати што произлегуваат од анализата:

1. Теорискиот придонес се состои во редефинирањето на стопанскиот двор како морфогенетски елемент на руралната средина. Наместо дворот да остане во доменот на етнографски опис или да се чита само како придружна економска зона на куќата, овој труд го поставува како организациски медијатор меѓу парцелата и селото. Со тоа, се воспоставува поимна рамка во која руралната промена може да се чита преку правила, а не само преку последици.
2. Методолошки придонес лежи во развојот на репликативен аналитички протокол што ги поврзува типологијата, индикаторите, механизмите и исходите во еден споредлив систем. Особено важен е доказниот синџир индикатор → механизам → морфолошки исход, затоа што со него се надминува јазот меѓу дескрипцијата и објаснувањето. Дополнително, двојниот клуч тип на рурална средина / тип на ширење овозможува споредливост без редукционизам и создава стабилна рамка за читање на различни рурални ситуации.

3. Емпирискиот придонес се состои во компаративната дијагноза на просторните траектории во селата на Скопска Црна Гора. Преку Кучевиште, Горњане и Бродец, трудот покажува дека различните режими на дворна трансформација не произведуваат случајни, туку препознатливи профили на просторна еволуција. На тој начин се создава современа аналитичка база што ја надминува празнината меѓу старите документации за руралната архитектура и потребата од современо читање на тековните промени. Токму во спојот меѓу овие три рамнини лежи и вистинската вредност на дисертацијата: таа не додава само нов материјал, туку воспоставува нов јазик за читање на руралната промена.

## 5.6. Услови на важност и граници на генерализација

Резултатите на ова истражување имаат најголема објаснувачка сила во оние рурални контексти каде што стопанскиот двор историски не функционира само како помошен простор околу куќата, туку како организациски носител на продуктивна програма и како медијатор меѓу приватниот и колективниот простор. Токму во такви средини дворот ја задржува улогата на морфогенетски елемент: преку границите, пристапите, патеките, внатрешното зонирање и односот куќа – стопански објекти – улица, тој останува доволно читлив за да може неговата трансформација да се преведе во морфолошки исходи на ниво на парцела, микројадро и селска матрица. Во таа смисла, важноста на предложениот модел не лежи во апстрактна универзалност, туку во јасно дефиниран просторен режим во кој дворната организација сè уште има структурна тежина.

Вториот услов на важност се однесува на степенот на читливост на самата дворна матрица. Моделот е најпродуктивен таму каде што можат да се идентификуваат стабилни релации меѓу дворот, парцелата и селото: јасни или реконструирачки граници, препознатливи пристапи, траги на фазно градење, разликувани функционални зони и доволно видлив интерфејс меѓу дворот и улицата. Тоа значи дека аналитичката сила на трудот не произлегува само од самото постоење на стопански двор, туку од можноста тој да се чита како систем на правила, а не како случаен збир на објекти и отворени површини.

Третиот услов е методолошки и се однесува на споредливоста. Предложениот модел има валидност затоа што не се темели врз еден изолиран пример, туку врз компаративна проверка во три различни рурални ситуации, читани преку иста матрица на анализа, ист сет индикатори и ист двоен клуч. Сепак, ова не треба да се разбере како статистичка репрезентативност за сите села во Македонија. Истражувањето е контролирана компаративна анализа во рамките на Скопска Црна Гора, а не универзална формула за секој рурален контекст.

Оттука произлегуваат и границите на генерализација. Прво, не секоја рурална средина поседува ист степен на историска јасност на дворната структура. Второ, не секој индикатор има иста просторна тежина во различни морфолошки и топографски контексти. И трето, не секоја трансформација може целосно да се реконструира само преку достапните траги и извори. Затоа трудот не претендира на неограничена важност, туку прецизно ја определува зоната во која неговиот аналитички апарат има најголема објаснувачка сила.

## 5.7. Трансферибилност – од сличност на форми кон сличност на правила

Трансферибилноста на пристапот развиен во овој труд не се темели врз формална сличност меѓу селата, ниту врз претпоставка дека руралните средини можат да се разберат преку едноставно препознавање на исти визуелни форми. Напротив, моделот е трансферибилен тогаш кога во различни контексти можат да се препознаат слични просторни правила: начинот на кој се артикулираат границите, како се воспоставуваат пристапите, како се организираат внатрешните патеки и зоните на користење, како се посредува релацијата меѓу куќата и стопанските објекти и како преку интерфејсот двор – улица тие односи се прелеваат кон поширокaта селска матрица. Она што се пренесува, значи, не е сликата на дворот, туку логиката на неговата организација.

Ова значи дека пристапот е применлив и надвор од Кучевиште, Горњане и Бродец, но само под услов анализата да не тргнува од прашањето дали друго село „личи" на нив, туку дали поседува структура во која дворот и натаму функционира како организациски медијатор меѓу продуктивното и резиденцијалното, меѓу парцелата и селото, меѓу приватниот режим на домување и колективната читливост на ткивото. Во таа смисла, моделот е особено применлив во средини во кои дворот ја задржал структурната тежина, но може да се адаптира и во други контексти, доколку индикаторите внимателно калибрираат.

Трансферибилноста на моделот „дворна матрица" може да се дефинира како премин од сличност на форми кон сличност на правила, а потоа и кон сличност на инструменти за читање. Ова е суштински важна научна последица од трудот: тој не создава готово решение за сите рурални контексти, туку создава јазик преку кој тие контексти може да станат споредливи без да бидат поедноставени. Со тоа, дисертацијата ја надминува границата на локална студија на случај и воспоставува основа за поширока примена — не како копирање обрасци, туку како дисциплиниран превод на просторни правила во нови ситуации.

## 5.8. Премин кон импликации – од анализа кон мерки

Со завршувањето на дискусијата, трудот влегува во фазата во која објаснувачкиот модел мора да ја покаже својата инструментална вредност. До овој момент беше покажано дека трансформацијата на стопанскиот двор не претставува збир од изолирани парцеларни адаптации, туку механизам преку кој се произведуваат разликувачки морфолошки исходи на ниво на селска матрица. Оттука, следниот логичен чекор не е нов опис на состојбите, туку нивна инструментализација: превод на аналитичките сознанија во мерки што дејствуваат на нивото на правила — стопански двор, однос двор – улица и селска матрица — со цел да се поддржат морфолошки читливи, инфраструктурно рационални и социјално одржливи траектории на развој.

Во таа смисла, мерките не треба да се разберат како политика додадена однадвор врз веќе завршена анализа. Напротив, тие се продолжение на доказниот синџир на самиот труд. Кога индикаторот ја регистрира промената, механизмот објаснува како таа дејствува во просторот, а исходот покажува што таа произведува на ниво на селото, мерката се појавува како прецизно насочен одговор на таа причинско-последична врска.

Мерките не претставуваат надворешен додаток, туку продолжение на морфогенетската секвенца на самиот труд:

**индикатор → механизам → исход → мерка**
(приспособен кон профилите на просторна еволуција во трите студии на случај)

Овој премин има и суштинска внатрешна функција во самиот труд. Ако во претходните поглавја стопанскиот двор беше поставен како морфогенетски елемент, дворната матрица како објаснувачка рамка, а двојниот клуч како инструмент за споредливост, тогаш нивната вистинска проверка се случува токму во моментот кога резултатите треба да се преведат во применливи насоки. Со други зборови, дисертацијата не завршува со дијагноза, туку логично бара и архитектонско-планерска артикулација на таа дијагноза. Затоа, следното поглавје не претставува надворешен додаток на научниот дел, туку негова директна последица.

# 6. ПРОСТОРНО-ПЛАНЕРСКИ ИМПЛИКАЦИИ И МЕРКИ

Ова поглавје ги преведува резултатите од морфолошко-типолошката анализа и дискусијата во применливи просторно-планерски насоки за управување со руралната трансформација. Во него мерките не се формулираат како општи препораки или како административен список на интервенции, туку како правила што произлегуваат од аналитичката логика на трудот. Затоа, секоја мерка е поставена преку јасна морфогенетска секвенца: најнапред се препознава индикаторот, потоа се објаснува механизмот преку кој тој индикатор дејствува во просторот, се чита морфолошкиот исход на ниво на селска матрица, а дури потоа се формулира просторно-планерската мерка.

Во таа смисла, предложените импликации се засноваат врз сфаќањето дека стопанскиот двор не е само локална организациска единица на парцелата, туку клучен посредник меѓу домаќинството и селото како просторна целина. Токму затоа и мерките се движат низ три меѓусебно поврзани нивоа:

1. стопански двор;
2. фронт/улица;
3. селска матрица.

На нивото на дворот се третираат границите, пристапите, функционалното зонирање и односот изградено – неизградено; на нивото на улицата се следат ритамот на влезови, пешачките врски и односот меѓу приватното и колективното; а на нивото на селската матрица се управува со јадрата, рабовите, згуснувањето и границите на раст.

Воедно, ова поглавје се надоврзува и на институционалниот контекст во кој руралниот простор на Скопска Црна Гора бил планиран и регулиран. Планската документација за Чучер-Сандево и Побожје, како и општите акти за Бразда и Мирковци, покажуваат дека стопанскиот двор е препознаен во официјалниот урбанистичко-плански и нормативен јазик, но главно како програмска и регулативна единица. Овој труд прави дополнителен исчекор со тоа што го чита дворот и како морфогенетски механизам, односно како просторна структура преку која се произведуваат згуснување, периферизација, пренамена и реконфигурација на селската матрица (ДОО „ЗУАС“-Скопје, 1997a, 1997b; БИЛД ДООЕЛ – извоз-увоз Скопје, 2015a, 2015b).

## 6.1. Основен пакет мерки за трите села

Основниот пакет мерки претставува заедничка рамка валидна за Кучевиште, Горњане и Бродец. Неговата цел не е да ги изедначи трите села, туку да ги адресира оние повторливи механизми што во сите три случаи предизвикуваат морфолошки ризици: фрагментација на парцелата, слабеење на дворната логика, нарушување на односот двор – улица, извлекување на развојната енергија кон периферијата и морфолошки неуправувано ширење.

Токму затоа, основниот пакет мерки е организиран околу четири јадрени теми: стабилност на парцелите, однос двор – улица, згуснување и адаптивна повторна употреба и граница на раст. Овие четири теми не функционираат одделно, туку како поврзан систем. Само кога тие се читаат заедно, мерките можат да дејствуваат не како формална регулатива, туку како инструмент за зачувување и насочување на руралната морфологија.

### 6.1.1. Стабилност на парцелите преку контрола на фрагментација и пристапи

**Индикатор:** ситнење на парцели, појава на слепи пристапи, нови изолирани парцели на раб и дополнителни влезови што ја нарушуваат организацијата на дворот.

**Механизам:** фрагментацијата ја напушта традиционалната дворна организација и ја пренесува трансформацијата од репаративно згуснување кон дисперзно ширење. Новите парцели бараат нови пристапи, нови фронтови и нови линии на влез, со што се распаѓа првичната функционална логика на стопанскиот двор.

**Морфолошки исход:** прекин на континуитетот на ткивото, инфраструктурна неефикасност, појава на периферни парцеларни острови и слабеење на селската читливост.

**Просторно-планерска мерка:** поделба на парцела да се дозволува само кога е обезбеден јасен и функционален пристап, кога се задржува минимален функционален дворен простор и кога новонастанатата структура е морфолошки приклучена на постојната улична мрежа. Да не се стимулираат поделби што создаваат заднинска градба без читлива врска со улицата и без можност за рационално внатрешно зонирање.

Во оваа мерка е важно парцеларната стабилност да не се разбира како целосна непроменливост. Напротив, парцелата може да се адаптира, но секоја адаптација мора да остане структурно разумна. Само така стопанскиот двор ќе остане организациски медијатор, а не случаен остаток околу куќата.

### 6.1.2. Односот двор – улица како посредник меѓу приватното и колективното

**Индикатор:** гаражни фронтови, непроѕирни огради, исчезнување на порти и влезови, прекин на пешачките врски и слабеење на полуприватните прагови.

**Механизам:** фронтот ја посредува релацијата меѓу дворот и улицата; кога се затвора и станува нефункционален, улицата ја губи својата морфолошка и социјална читливост. Наместо слоевит праг, се добиваат низа автономни парцели што комуницираат само технички, а не и просторно.

**Морфолошки исход:** деградација на јавниот простор, прекин на пешачки континуитет, слабеење на микројадрата и распуштање на уличниот фронт како носител на селскиот поредок.

**Просторно-планерска мерка:** фронтот да задржи јасен ритам на влезови и порти, оградите да имаат контролирана пропустливост, паркирањето и гаражите да не доминираат на фронтот, а патечките врски што ги поврзуваат микројадрата да се заштитат и да се обновуваат.

Оваа мерка не бара формално враќање на „традиционален изглед", туку зачувување на морфолошката улога на фронтот. Во селото односот двор – улица не е периферна естетска тема, туку место каде што се решава дали селото ќе остане читливо како поврзан систем или ќе се распадне на изолирани приватни единици.

### 6.1.3. Згуснување и адаптивна повторна употреба како примарна стратегија

**Индикатор:** нова градба на раб паралелно со празнење на јадрото; напуштени, срушени или потценети стопански објекти; намалена употреба на постојните дворни капацитети.

**Механизам:** развојната енергија се излева надвор од селската матрица наместо да се враќа во постојното ткиво. Со тоа јадрото слабее, а периферијата расте без доволна инфраструктурна оправданост и без јасна морфолошка врска со селото.

**Морфолошки исход:** губење јадра, распрснување, периферно растење и зголемување на инфраструктурните трошоци.

**Просторно-планерска мерка:** да се дефинираат зони на згуснување во постојното ткиво каде што адаптациите се дозволуваат и се поттикнуваат, но со услов да се зачува дворната организација. Стопанските објекти да се третираат како ресурс за адаптивна повторна употреба — работилници, складишта со низок интензитет, мали услуги, локален туризам или дополнителни економски програми — со задржување на патеките, границите и функционалното зонирање.

Клучно е згуснувањето да не се изедначи со механичко зголемување на изграденоста. Морфолошки оправдано згуснување е само она што ја репарира матрицата, а не она што ја поништува. Затоа секоја интервенција мора да прави јасна разлика меѓу вистинска празнина и неопходен отворен дворен простор.

### 6.1.4. Граница на раст и морфолошко насочување на експанзијата

**Индикатор:** линеарно распрснување по пристапни патишта, појава на периферни групации без јадро, нови рабни структури што не се врзани со внатрешната логика на селото.

**Механизам:** растот се случува како дисперзија наместо како консолидирање. Патната линија почнува да генерира нова периферна матрица, паралелна на постојното село.

**Морфолошки исход:** фрагментација, слабеење на јадрата, инфраструктурна растегнатост и губење на односот меѓу јадро и раб.

**Просторно-планерска мерка:** да се дефинира јасна граница на раст и ограничени коридори на дозволен развој; новата градба да биде условена со минимален праг на интеграција – континуитет, пристап, врска со мрежата и инфраструктурна носивост; и да се постави приоритет на репарација на матрицата пред екстензивно ширење.

Оваа мерка има сила само ако е поддржана од претходните три. Без парцеларна стабилност, без читлив фронт и без враќање на развојната енергија во јадрото, границата на раст лесно ќе остане формална линија без реално дејство.

### 6.2. Кучевиште (полицентрична рурална средина со компактно ширење)

Кучевиште се чита како полицентрична рурална средина во која просторната читливост не произлегува од еден централен фокус, туку од мрежа на повеќе микројадра. Во таков контекст, главната задача не е создавање нов центар, туку зајакнување на односите меѓу постојните. Истовремено, Кучевиште има компактен модус на ширење. Тоа значи дека потенцијалот на селото не лежи во периферна експанзија, туку во контролирана компресија и во внимателна репарација на веќе оформената матрица. Затоа мерките за Кучевиште мора да ја поддржат полицентричноста без да ја претворат во дисперзија.

#### 6.2.1. Микројадра како точки на проект

**Индикатор:** слабеење на микројадра, прекин на патечките врски, пренасочување на активностите кон рабни делови и намалување на јавната присутност во локалните јазли.

**Механизам:** без коридори, прагови и мали јавни интервенции, полицентричноста почнува да се распаѓа во дисперзија. Мрежата на јадра не исчезнува преку драматичен колапс, туку преку постепено слабеење на врските меѓу нив.

**Морфолошки исход:** разградување на мрежата на јадра, губење на локалната ориентација и слабеење на внатреселската кохезија.

**Просторно-планерска мерка:** микројадрата да се препознаат како приоритетни точки на интервенција, со минимални, но прецизни архитектонско-планерски потези: стабилизирање на пешачките врски, уредување на мал партер, зајакнување на локален праг или мал јавен простор и јасно поврзување со активните дворови околу нив.

Во Кучевиште мерката не треба да произведува нови „урбани центри“, туку да ја поддржи постојната мрежна логика на селото. На тој начин полицентричноста останува морфолошки квалитет, а не распрсната состојба.

#### 6.2.2. Контролирана компресија и зачувување на дворната логика

**Индикатор:** раст на изграденоста што ги брише патеките, ги компресира функционалните зони и го редуцира отворениот дворен простор.

**Механизам:** прекумерната компресија ја слабее дворната матрица: стопанските и станбените содржини ја губат јасната организација, а фронтот кон улицата се претвора во технички појас без просторен праг.

**Морфолошки исход:** губење на дворната граматика, деградација на фронтовите и постепено слабеење на полицентричната читливост.

**Просторно-планерска мерка:** згуснувања, доградби и пренамени да се дозволуваат само ако се зачува минимум функционален дворен простор, јасни патеки и пристапи, читлив влез или порта кон улица и можност за препознатливо функционално зонирање во рамките на парцелата.

Во Кучевиште компресијата треба да биде контролирана, не за да се спречи развојот, туку за да се обезбеди дека секоја нова интервенција ја продолжува логиката на местото.

### 6.3. Горњане (компактна рурална средина со дифузно ширење)

Горњане претставува случај во кој компактната морфолошка основа не гарантира и компактен модус на современ развој. Напротив, селото покажува дека е можно јадрото да остане историски компактно, а растот да се префрли кон работ и да произведе дифузна траекторија. Токму затоа, овде главниот проблем не е губење на формата преку внатрешен колапс, туку периферизација. Во таков контекст, главната планерска задача е развојната енергија да се врати во постојното јадро, а рабовите да се дисциплинираат. Ако не се случи тоа, Горњане лесно може да премине од компактна состојба во трајно распрснат образец со висока инфраструктурна цена.

#### 6.3.1. Насочување на развојот кон внатрешна консолидација

**Индикатор:** нова градба на раб и редукција, стагнација или напуштање во јадрото.

**Механизам:** растот ја губи врската со селската матрица и го слабее историското јадро, кое останува морфолошки присутно, но функционално ослабено.

**Морфолошки исход:** компактна основа со дифузен модус на ширење, празнење на јадрото и слабеење на внатрешната кохезија.

**Просторно-планерска мерка:** да се воспостави строг режим на граница на раст, со јасни зони на внатрешно згуснување и инфраструктурен приоритет за интервенции во јадрото. Адаптациите, пренамените и новите мали програми да се стимулираат внатре во постојното ткиво пред да се дозволи активирање на периферни линии.

Оваа мерка е суштинска затоа што за Горњане иднината не зависи од тоа дали ќе има раст, туку од тоа каде ќе биде насочен тој раст и дали ќе работи во полза на јадрото или против него.

#### 6.3.2. Парцеларна дисциплина на раб

**Индикатор:** нови ситни парцели со нефункционални пристапи, рабни поделби што создаваат нова микроструктура без вистинска врска со јадрото.

**Механизам:** сегментацијата создава дисперзни периферни структури што не се надоврзуваат на компактниот модел на селото, туку воспоставуваат паралелен образец на раст.

**Морфолошки исход:** фрагментација, инфраструктурна неефикасност и продлабочување на периферизацијата.

**Просторно-планерска мерка:** да се воведе силна рестрикција за нови парцели без јасен јавен пристап; развојот по рабните патни линии да се условува со континуитет, минимална густина и јасна врска со селската мрежа; да не се дозволува формирање на нови изолирани парцеларни острови.

Во Горњане парцеларната дисциплина на работ е клучна затоа што токму на работ секоја поединечна интервенција има несразмерно големо морфолошко влијание.

### 6.4. Бродец (дифузна рурална средина со полицентрично ширење)

Бродец е пример во кој дифузната морфолошка основа не треба однапред да се чита како слабост. Во ова село дифузноста произлегува од топографијата, пристапноста и разбиената структура на населувањето. Но токму во таква средина станува видливо дека растот може да се насочи не кон уште поголема распрснатост, туку кон полицентрична артикулација преку кластери и нови точки на активност. Затоа во Бродец не треба да се наметнува компактен модел што би бил туѓ на неговата просторна логика. Главната задача е дифузноста да добие структура, а не да се поништи.

#### 6.4.1. Кластери како легитимен модел на раст

**Индикатор:** изолирани нови структури надвор од точки на активност, рабни интервенции без врска со постојни групирања и пристапни линии.

**Механизам:** дисперзијата создава острови без релациска економија и без можност да станат носители на стабилна просторна структура.

**Морфолошки исход:** дифузност како неконтролирано ширење, дополнително распрснување и слаба поврзаност меѓу деловите на селото.

**Просторно-планерска мерка:** да се дефинираат кластери, односно микројадра, како легитимни зони на дозволен развој; да се ограничува изолирана градба надвор од кластерите; и секоја нова интервенција да се условува со докажлива врска со пристапната мрежа и со постојните точки на активност.

Во Бродец полицентричноста не треба да се чита како урбана хиерархија, туку како мрежа на повеќе јазли што ја структурираат дифузноста. Токму затоа кластерите се најсоодветната форма на планерско насочување.

#### 6.4.2. Пренамени што ја задржуваат дворната логика

**Индикатор:** пренамени што го „порамнуваат“ дворот – паркинг-доминација, целосно поплочување, затворени огради, бришење на патеките и исчезнување на функционалното зонирање.

**Механизам:** бришењето на дворните правила ја намалува читливоста на одделните групирања и ја прекинува врската меѓу дворот и пошироката селска матрица.

**Морфолошки исход:** дополнителна фрагментација, деградација на фронтовите и губење на организациската логика на кластерите.

**Просторно-планерска мерка:** пренамените да се дозволуваат само кога ги задржуваат патеките, границите, влезовите и основната дворна граматика; да се ограничуваат интервенции што го уништуваат зонирањето и го претвораат дворот во нечитлива, техничка површина.

Во Бродец токму ваквите пренамени се клучни, затоа што селото има потенцијал дел од својата трансформација да ја води преку нови сместувачки, услужни и туристички програми, но само ако тие програми ја продолжуваат, а не ја бришат дворната логика.

## 6.5. Мониторинг на мерките

За да не останат мерките само аналитички оправдани препораки, потребно е да се воспостави минимален, но конзистентен систем на мониторинг. Следењето во ова поглавје не се воведува како техничка формалност, туку како завршен инструмент на целата дисертациска логика. Ако анализата покажа дека стопанскиот двор произведува различни морфолошки исходи во Кучевиште, Горњане и Бродец, тогаш мониторингот мора да покаже дали тие исходи се движат кон консолидација или кон натамошна деградација.

Најсоодветно е овој мониторинг да се спроведува периодично, на секои две-три години, со иста матрица на читање и на исти чувствителни точки во селата. Во почетната фаза не е неопходен сложен статистички апарат; многу поважно е да се обезбеди конзистентност на набљудувањето преку теренска евиденција, повторлива фотодокументација и ажурирање на основните картографски и катастарски траги.

Минималниот сет индикатори може да биде следниов:

1. Удел на згуснување во постојното ткиво наспроти нова градба на раб
   (овој индикатор покажува дали развојната енергија се враќа во јадрото или и натаму се излева кон периферијата);
2. Број и карактер на парцеларни поделби
   (особено е важно да се следат оние поделби што создаваат нефункционален пристап, задининска градба или нови изолирани парцели);
3. Промена на однос изградено – неизградено кај репрезентативни дворови по тип
   (овој индикатор овозможува да се следи дали компресијата останува контролирана или станува деструктивна по дворната организација);
4. Статус на стопанските објекти – активни, пренаменети или срушени
   (овој индикатор директно ја чита траекторијата меѓу реактивација и редукција);
5. Квалитет на односот двор – улица
   (се следат пропустливоста на оградите, ритамот на влезови, доминацијата на гаражи и зачуваноста на праговите кон улицата);
6. Функционалност и поврзаност на микројадрата
   (ова е особено важно за Кучевиште и Бродец, но е релевантно и за Горњане, бидејќи покажува дали локалните јазли зајакнуваат или слабеат).

Ваквиот мониторинг овозможува секој нов циклус да го задржи истиот аналитички ред: прво се чита индикаторот, потоа механизмот, потоа исходот, а дури на крај се ревидира мерката. Со тоа мерките не се менуваат произволно, туку врз основа на препознаен причинско-последичен однос во просторот.

Во поширока смисла, ваквиот пристап е усогласен и со современите развојни приоритети за руралните средини во кои одржливоста не се сведува само на примарното производство, туку и на инфраструктура, услуги, диверзификација на локалната економија и способност на селото да задржи активна популација. Токму затоа, мониторингот не е само технички завршеток на ова поглавје, туку услов предложените мерки навистина да функционираат како инструмент за морфолошки читлив, инфраструктурно рационален и социјално одржлив рурален развој (МЗШВ, 2021).

## ЗАКЛУЧОК

Овој докторски труд ја заокружува својата истражувачка и проектантска логика преку јасен заклучок: просторните промени во селата на Скопска Црна Гора не се случаен збир од поединечни доградби, пренамени или рушења на објекти, туку морфолошки читлив процес што може да се објасни, да се спореди и да се насочи. Во средиштето на таа читливост се наоѓа стопанскиот двор. Трудот покажа дека стопанскиот двор не е остаток од минатата аграрна организација, ниту спореден елемент околу куќата, туку основен морфогенетски носител преку кој промените на микроскалата на парцелата се пренесуваат кон пошироката макроскала на селска матрица.

Главната теза на дисертацијата беше дека трансформацијата на стопанските дворови, преку промени во нивната функционална и организациска структура, директно влијае врз морфолошката структура на селата и врз нивната просторна еволуција. Спроведеното истражување ја потврди оваа теза. Промените во односот изградено – неизградено, редукцијата или пренамената на стопанските објекти, модификацијата на пристапите и границите и трансформацијата на односот двор – улица не остануваат затворени во рамките на една парцела. Напротив, тие произведуваат препознатливи морфолошки исходи на ниво на селото како што се континуитет или распуштање на ткивото, јакнење или слабеење на јадрата, згуснување или периферизација, компактни или дифузни траектории на раст. Со тоа, трудот не останува само на ниво на опис на појавите, туку воспоставува објаснувачка врска меѓу индикаторот, механизмот и исходот.

Еден од клучните резултати на дисертацијата е развивањето на концептот „дворна матрица“ како систем на повторливи просторни правила преку кои стопанскиот двор ја организира парцелата и посредува кон селската матрица. Во рамките на ова истражување, дворната матрица не беше разбрана како стилска или формална шема, туку како организациска структура составена од: граници, пристапи, внатрешни патеки, зонирање, однос меѓу куќата и стопанските објекти и однос меѓу дворот и улицата. Трудот покажа дека токму кога оваа организациска структура се одржува, адаптира или контролирано се трансформира, селската морфологија останува читлива и стабилна. Обратно, кога таа се брише преку фрагментација, преголема компресија, резиденцијализација без просторен ред или периферно распрснување, почнува да се распушта и поширокиот морфолошки поредок на селото.

Посебна аналитичка вредност има типолошкиот дел од трудот. Дисертацијата покажа дека типот е научно продуктивен само тогаш кога не се третира како каталог на форми, туку како код на организациска логика. Типологијата на стопанските дворови овозможува тие да се читаат како просторна структура со сопствени правила на составување и трансформација. Интегралните, дисперзираните, компактните и фрагментираните типови на стопанските дворови не беа важни само како описни категории, туку како аналитички алатки преку кои се следеше дали дворната логика се задржува, редуцира, хибридизира или се распушта. Со тоа, типологијата стана средство за читање на транзиции и механизми, а не само на затекнати состојби.

Истражувањето даде јасен одговор и на прашањето за споредливоста меѓу различни рурални контексти. Наместо да се бара еден универзален модел на село, беше воведен двоен клуч: „тип на рурална средина“ и „тип на ширење“. Овој аналитички инструмент овозможи различните села да се читаат според сопствените просторни логики, но и да останат споредливи во рамките на ист методолошки систем. Така, дисертацијата покажа дека иста регионална рамка не продуцира исти исходи. Напротив, токму преку двојниот

клуч стана јасно дека просторното однесување на селото зависи од конкретната конфигурација на стопанските дворови, парцелите, јадрата и ткивото, а не само од неговата положба во поширокиот регион.

Кучевиште се потврди како полицентрична рурална средина со компактен модус на ширење. Во него коегзистираат повеќе типови на стопански дворови, што создава слоевита и структурно диференцирана селска матрица. Но таа разновидност не води кон хаос, туку кон мрежа на микројадра и локални точки на активност. Компактниот модус на ширење не произлегува од моноцентрична концентрација, туку од постепено згуснување, компресија и адитивни интервенции во рамките на постојните парцели. Оттука, Кучевиште покажа дека полицентричноста во рурален контекст не мора да значи распрснатост, туку може да се одржува како внатрешно диференцирана, но морфолошки стабилна целина.

Горњане, напротив, се потврди како компактна рурална средина со дифузен модус на ширење. Неговата морфолошка логика е поставена врз збиена основа, но анализата покажа дека токму во рамките на тој компактен систем се активираат механизми на просторна компресија, функционална редукција и постепена резиденцијализација на дворовите. Тоа доведува до прелевање на развојот кон рабовите на селото и до создавање периферни структури со пониска густина и послаба внатрешна поврзаност. На тој начин, Горњане покажа дека компактната форма сама по себе не е гаранција за одржлива морфолошка траекторија, па затоа таа мора да биде поддржана со внатрешна консолидација и со дисциплина на парцеларната и рабната логика.

Бродец се издвојува како дифузна рурална средина со полицентричен модус на ширење. Неговата разбиена планинска матрица не треба да се чита како недостаток што мора да се исправи преку вештачка компактност, туку како специфична просторна состојба што може да се структурира преку јасни кластери, коридори и микројадра. Анализата покажа дека овде трансформацијата на дворовите, особено преку окрупнување и пренамена, може да создава повеќе активни точки во рамките на разбиената матрица. Тоа значи дека во Бродец дифузноста не е нужно знак на морфолошка слабост, односно проблем настанува само тогаш кога дифузноста преминува во неконтролирана дисперзија без релациска логика.

Компаративната синтеза на трите студии на случај ја потврди суштинската научна вредност на трудот:

- просторното читање на селото се пренасочи од општи наративи кон конкретни генеративни механизми;
- се покажа дека трансформациите на стопанските дворови не се еднообразни, туку произведуваат различни профили на просторна еволуција, зависно од потесниот морфолошки и функционален контекст;
- се потврди дека руралната трансформација не може да се разбере само како прашање на пораст или опаѓање на изграденоста, туку како промена на правилата што го организираат просторот.

Со тоа, трудот ја помести анализата од форма како статична слика кон форма како израз на активна просторна логика.

Научниот придонес на дисертацијата може да се формулира на три нивоа:

1. Теориски, трудот го редефинира стопанскиот двор како морфогенетски елемент и ја воспоставува „дворната матрица“ како објаснувачка рамка за руралната морфологија.

2. Методолошки, трудот развива репликативен аналитички протокол што ги поврзува единиците на анализа, индикаторите, механизмите и морфолошките исходи во дисциплинирана морфогенетска секвенца.
3. Емпириски, трудот нуди компаративна дијагноза на просторните траектории во селата на Скопска Црна Гора и покажува дека тие можат да се профилираат, да се споредуваат и да се преведат во применливи правила.

Во таа смисла, дисертацијата не функционира само како интерпретативен модел, туку и како аналитичка основа за архитектонско и планерско дејствување.

Особено значајно е што трудот го покажа и јазот меѓу институционалната препознатливост на стопанскиот двор и неговото научно објаснување. Во документарниот и нормативно-плански корпус, стопанскиот двор е препознаен како програмска и функционална единица, но не е целосно разбран како механизам што генерира морфолошки последици. Овој труд ја пополнува токму таа празнина. Тој покажува дека преку трансформацијата на стопанскиот двор се продуцираат различни просторни промени, како што се: згуснување, периферно ширење, функционална пренамена, реконфигурација на парцелата и постепено преобликување на селската матрица. Со тоа, дисертацијата ја проширува расправата од нивото на нормативно препознавање кон нивото на морфолошко објаснување.

Во практична смисла, заклучокот на трудот води кон јасна просторно-планерска поука: руралниот развој не треба да се управува исклучиво преку програмска намена и поединечни објекти, туку преку правила што ја одржуваат или ја коригираат логиката на стопанските дворови. Токму затоа предложените просторно-планерски мерки не се надворешен додаток, туку директен извод од резултатите на истражувањето. Стабилноста на парцелите, контролата на фрагментацијата, јасниот однос двор – улица, згуснувањето и адаптивната повторна употреба, границата на раст и морфолошкото насочување на експанзијата не се административни технички мерки, туку правила за зачувување и репарација на руралната читливост. Во таа рамка, профилираните мерки за Кучевиште, Горњане и Бродец дополнително потврдуваат дека научната анализа може да произведе прецизни проектантски импликации. Кучевиште има потреба од јакнење на микројадрата и контролирана компресија; Горњане има потреба од внатрешна консолидација и строга дисциплина на раб; а за Бродец е потребна кластерска логика и пренамени што ја задржуваат дворната логика. Мониторинг-сетот предложен во трудот е особено важен бидејќи овозможува мерките да не останат декларативни, туку да станат проверливи низ времето. Така, заклучокот на дисертацијата не се сведува на ретроспективно сумирање, туку ја отвора можноста за континуирано следење и адаптивно управување со руралните трансформации.

Секако, трудот јасно ги препознава и сопствените граници. Предложениот модел е најсилен таму каде што стопанскиот двор историски функционира како организациски носител на продуктивна програма и како посредник меѓу приватното и колективното. Тој не треба да се разбира како универзален рецепт, туку како аналитички јазик што бара внимателна калибрација кога се применува во контексти со радикално изменета продуктивна логика или со поинаква историја на парцеларна организација. Токму затоа, трансферибилноста на пристапот не се темели врз сличност на формите, туку врз сличност на правилата. Суштинската методолошка порака на дисертацијата е дека она што може да се пренесе од еден рурален контекст во друг не е каталогот на облици, туку начинот на кој просторот се организира, се трансформира и се чита.

Насоките за натамошно истражување произлегуваат директно од овој заклучок:

1. Пристапот треба да се тестира и во други рурални региони на Македонија за да се провери колку дворната матрица останува читлива во различни природногеографски и културни средини.
2. Потребни се подлабоки дијахрони анализи што ќе ги поврзат морфолошките промени со подолги временски серии, вклучително и со дигитални картографски и сателитски алатки.
3. Дополнително може да се разработи односот меѓу трансформација на стопанските дворови и демографските, економските и социјалните состојби во селата, особено во услови на стареење на населението, сезонско користење и развој на туризам.
4. Од резултатите на ова истражување може да се развие пооперативен проектантски прирачник за интервенции во руралните средини, со визуелни модели и правила што директно ќе им служат на архитектите, урбанистите и на локалните самоуправи.

На крај, најсилната порака на овој труд е едноставна, но многу суштинска, а тоа е дека иднината на македонското село не може да се мисли само преку зачувување на поединечни објекти, ниту само преку економски програми и административни мерки, туку таа мора да се мисли преку просторот што го организира секојдневниот живот, работата и односите меѓу индивидуалното и колективното. Во селата на Скопска Црна Гора тој простор е стопанскиот двор. Затоа, доколку архитектурата и планирањето навистина сакаат да дејствуваат врз руралната трансформација, тие мора да почнат од стопанскиот двор затоа што токму таму селото најјасно ја покажува својата меморија, својата сегашност и можните насоки за својата иднина.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Кирилични извори (домашна и регионална литература):


Ачкоска, В. (Ред., комент. и прев.). (1997). *Аграрната реформа и колонизацијата во Македонија 1944–1953: Документи*. Институт за национална историја.

БИЛД ДООЕЛ – извоз-увоз Скопје. (2015а, април). *Општ акт за село Бразда, Општина Чучер Сандево* [Општ акт].

БИЛД ДООЕЛ – извоз-увоз Скопје. (2015b, април). *Општ акт за село Мирковци, Општина Чучер Сандево* [Општ акт].

Волињец, Р. (1972). Село Битуше – рурален амбиент и архитектура. *Годишен зборник на Архитектонско-градежниот факултет – Одделен отпечаток*, 117–133.

Грабријан, Д. (1986). *Македонска куќа: Или преод од стара ориенталска во современа европска куќа*. Мисла.

Дамев, О. (1982). Доходување и потрошувачката на мешовитите домаќинства во преобразбата на селото во СР Македонија. *Географски разгледи, 20,* 117–131.

Даскаловски, В. (1985). Просторни детерминанти на популацискиот развиток на селата во Скопската Котлина. *Годишен зборник на Институтот за географија, 29,* 57–83.

Даскаловски, В. (1993). Миграциони процеси во руралната средина во Скопската Котлина. *Годишен зборник на Институтот за географија, 31–32,* 5–35.

Даскаловски, В. (1999). Демогеографскиот развој на руралната популација во Скопската Котлина. *Годишен зборник на Институтот за географија, 33–34,* 59–78.

Дероко, А. (1974). *Народна архитектура – књига 2: Фолклорна архитектура у Југославији*. Научна књига.

Државен завод за статистика. (1948–2002). *Население по возраст и по пол, по населени места, според пописите спроведени во Република Македонија по Втората светска војна*.

Државен завод за статистика. (2021). *Вкупно резидентно население на Република Северна Македонија според етничката припадност, по населени места: Попис 2021*.

ДОО за урбанизам, архитектура и инженеринг „ЗУАС“ - Скопје. (1997а, јуни). *Генерален урбанистички план за седиште на Општина Чучер-Сандево, плански период 1997–2007* [Генерален урбанистички план].

ДОО за урбанизам, архитектура и инженеринг „ЗУАС“ - Скопје. (1997b, септември). *Урбанистичка документација за село Побожје, плански период 1997–2002* [Урбанистичка документација].

Којић, Б. (1958). *Сеоска архитектура и руризам: Теорија и елементи*. Грађевинска књига.

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. (2021). *Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2021–2027 година*.

Министерство за животна средина и просторно планирање. (2004). *Просторен план на Република Македонија 2002–2020*.

Муличкоски, П. (2000). *Духот на македонската куќа*. АЕА Издавачи; Книгоиздавателство „Мисла“.

Намичев, П. (2009). *Селската куќа во Македонија: Типологија и етнологија на македонската селска куќа од XIX и почетокот на XX век*. Министерство за култура на Р. Македонија – Управа за заштита на културното наследство.

Намичев, П., & Намичева, Е. (2018). *Традиционалната архитектура во Скопска Црна Гора од 19-от и почетокот на 20-от век.*

Обребски, Ј. (2002). Ритуалот и социјалната структура во едно македонско село. *ЕтноАнтропоЗум / EthnoAnthropoZoom,* (2), 229–251.

Панов, М. (1971). Разместеност на населбите и демографската структура на населението во Скопската Котлина. *Годишен зборник на Географскиот институт, 67,* 1–87.

Панов, М. (1981). Промени во населеноста на ридските и планинските подрачја во СР Македонија во периодот 1961–1978 година. *Зборник на трудови од Републичкиот симпозиум „Природни и*

*социогеографски проблеми на ридско-планинските подрачја“* (стр. 7–18). Сојуз на географските здруженија на СР Македонија.

Панов, М. (1998). *Енциклопедија на селата во Република Македонија*. Патрија.

Радевски, А., & Павловски, Н. (2023). *Проектирање на стопански објекти и комплекси*. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет.

Симоновић, Ђ., & Рибар, М. (1993). *Уређење сеоских територија и насеља* (2. прерађено и допуњено издање). ИБИ – инжењеринг и пројектовање.

Спировски, С. (1981). Скопска Црна Гора: Туристичко значење. *Географски видик, 1*, 67–73.

Темелкоска, Т. (1981). Трансформација на селските населби под влијание на урбанизацијата на примерот на Лескоец и Велгошти. *Географски разгледи, 18–19*, 100–111.

Томовски, К. (1968). Село Долно Водно. *Годишен зборник на Архитектонско-градежниот факултет – Одделен отпечаток*, 35–45.

Томовски, К. (1972a). Народната архитектура во Преспа. *Годишен зборник на Архитектонско-градежниот факултет – Одделен отпечаток*, 47–84.

Томовски, К. (1972b). Селската архитектура во Македонија. *Стара селска архитектура – заштита и ревитализација* (стр. 23–34). Графички завод „Гоце Делчев“.

Томоски, С. (1960). *Македонска народна архитектура*. Универзитетска печатница.

Трифуноски, Ј. Ф. (1971). *Скопска Црна Гора: Природна средина, прошлост, насеља, становништво и привреда: (са скицама, фотографијама и картом) = Skopska Crna Gora: Anthropogeographische Forschungen*. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Халперн, Џ. М., & Керевски-Халперн, Б. (2004). Писма од Македонија. *ЕтноАнтропоЗум / EthnoAnthropoZoom*, (4), 120–186.

Латинични извори (меѓународна литература):

Alexander, C., Ishikawa, S., Silverstein, M., Jacobson, M., Fiksdahl-King, I., & Angel, S. (1977). *A pattern language: Towns, buildings, construction*. Oxford University Press.

Briggs, C. (2023). Current trends and future directions in the rural history of later medieval England (c. 1200–c. 1500). *Rural History, 34*(2), 318–329.

Brundtland Commission. (1987). *Report of the World Commission on Environment and Development*. United Nations.

Burchardt, J. (2024). From field walking to phenomenology: A review of recent British landscape historiography. *The Historical Journal, 67*(3), 583–609.

Edallo, A. (1946). *Ruralistica, urbanistica rurale, con particolare riferimento alla Valle Padana: Il paese rurale, l'azienda rurale, la casa rurale, in funzione dell'organizzazione agricola attuale e futura*. Ulrico Hoepli.

European Commission, Food and Agriculture Organization of the United Nations, United Nations Human Settlements Programme, International Labour Organization, Organisation for Economic Co-operation and Development, & The World Bank. (2021). *Applying the degree of urbanisation: A methodological manual to define cities, towns and rural areas for international comparisons* (2021 edition). Publications Office of the European Union.

ESPON EGTC. (2020a). *SUPER: Sustainable urbanisation and land use practices in European regions: Main report.*

ESPON EGTC. (2020b). *SUPER: Sustainable urbanisation and land use practices in European regions: Annex 4. Sustainability assessment and scenarios.*

Gabrijelčič, P., & Fikfak, A. (2001). *Rurizem in ruralna arhitektura.* Univerzitet u Ljubljani – Fakulteta za arhitekturo.

García-Martín, M., Quintas-Soriano, C., Torralba, M., Wolpert, F., & Plieninger, T. (2021). Landscape change in Europe. In T. Weith et al. (Eds.), *Sustainable land management in a European context*. Springer.

Hayden, D. (2004). *A field guide to sprawl*. W. W. Norton & Company.

Hennig, E. I., Schwick, C., Soukup, T., Orlitová, E., Kienast, F., & Jaeger, J. A. G. (2015). Multi-scale analysis of urban sprawl in Europe: Towards a European de-sprawling strategy. *Land Use Policy*, *49*, 483–498. https://doi.org/10.1016/j.landusepol.2015.08.001

James, P., Magee, L., Scerri, A., & Steger, M. B. (2015). *Urban sustainability in theory and practice: Circles of sustainability*. Routledge.

Kojić, B., & Simonović, Đ. (1975). *Seoska naselja Srbije*. Izdavačko-informativni centar studenata.

Lake, J., & Edwards, B. (2008). *Historic farmsteads and landscapes in Jersey: Their character and local distinctiveness* (Historic Building Study No. 2). Jersey Heritage; States of Jersey Planning and Environment Department.

Lake, J., & Edwards, B. (2016). *Historic farmsteads: A manual for recording*. Historic England.

Norberg-Schulz, C. (1971). *Existence, space & architecture*. Praeger.

Palang, H., Printsmann, A., Gyuró, É. K., Urbanc, M., Skowronek, E., & Wołoszyn, W. (2006). The forgotten rural landscapes of Central and Eastern Europe. *Landscape Ecology, 21*, 347–357.

Palang, H., Sooväli, H., Antrop, M., & Setten, G. (Eds.). (2004). *European rural landscapes: Persistence and change in a globalising environment*. Springer.

Prandi, E. (Ed.). (2022). Moderno rurale. Temi e contesti / Rural modern. Themes and contexts [Special issue]. *FAMagazine, 62–63*.

Ribar, M. (1995). *Seosko stanovanje centralne Srbije*. Arhitektonski fakultet Univerziteta u Beogradu.

Roberts, B. K., & Wrathmell, S. (2002). *Region and place: A study of English rural settlement*. English Heritage.

Rossi, A. (1982). *The architecture of the city* (D. Ghirardo & J. Ockman, Trans.). MIT Press. (Original work published 1966)

Rudofsky, B. (1964). *Architecture without architects*. The Museum of Modern Art.

Sachs, J. D. (2015). *The age of sustainable development*. Columbia University Press.

Sereni, E. (1961). *Storia del paesaggio agrario italiano* (2nd ed.). Laterza.

Turnšek, B. (2007). Gornja Studena village in the context of sustainable development. *Facta Universitatis: Architecture and Civil Engineering, 5*(2), 125–140.

Turnšek, B., Jevremović, L., & Vrećić, S. (2014, May 8–10). Village Knez Selo in the context of sustainable development. Paper presented at the 2nd ICAUD International Conference in Architecture and Urban Design, Epoka University, Tirana, Albania.

United Nations. (2015). *Resolution adopted by the General Assembly on 25 September 2015: Transforming our world: The 2030 agenda for sustainable development*. https://www.un.org/en/development/desa/population/migration/generalassembly/docs/globalcompact/A_RES_70_1_E.pdf